# ВЕТУВАЊЕ –
# БОЖЈИОТ ВЕЧЕН ЗАВЕТ

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
април, мај, јуни 2021

**ИСАИЈА: „ТЕШЕТЕ ГО МОЈОТ НАРОД“**
Автор: Герхард Ф. Хазел

Број 2/2021

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**
Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Коригирал:*
**Томе Трајков**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

**За интерна употреба**

СОДРЖИНА:


1. Што се случило?.......................................................... 7

2. Заветен буквар.......................................................... 14

3. „За сите идни генерации“ .......................................... 21

4. Вечниот завет .......................................................... 28

5. Деца на ветувањето ................................................. 35

6. Потомците на Аврам ................................................ 42

7. Заветот од Синај ...................................................... 49

8. Заветниот закон........................................................ 56

9. Знак на заветот ........................................................ 63

10. Нов завет ................................................................. 70

11. Новозаветното светилиште ..................................... 77

12. Завет на верата ....................................................... 84

13. Новозаветен живот ................................................ 91


**Додаток**


Утрински стихови - април ............................................... 98

Утрински стихови - мај .................................................... 99

Утрински стихови - јуни ................................................. 100

Секојдневно читање на Библијата.................................. 102

Текстови за вечерно Богослужение.................................103

Табели за почеток на саботата во Македонија.................. 104-106

# ЗАВЕТ



Во 1588 година, една млада Англичанка (во седмиот месец од бременоста) погледнала кон морето, и она што го видела – шпанска армада од 130 тешко вооружени бродови кои се подготвувале да го нападнат нејзиниот остров – ја исплашило толку многу што имала предвремено породување – страв и трепет на секоја бабица.

Стравот е, всушност, соодветна слика за нејзиното дете, Томас Хобс, кој станал еден од најголемите европски политички теоретичари. Со оглед на тоа што тој живеел во време кога Англија била пустошена од граѓанска војна и постојано религиозно насилство, Хобс напишал дека човештвото, без силна сеопфатна влада, се наоѓа во состојба на постојан страв – од нестабилност, освојување, а најмногу од смрт. Луѓето живеат во, како што тој го нарекува тоа, „војна на сите против сите“, и ако не се преземе нешто радикално, човечкиот живот ќе биде, предупредувал тој, ништо друго освен „осамен, мизерен, непријатен, суров и краток“.

Кое е решението? Хобс тврдел дека постои само едно решение – луѓето мора да се потчинат на една сила што ќе ги сведе сите поединечни волји на една волја, за потоа таа да може да има целосен авторитет над сите. Тој авторитет, тој суверен – без разлика дали се работи за поединец или група на луѓе – иако има апсолутна надмоќ над народот, ќе стави крај на оваа ужасна ситуација што го прави нивниот живот толку нестабилен и застрашувачки. Со други зборови, во замена за сите свои права, луѓето добиваат мир и сигурност. Ова пренесување на власта од народот на суверениот е она што Хобс го нарекува „завет“.

Меѓутоа, идејата за завет не доаѓа од Хобс. Напротив, Бог воспоставил завет со израелскиот народ илјадници години порано – завет чии корени, всушност, продираат уште подлабоко во минатото. За разлика од заветот на Хобс, кој е иницииран и објавуван од луѓе, тој завет бил инициран и објавуван од вистинскиот Суверен, Создателот на небото и земјата. Покрај тоа, додека заветот на Хобс бил мотивиран исклучиво од страв, Божјиот завет е мотивиран од љубов – од Неговата љубов кон паднатиот човечки род, љубов што го одвела на Крст.

Така, заради она што Христос го направил за нас, ние му ја возвраќаме љубовта на Бога и исто како што, според заветот на Хобс, поданиците му се предаваат на суверениот, и ние му се предаваме – му ги предаваме нашите грешни патишта, нашите стравови и изопачени перцепции за тоа што е правилно и што погрешно. Ние не го правиме ова за да добиеме нешто за возврат, туку затоа што веќе го добивме најдоброто што може да ни го даде Суверениот – Исус Христос и откупувањето што се наоѓа само во Него.

Како функционира сето тоа? Тоа едноставно е размена: Христос ги зема нашите гревови и ни ја дава Неговата праведност, за да може, преку Него, да бидеме прифатени како праведни, како што е Бог праведен. Затоа, гревот веќе не ни се припишува, тој повеќе не мора да нè одвојува од Него. Убијци, прељубодејци, луѓе полни со предрасуди, измамници, крадци, дури и оние што сториле инцест, може се сметаат за праведни, како што е праведен и самиот Бог. А тој чудесен дар, таа додадена праведност, доаѓа преку верата и само преку верата. Оттука произлегува изразот „праведност преку верата“.

Но, не се завршува само на тоа. Убијци, прељубници, луѓе полни со предрасуди, лажговци, крадци, дури и оние што извршиле инцест, можат преку Исуса да стапат во заедница со Бога, затоа што Исусовата крв носи не само проштавање, туку и очистување, исцелување и обновување. Преку Христа, ние доживуваме ново раѓање, а преку тоа искуство Бог го пишува својот свет закон на плочите на нашето срце од месо. Благодарение на тоа, убијците, прељубниците, луѓето полни со предрасуди, лажговците, крадците, дури и оние што правеле инцест, повеќе не го прават она што некогаш го правеле. Овој закон и врз основа на него, го обликува целокупниот живот на верникот. Овие луѓе сакаат да го манифестираат она што Бог го всадил во нив, а таа желба е сообразена со ветувањето за божествена сила. Тоа, всушност, значи да се живее во заветен однос со Бога.

Затоа ова тримесечје подетално ќе го разгледаме Божјиот завет – што претставува тој, што нуди и што бара. Иако доаѓа од различни извори, оваа поука во голема мера се потпира на делото на покојниот д-р Герхард Хазел, чиј увид во Речта (во која се откриени заветните ветувања) ќе ни овозможи охрабрување, надеж и разбирање за да можеме да научиме нешто што веројатно Хобс никогаш не го научил: „Во љубовта страв нема, туку совршената љубов го изгонува стравот“ (1. Јованово 4,18).

*Герхард Ф. Хазел (д-р од Универзитетот Вандербилт) беше професор по Стар завет и библиска теологија на Адвентистичкиот теолошки факултет на Универзитетот Џон Невинс Ендрус. Од 1981 до 1988 година работел како декан на факултетот, а 27 години бил директор на програмата за докторски студии од областа на теологијата и филозофијата.*

Поука 1
Од 27 март до 2 април 2021

# ШТО СЕ СЛУЧИЛО?



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 100,3; Дела 17,26; 1. Мојсеева 2,7.18-25; 1. Мојсеева 1,28.29; 1. Мојсеева 3,15.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Потоа Бог рече: ‘Да создадеме човек според Нашиот образ (и) според Нашето подобие како што сме Ние... И Бог го создаде човекот според образот Свој, според образот Божји го создаде; машко и женско ги создаде“ (1. Мојсеева 1,26.27).**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

Библискиот извештај за создавањето на човештвото е полн со задоволство, надеж и совршенство. Секој ден од Создавањето завршувал со божествената објава дека сè е „добро“. Ова, секако, не вклучувало тајфуни, земјотреси, глад и болести.

Што се случило тогаш?

Шестиот ден на Создавањето завршил со божествената објава дека сè е „многу добро“. Бидејќи, на тој ден, Бог создал битија според својот лик – луѓе. Според извештајот на 1. Мојсеева, Тој не направил такво нешто со ниту едно друго суштество. Овие битија, се разбира, биле совршени во секој поглед – морале да бидат. Конечно, тие се создадени според Божјиот лик. Оттука, по природата на нештата, меѓу нив немало убијци, крадци, лажговци, измамници и никаквеци. Што се случило тогаш?

Оваа седмица ќе го разгледаме Создавањето – што Бог создал прво, и што потоа се случило со таа совршена Творба. На крајот на краиштата, тоа ја допира темата за ова тримесечје – што прави Господ за повторно да доведе сè во ред.

**РЕЗИМЕ**

*Што учи Библијата за потеклото на сè што постои? Каков меѓусебен однос сака Бог да воспостави со човештвото? Која била целта на дрвото на познавање на доброто и злото? Каква надеж им била дадена на Адам и Ева веднаш по нивниот пад?*

## ЖЕЛКИ ДОЛЖ ЦЕЛИОТ ПАТ...

**„Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата“ (1. Мојсеева 1,1).**

Еден научник тукушто одржал предавање за орбитите на планетите кои кружат околу сонцето и орбитата на сонцето кое кружи околу центарот на галаксијата, кога една постара дама во црни тениски патики станала и рекла дека земјата е всушност рамна плоча што лежи врз грбот на желка. Научникот на шега ја прашал на што стои таа желка, а дамата одговорила дека стои на друга желка. „Госпоѓо“, продолжил научникот со шеговит тон, „тогаш на што стои таа друга желка?“ Таа одговорила: „На друга желка.“ И пред тој да може да праша нешто повеќе, таа покажал со прст кон него и додала: „Не мачи се сине, желките се наоѓаат долж целиот пат надолу“.

Колку и да звучи симпатично, оваа приказна се занимава со едно од најважните прашања на човечкото постоење – природата на самата вселена. Каков е овој свет во кој се наоѓаме наспроти нашата волја? Зошто сме тука? Како сме стигнале овде? И каде на крајот ќе завршиме сите?

Ова се некои од најосновните прашања што луѓето можат да ги поставуваат, бидејќи разбирањето за тоа кои сме и како стигнавме тука, влијае и на разбирањето за тоа како треба да живееме и како да се однесуваме додека сме тука.

**Побарајте ги следниве текстови: 1. Мојсеева 1,1; Псалм 100,3; Исаија 40,28; Дела 17,26; Ефесјаните 3,9; Евреите 1,2.10. Како секој од нив, на свој начин, одговара на некои од поставените прашања? Што е заедничко за сите нив?**

Она што е особено интересно во врска со текстот 1. Мојсеева 1,1 (и со некои други текстови) е дека Господ воопшто не се обидува да докаже дека Тој е Создател. Нема никакви детални аргументи за ова да се потенцира. Напротив, тоа едноставно и јасно се тврди, без обид да се оправда, објасни или докаже. Или го прифаќаме со вера или не. Всушност, верата е единствениот начин тоа да го прифатиме, од едноставна причина што никој од нас не бил таму за да го набљудува самиот процес на Создавањето. Тоа би било навистина логична невозможност – да присуствувате на сопственото создавање. Дури и секуларните луѓе, независно од тоа какво сфаќање за потеклото застапуваат, мораат да се држат за тоа со вера од истата причина од која мораме и ние, креационистите – никој од нас не бил таму за да го набљудува тој настан.

**Меѓутоа, иако Бог нè повикал да веруваме во Него како Творец, тој не го прави тоа без да ни даде добра причина за да веруваме. Имајќи предвид дека одредена доза на вера е неопходна за буквално секое гледиште што го застапуваме, запишете зошто има смисла да веруваме дека сме тука затоа што Создателот нè поставил тука со одредена намера, за разлика од сфаќањето според кое нашето потекло не се заснова на ништо друго, освен на чиста случајност.**

## СПОРЕД ЛИКОТ НА СВОЈОТ СОЗДАТЕЛ (1. МОЈСЕЕВА 1,27)

**Библијата тврди дека Бог го создал човечкиот род – машко и женско – „според образот Свој“ (или „според својот лик“; заб. на прев.) (1. Мојсеева 1,27). Врз основа на ова тврдење, одговорете на следниве прашања:**

1. Што значи тоа дека Бог нѐ создал според Својот образ? Во која смисла сме „според Неговиот образ“?
2. Според извештајот во 1. Мојсеева, дали Бог создал и нешто друго „според образот Свој“ освен човечкиот род? Ако не, што ни кажува тоа за нашата единствена положба во однос на остатокот од овоземниот создаден свет? Кои поуки можеме да ги извлечеме од таа разлика?
3. Што друго може да се најде во извештајот за создавањето на човечкиот род што нѐ издвојува од сѐ друго што Бог го создал? Видете во 1. Мојсеева 2,7.18-25.

Иако сме принудени да зборуваме за Бога со човечки јазик, не смееме да заборавиме дека Тој е духовно Битие (Јован 4,24) кое поседува божествени особини. Сѐ што можеме да кажеме е дека ние, според нашата физичка, ментална и духовна природа, на некој начин претставуваме одраз на нашиот божествен Создател, без оглед што има работи во врска со Него, кои се, барем за нас, обвиткани со превез на мистерија. Меѓутоа, Библијата ги нагласува духовните и менталните аспекти на нашиот ум. Тие аспекти можеме да ги развиваме и да ги унапредуваме. Единственоста на човечкиот ум ни овозможува да негуваме заедница со Бога, за која се чини дека остатокот од Божјиот создаден свет на земјата не е способен.

Забележете го, исто така, и единствениот извештај за тоа како Бог ја создал жената. Мажите и жените ја делат оваа неверојатна предност што се создадени според образот Божји. Во нивното создавање, нема ни најмало навестување за инфериорноста на едниот во однос на другиот. Бог лично ги создал и двајцата од ист материјал. Од самиот почеток, Тој ги создал како рамноправни и заедно ги довел во посебна врска со Него. И двајцата имале иста можност да го развијат својот карактер на начин што ќе му донесе слава на Бога.

„На Адама лично Бог му дал животен сопатник. Му создал ’помошник сличен на него‘ – другар што му одговарал нему, суштество кое му прилегало и кое можело да биде соединето со него во љубовта и сочувството. Ева била создадена од едно ребро на Адама, што покажува дека таа не можела да владее над него како глава, а и да не биде подредена, газена под нозе, туку да стои крај него како рамноправна и да биде од него сакана и заштитувана“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 46 ориг.).

## БОГ И ЧОВЕКОТ ЗАЕДНО (1. МОЈСЕЕВА 1,28.29)

Забележете ги првите зборови што им ги упатил Бог на луѓето, барем како што е претставено во Светото писмо. Тој ги упатил кон нивната способност да раѓаат, да го размножуваат сопствениот вид. Тој го свртел нивното внимание кон самата земја, кон создадениот свет и им наложил да ја наполнат, да ја потчинат и да владеат со неа. Тој им укажал на растенијата што можат да ги јадат. Накратко, според Библијата, првите зборови што Бог им ги упатил на мажот и жената се однесувале конкретно на нивниот однос и на меѓусебната поврзаност со физичкиот свет.

**Што ни кажува 1. Мојсеева 1,28.29 за тоа како Бог гледа на материјалниот свет? Дали тука се гледа навестување дека има нешто лошо со материјалните појави и нашето уживање во нив? Какви поуки можеме да извлечеме од овие први сцени на човечката историја, кога станува збор за тоа како треба да се однесуваме кон делата на создавањето?**

---

Исто така, со овие зборови, Бог ги прави првите чекори во неговиот однос спрема луѓето. Тој им се обраќа, им дава заповеди, им кажува што да прават. Со овие зборови е опфатена и нивната одговорност. Бог ги повикал да бидат господари на тој прекрасен свет што Тој лично го создал.

**Текстот 1. Мојсеева 1,28 кажува дека Бог ги благословил Адам и Ева. Што значи тоа? Каков заемен однос подразбирало тоа меѓу нив и нивниот Творец?**

---

Бог им се обраќал на Адам и Ева како на интелигентни суштества кои можат да одговорат на Неговата љубезност и да стапат во близок меѓусебен однос и заедништво со Него. Покрај тоа, како деца и созданија, Адам и Ева зависеле од благословите и грижата на нивниот Отец – Творецот. Тој за нив обезбедил сè што им било потребно. Тие не сториле ништо за да го заслужат тоа што им било дадено. Едноставно биле примателли на нешто што не го заработиле.

**Кога читаме за создавањето на мажот и жената, можеме да забележиме елементи на оние меѓусебни односи што постоеле пред гревот и какви што Бог сака да ги имаме со Него сега, во оваа состојба на грев. Разгледајте го денешното проучување за да видите какви паралели можете да најдете овде, а кои ни помагаат да разбереме како треба да се однесуваме кон Бога, дури и во нашата падната состојба.**

## КАЈ ДРВОТО

**„Господ, Бог, му заповеда на човекот, велејќи: „Јади слободно од секое дрво во градината, но да не јадеш од дрвото за познавање на доброто и злото! Во денот кога јадеш од него, навистина ќе умреш!“ (1. Мојсеева 2,16.17)**

Тој тест им дал прилика на Адам и Ева да ја изразат својата слободна волја. Исто така, тоа значело и покана да одговорат позитивно или негативно на нивниот однос кон Создателот. А тоа воедно покажува дека Бог ги создал како слободни, морални суштества. Впрочем, ако тие немале избор да не послушаат, зошто Бог воопшто би се трудел да ги предупреди за последиците од непослушноста?

„Сè што ѝ претходи на таа глава, го поплочува патот кон оваа точка (1. Мојсеева 2,16.17). Иднината на човечкиот род е сконцентрирана во таа единствена забрана. Човек не треба да биде збунет пред мноштвото спорни прашања. Мора да се има на ум само една Божја уредба. Сведувајќи го бројот на забрани само на една, Јахве дава знак на неговата милост. Покрај тоа, за да покаже дека таа единствена заповед воопшто не е тешка, Господ ја сместува зад широкоградата дозвола: ’Јади слободно од секое дрво во градината‘“ (Exposition of Genesis, Columbus, OH: Wartburg Press, 1942; vol. 1, p. 127).

Повикувајќи ги Адам и Ева да ја послушаат неговата волја, Бог всушност им кажува: Јас сум вашиот Творец и ве обликував според мојот лик. Јас го одржувам вашиот живот, затоа што живеете, се движите и постоите благодарение на Мене. Обезбедив сè што е потребно за вашата благосостојба и среќа (храна, дом, човечко општество) и ве сместив како владетели на овој свет, веднаш по мене. Ако сте подготвени да го потврдите тој однос спрема мене затоа што ме сакате, тогаш јас ќе бидам ваш Бог а вие ќе бидете мои деца. И тој однос, и довербата што ја подразбира тој, можете да го потврдите едноставно со почитување на таа конкретна заповед.

На крајот на краиштата, нашиот однос кон Бога може да биде делотворен и траен само ако слободно избереме да ја прифатиме Неговата волја. Отфрлајќи ја Неговата волја, ние во суштина ја прогласуваме нашата независност од Него. Ова укажува на верувањето дека Тој нам не ни е потребен. Ваквиот избор води кон познавање на злото, а злото води до отуѓување, осаменост, фрустрација и смрт.

**Испитот на кој Бог ги ставил Адам и Ева бил испит на лојалност и вера. Дали тие ќе му останат лојални на својот Творец, кој ги снабдил со сè што им било потребно и освен тоа им обезбедил и цел свет на уживање, или ќе одат по свој пат, независно од Неговата волја? Ќе имаат ли доволно вера во Него за да го одржат Неговиот збор? Нивната лојалност и вера биле испитани кај дрвото на познавање на доброто и злото. На кој начин и ние секојдневно се соочуваме со слични испити? Во која смисла Божјиот закон претставува паралела со заповедта дадена во 1. Мојсеева 2,16.17?**

## ПРЕКИНУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ

Постои тенденција да им веруваме на луѓето што ги познаваме, додека инстинктивно чувствуваме недоверба кон непознатите. Затоа, би било природно Ева да покаже недоверба кон сатаната. Освен тоа, каков било директен напад на Бога требало да ја наведе да заземе одбранбен став. Меѓутоа, какви чекори презел сатаната за да ги заобиколи природните одбранбени механизми на Ева? (1. Мојсеева 3,1-6).

„Колку и да бил тажен престапот на Ева, колкав и да бил јадот што можело да му го нанесе на човештвото, не било нужно нејзиниот избор да подразбира казна за целиот човечки род поради нејзиниот грев. Сепак, свесната одлука на Адам, и покрај тоа што јасно ја разбрал изричната Божја заповед, била таа – повеќе отколку нејзината – што ги направила гревот и смртта неизбежна судбина на човештвото. Ева била измамена, но Адам не“ (The SDA Bible Commentary, vol. 1, p. 231).

Како резултат на овој отворен престап и непослушност кон Божјата заповед, односот меѓу Бога и човештвото бил прекинат. Наместо слободна заедница со Бога, тој се претворил во бегство од Неговото присуство (1. Мојсеева 3,8-10). Отуѓувањето и разделбата го замениле дружењето и заедништвото. Се појавил гревот, а со тоа и сите негови грди последици. Ако нешто не се преземело, човечкиот род би бил осуден на вечна пропаст.

**Кои зборови на надеж и ветување ги изговорил Бог среде таа трагедија? (Види 1. Мојсеева 3,15).**

---

Божјите неочекувани пророчки зборови, кои будат надеж, зборуваат за непријателството воспоставено меѓу змијата и жената, меѓу потомството на жената и потомството на змијата. Тоа ќе го достигне својот врв во триумфалната појава на репрезентативниот Потомок од семето на жената – Месија – кој ќе му зададе смртоносен удар на сатаната, газејќи му ја главата, додека за возврат тој ќе може да го гризне само во петицата.

Адам и Ева, во својата целосна беспомошност, требало да стекнат надеж врз основа на тоа месијанско пророштво, надеж која ќе го преобрази нивниот живот, бидејќи таа надеж им ја дал и им ја потврдил лично Бог. Тоа ветување за Месија и за конечната победа, колку и да звучело нејасно во тој миг, ја растерало темнината во која ги турнал гревот.

**Прочитајте 1. Мојсеева 3,9, во кој Бог го прашува Адама: „Каде си?“ Се разбира, Бог знаел каде се наоѓаат тие. Неговите зборови, наместо да бидат полни со осуда, требало да ги вратат кај Него човечките суштества мачени од вина. Накратко, првите зборови што Бог му ги упатил на паднатото човештво, биле придружени со надеж во Неговата благодат и милост. На кои сè начини, дури и денес, гледаме дека Бог нè повикува кон Неговата благодат и милост?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Библијата е полна со повици упатени до грешниците. Споредете ги текстовите на Псалм 95,7,8; Исаија 55,1.2.6.7; Лука 15,3-7; Лука 19,10. Кои други текстови можете да ги најдете?

Во книгата Патријарси и пророци од Елена Вајт прочитајте ги главите под наслов „Создавањето“, стр. 44-51 оригинал; „Искушение и пад“, стр. 52-62 (оригинал) и „Планот на откупувањето“, стр. 63-70 оригинал.

„Мислам дека целокупната евангелска проповед била содржана во тие три божествени зборови што се пробиле низ густите грмушки и допреле до ушите на преплашените бегалци: ’Адаме, каде си?‘ Твојот Бог не е подготвен да те изгуби; Тој доаѓа да те бара, исто како што има намера да дојде и во личноста на својот Син, не само да го бара, туку и да го спаси она што е сега изгубено“ (Charles Haddon Spurgeon, The Treasury of тhe Bible (Grand Rapids, Mi: Zondervan Publishing House, 1962) Old Testament, vol. 1, p. 11).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Бидејќи добриот и грижлив Бог е оној што трага по луѓето, како во денешно време можеме да одговориме на изразите на љубовта на Отецот и Исус Христос? Како очекува Бог да одговориме?**
2. **Споредете ја библиската слика за човештвото што паднало од возвишеното место во Божјиот создаден свет, и на кое му е потребно спасение, со теоријата на еволуцијата за развој. Која од овие две слики нуди поголема надеж и зошто?**
3. **Колку се важни за човечката среќа односите проникнати со љубов? Зошто е неопходна успешна поврзаност со Бога за ваквите меѓусебни односи? Разговарајте за влијанието што го имаат здравите меѓучовечки односи врз луѓето во рамките на тие односи (меѓу пријателите, родителите и децата, мажот и жената, работодавецот и вработениот, итн.).**

### ЗАКЛУЧОК

*Бог нè создал според својот лик за да може да оствари заедништво во кое ќе владее љубов меѓу Него и нас. Иако појавата на грев ја оштетила таа првобитна врска, Бог се обидува да го обнови нашиот однос преку планот на спасението. Нашиот живот, како зависни суштества, ја добива својата вистинска смисла и ведрина само тогаш кога ќе оствариме заедница со нашиот Творец.*

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

**Поука 2**
**Од 3 – 9 април 2021**

# ЗАВЕТЕН БУКВАР



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 9,15; Исаија 54,9; 1. Мојсеева 12,1-3; Галатјаните 3,6-9.29; 2. Мојсеева 6,1-8; Еремија 31,33,34.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Затоа, ако Ми се покорувате верно и го држите Мојот Завет, вие ќе Ми бидете посебна сопственост, покрај сите народи – па Мој е целиот свет!“ (2. Мојсеева 19,5)**

Минатата седмица завршивме со извештајот за падот на човештвото поради гревот на нашите прародители. Оваа седмица ќе направиме краток преглед на целото тримесечје на тој начин што ќе одвоиме по еден ден за да ги проучиме првичните завети, од кои, секој на свој начин, бил израз на сегашната вистина на правиот завет, оној што би потврден на Голгота со Исусовата крв – завет во кој ние, како христијани, влегуваме со нашиот Господ.

Ќе почнеме од заветот што Бог го воспоставил со Ное за да го поштеди него и неговото семејство од уништување. Ќе продолжиме со заветот воспоставен со Аврам, толку богат и полн со ветувања за сите нас. Потоа со заветот на Синај и со важноста на она што било објавено таму, а потоа конечно ќе го разгледаме новиот завет, оној на кој упатувале сите останати. Се разбира, ќе го проучиме сето ова подлабоко во текот на следните неколку седмици. Оваа седмица, само ќе ѕирнеме во сето тоа.

**РЕЗИМЕ**

*Што значи зборот завет? Од кои елементи се состои заветот? Како гласел заветот што Бог го воспоставил со Ное? Каква надеж наоѓаме во заветот со Аврам? Каква е улогата на верата и делата, посматрано од страна на учесниците во заветот? Дали заветот е само договор, или има аспекти на подлабок заемен однос во него? Која е суштината на „новиот завет“?*

# ОСНОВИ НА ЗАВЕТОТ

**„А Својот Завет го склучувам со тебе и ќе те размножам многу" (1. Мојсеева 17,2).**

„Еврејскиот збор што се преведува како ’завет‘ (а се појавува околу 287 пати во Стариот завет) е berith. Може да се преведе и како ’тестамент‘ или ’последен тестамент‘. Неговото потекло е нејасно, но го доби значењето на нешто што ги поврзува двете страни. Како и да е, се користела за најразлични видови ’врски‘, и оние меѓу луѓето и оние меѓу човекот и Бога. Обично се користи за договори што ги склучуваат луѓе од две страни, а има и препознатливо религиозно значење кога се однесува на заветот меѓу Бога и човекот. Религиозната употреба на тој израз, всушност, претставува метафора заснована врз вообичаеното значење, но со подлабока конотација (значење)" (J. Arthur Thompson, „Covenant (OT)", The International Standard Bible Encyclopedia, revised edition (Grand Rapids, MI: William B. Eerdmans Publishing Company, 1979), vol. 1, p. 790).

Како и брачниот завет, библискиот завет ги дефинира односот и спогодбата. Како спогодба, библискиот завет ги содржи следниве основни елементи:

1. Бог ги потврдува ветувањата на заветот со заклетва (Галатјаните 3,16; Евреите 6,13.17).

2. Заветната обврска претставува послушност кон Божјата волја изразена во Десетте заповеди (5. Мојсеева 4,13).

3. Начинот на кој конечно се исполнува Божјата заветна обврска – преку Христа и планот на спасението (Исаија 42,1.6).

Погледнете ги трите елементи кои штотуку ги наведовме (Божјите ветувања, нашата послушност и планот на спасение). Како можат овие елементи да се видат на дело во вашето лично одење со Господа? Опишете накратко како тие се манифестираат во вашиот живот во овој момент.

Во Стариот завет, типолошкиот жртвен систем го поучувал народот за целокупниот план на спасение. Преку неговите симболи, патријарсите и израелскиот народ на практичен начин учеле за верата во Откупителот што требало да дојде. Преку неговите обреди, покајаниот грешник можел да најде проштавање на гревовите и ослободување од вината. Така, благословите на заветот можеле да се зачуваат, а духовниот раст – обновување на Божјиот лик во животот – можело да продолжи, дури и кога луѓето не успевале да го одржат својот дел од спогодбата.

**Иако завет може да се воспостави и меѓу луѓето, зборот berith во еврејската Библија главно се користи за да го означи односот меѓу Бога и луѓето. Со оглед на тоа кој е Бог, а кои сме ние во споредба со Него, каков вид на врска можел да претставува таквиот завет?**

## ЗАВЕТОТ СО НОЕ

**„А со тебе ќе склучам Завет; ти ќе влезеш во бродот – ти и твоите синови со тебе, твојата жена и жените на твоите синови“ (1. Мојсеева 6,18).**

Во горенаведениот стих зборот завет првпат се појавува во Библијата, и тоа во мигот кога Бог му ја соопштувал на Ное својата одлука да ја уништи земјата поради масовното и континуирано ширење на гревот. Иако ова уништување ќе дојде во вид на сеопшт потоп, Бог не го напуштил светот што го создал. Тој продолжил да им нуди на луѓето заветен однос, кој за првпат бил ставен во сила веднаш по Падот. Божествениот „Јас сум“, кој го нуди тој завет, самиот претставува основа на безбедноста на Ное. Како Бог кој го држи заветот, тој ветил дека ќе ги заштити членовите на семејството кои биле подготвени да живеат во таков однос на обврска со Него што резултира со послушност.

**Дали заветот со Ное бил едностран? Забележете дека терминот завет подразбира повеќе од една страна. Дали Ное морал да го одржи својот дел од договорот? Која поука за нас се наоѓа во одговорот на овие прашања?**

Бог му кажува на Ное дека ќе има потоп и дека светот ќе биде уништен. И тогаш тој склучува договор со него, во кој ветува дека ќе го спаси него и неговото семејство. Според тоа, влогот бил доста голем, затоа што ако Бог не го одржел ветувањето, тогаш Ное, што и да сторил, би бил збришан заедно со остатокот од светот.

Бог кажува дека ќе склучи „завет“ со Ное. Самиот збор ја подразбира намерата да се почитува кажаното. Тоа не е само каприциозна изјава. Самиот збор подразбира обврзување. Замислете Господ да му рекол на Ное: „Види, светот ќе биде уништен во страшен потоп, но јас можеби ќе те спасам, а можеби и нема да те спасам. Во меѓувреме, направи го ова или она, а потоа ќе видиме што ќе се случи. Не можам да ти гарантирам ништо“. Ваквата изјава тешко би можела да се поврзе со оној вид на уверувања и ветувања што ги наоѓаме во самиот збор „завет“.

**Некои луѓе тврдат дека Ноевиот потоп не била сеопшта, туку само локална катастрофа. Ако е ова вистина, тогаш во контекст на она што Бог го ветил во 1. Мојсеева 9,15 (видете и Исаија 54,9), секој пат кога ќе дојде до некоја локална поплава (а се чини дека тоа постојано се случува), Божјото заветно ветување би било прекршено. Напротив, фактот дека немало друг сеопшт потоп, ја потврдува веродостојноста на Божјиот ветен завет. Што ни кажува ова, накратко, за довербата во Неговите ветувања?**

# ЗАВЕТОТ СО АВРАМ

**„Ќе ги благословам оние, што тебе ќе те благословуваат, и ќе ги проколнам оние, што тебе ќе те проколнуваат и преку тебе ќе бидат благословени сите народи на земјата“ (1. Мојсеева 12,3).**

**Прочитајте 1. Мојсеева 12,1-3. Наведете ги конкретните ветувања што Бог му ги дал на Аврам.**

---

Забележете дека меѓу ветувањата што Бог му ги дава на Аврам се наоѓаат и зборовите: „Преку тебе ќе бидат благословени сите народи на земјата“ (1. Мојсеева 12,3). Што значи тоа? На кои сѐ начини преку Аврам се благословени сите семејства на земјата? Видете Галатјаните 3,6-9. Во која смисла може да се види ветувањето за Исус Месија во ова порано дадено ветување? Видете Галатјаните 3,29.

Во тоа прво забележано божествено јавување на Аврам, Бог ветил дека ќе влезе во тесен и траен меѓусебен однос со него, пред воопшто да стане збор за какво било склопување на завет. Директното упатување на заветот што Бог ќе го воспостави, доаѓа дури подоцна (1. Мојсеева 15,4-21; 1. Мојсеева 17,1-14). Во овој момент, Бог нуди божествено-човечки однос кој има големо значење. Повторениот израз „јас ќе“ во текстот 1. Мојсеева 12,1-3 укажува на длабочината и големината на Божјата понуда и на Неговото ветување.

Покрај тоа, Авраам добива една единствена, но пробна заповед: „Оди“. Тој ја извршува со вера (Евреите 11,8), но не со цел да ги задобие заветните благослови. Неговата послушност била одговор на верата на односот полн со љубов, што Бог сакал да го воспостави. Со други зборови, Аврам веќе му верувал во Бога, веќе се потпирал на Него, веќе се надевал во Неговите ветувања. Во спротивно, тој никогаш не би ги напуштил своите роднини и својата татковина за да замине во непознати места. Неговата послушност ја открила неговата вера пред луѓето и пред ангелите.

Дури и тогаш, Аврам го откривал клучниот однос меѓу верата и делата. Ние сме спасени со вера – вера што се манифестира во дела на послушност. Најпрво доаѓа ветувањето за спасение, а потоа следат делата. И иако нема заветно заедништво и благослов без послушност, таа послушност е само одговор на верата на она што Бог веќе го направил. Таква вера го илустрира начелото што го наоѓаме во 1. Јованово 4,19: „Ние Го љубиме, бидејќи Тој отпрвин нѐ возљуби нас“.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 15,6. Како ова, на еден посебен начин, ни ја покажува основата на сите заветни ветувања? Зошто овој благослов е најдрагоцен од сите?**

## ЗАВЕТОТ СО МОЈСЕЈ

**Прочитајте 2. Мојсеева 6,1-8, а потоа одговорете на следниве прашања:**

1. За каков завет зборува Бог? Видете 1. Мојсеева 12,1-3.
2. На кој начин Излезот претставува исполнување на заветните ветувања од Негова страна?
3. Кои паралели можете да ги најдете меѓу она што Бог му го ветува на народот овде и она што му го ветил на Ное пред Потопот?

По Излезот, израелскиот народ го примил заветот од Синај, кој бил даден во контекст на ослободување од ропството (2. Мојсеева 20,2) и содржи Божји жртвени одредби за помирување и простување на гревовите. Затоа, како и сите Божји завети, и овој бил завет на благодатта – Божјата благодат кон својот народ.

Овој завет, во неколку точки, ги повторува главните одредби на заветот со Аврам:

1. Божјиот посебен однос кон Неговиот народ (спореди 1. Мојсеева 17,7.8 со 2. Мојсеева 19,5.6).
2. Тие ќе бидат голем народ (споредете 1. Мојсеева 12,2 со 2. Мојсеева 19,6).
3. Се бара послушност (споредете 1. Мојсеева 17,9-14 и 1. Мојсеева 22,16-18 со 2. Мојсеева 19,5).

„Обрнете внимание на редоследот што се појавува овде: Господ прво ги спасува Израелците, а потоа им го дава законот што тие мора да го држат. Истиот редослед важи и за евангелието. Христос најпрво нѐ спасува од гревот (види Јован 1,29; 1. Коринќаните 15,3; Галатјаните 1,4), а потоа прави Неговиот закон да заживее во нас (Галатјаните 2,20; Римјаните 4,25; 8,1-3); 1. Петрово 2,24)“ (The SDA Bible Commentary, vol. 1, p. 602).

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 6,7. Што е тоа што доаѓа до израз во првиот дел, каде што Господ вели дека тие ќе бидат Негов народ а Тој ќе биде нивен Бог? Забележете ја динамиката што постои таму. Тие ќе бидат нешто за Бога, а Бог ќе биде нешто за нив. Не само што Бог сака да се однесува кон нив на посебен начин туку Тој сака и тие да се однесуваат на посебен начин кон Него. Зар Бог не бара да оствари ист таков меѓусебен однос и со нас денес? Дали тој прв дел од текстот 1. Мојсеева 6,7 го отсликува вашиот меѓусебен однос со Господа, или вие сте само некој чие име се наоѓа во црковните книги? Ако одговорите потврдно на првиот дел од прашањето, објаснете го.**

## НОВ ЗАВЕТ (ЕРЕМИЈА 31,31-33)

Овие стихови претставуваат прво споменување на „новиот завет“ во старозаветен текст. Тие се ставени во контекст на враќањето на Израелците од прогонство и зборуваат за благословите што ќе ги добијат од Бога. И повторно, како и во другите случаи, Бог е иницијатор на тој завет, и Бог е оној кој го исполнува преку својата благодат.

Забележете го и јазикот што се користи тука. Бог се опишува себеси како нивен сопруг, кажува дека ќе го напише својот закон на нивното срце и, служејќи се со јазикот на Аврамовиот завет, вели дека Тој ќе биде нивен Бог а тие Негов народ. Значи, како и порано, заветот не е само законски обврзувачка спогодба договор, како во денешното судство, туку тој се занимава со нешто повозвишено.

**Прочитајте го текстот Еремија 31,33. Споредете го со текстот 2. Мојсеева 6,7, кој детално го опишува делот на заветот склучен со Израел. И повторно, кој е клучниот елемент што се истакнува овде? Што сака Бог од својот народ?**

________________________________________________

________________________________________________

**Прочитајте го текстот Еремија 31,34. Споредете го она што е кажано овде со текстот Јован 17,3. Која е клучната работа што Господ ја прави, и со тоа ги поставува темелите за нивниот однос?**

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

Во текстот на Еремија 31,31-34, можат да се забележат елементи на благодатта и послушноста, како и во претходните завети. Бог ќе им ги прости гревовите, Бог ќе воспостави однос со нив и Бог ќе ја внесе својата благодат во нивниот живот. Како резултат на тоа, луѓето едноставно го слушаат – не на некој напамет научен начин, на механички начин, туку чисто затоа што го познаваат, го сакаат и милуваат да Му служат. Тоа е суштината на заветниот однос што Бог настојува да го оствари со својот народ.

**Како ја разбирате мислата дека законот е запишан на нашето срце? Дали ова значи дека законот станува субјективен и личен, нешто што треба да се толкува и применува во согласност со индивидуалните карактеристики на срцето? Или тоа значи нешто друго? А, што би било тоа тогаш?**

## ЗА НАТАМОШНО ИСТРАЖУВАЊЕ

Во книгата Патријарси и пророци од Елена Г. Вајт прочитајте ја главата „Аврам во Ханан“, стр. 132-138 оригинал, а во книгата Пророци и цареви, од истиот автор, поглавјето под наслов „И пророците Божји им помагаа“, стр. 569-571 оригинал.

„Јаремот што нѐ врзува за служба е Божји закон. Големиот Закон на Љубовта откриен во Еден, објавен во Синај и напишан на срцето во Новиот завет, е тој што го врзува човекот што работи со Божјата волја. Ако останевме да ги следиме сопствените наклоности, да одиме точно таму каде што ќе нѐ води нашата волја, ќе застаневме во редовите на Сатана и ќе ги прифаќавме неговите квалитети. Затоа Бог нѐ врзува за неговата волја која е возвишена, благородна и која се возвишува. Тој сака трпеливо и мудро да ги преземаме должностите на службата. Во човечката природа, самиот Христос го носел јаремот на услугата. Тој рече: ’Јас ќе ја извршам твојата волја, Боже мој, и твојот закон е во моето срце‘ (Псалм 40,8). ’Зашто слегов од небото не за да ја извршувам мојата волја, туку волјата на Отецот што ме испрати‘ (Јован 6,38). Љубовта кон Бога, ревноста кон Неговата слава и љубовта кон паднатиот човечки род, го доведоа Исус на Земјата да страда и да умре. Тоа беше силата што владееше со неговиот живот. Тој ни заповеда да го усвоиме овој принцип“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 329, 330 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Дали Божјиот завет склучен со Ное, Аврам, Мојсеј и со нас, всушност, претставува продолжение на Неговиот завет со Адам, или станува збор за нешто сосема ново? Споредете ги текстовите во 1. Мојсеева 3,15; 1. Мојсеева 22,18 и Галатјаните 3,8.16.**
2. **Зошто е толку важен заветот во вид на личен меѓусебен однос? Со други зборови, можете да имате законски обврзувачка спогодба – „завет“ со некого и без никакви блиски и лични заемни односи. Меѓутоа, ваквиот вид спогодба не е она кон што Господ се стреми во заветниот однос со својот народ. Зошто? Разговарајте за тоа.**
3. **Во која смисла бракот претставува добра слика на заветот? Зошто сличноста со бракот сепак не е доволна за да се опише заветот?**

### ЗАКЛУЧОК

Со појавата на гревот се прекинува односот што Создателот првично, преку нашите прародители, го воспоставил со човештвото. Сега Бог настојува да ја обнови таа блиска врска преку завет. Заветот истовремено означува посветен однос меѓу Бога и нас (нешто како брачна врска) и спогодба за нашето спасение и усогласување со Создателот. Сам Бог, проникнат со длабока љубов кон нас, го започнува тој заветен однос. Со великодушни ветувања и постапки, Тој се обидува да нѐ освои за да стапиме врска со Него.

**Поука 3**
**Од 10 – 16 април 2021**

# „ЗА СИТЕ ИДНИ ПОКОЛЕНИЈА“



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 3,6; 1. Мојсеева 6,5.11; 1. Мојсеева 6,18; 1. Мојсеева 9,12-17; Исаија 4,3; Откровение 12,17.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Но, Ное најде благодат во Господовиот поглед“ (1. Мојсеева 6,8).**

Бактериите се премногу ситни организми за да можат да се видат без микроскоп. Една, обична тркалезна бактерија не е поголема од врвот на пенкалото, дури и ако се зголеми 1000 пати. Во услови поволни за раст – со доволно топлина, влага и храна – бактериите имаат исклучително брза стапка на размножување. Тие се размножуваат со проста делба, при што една зрела клетка едноставно се дели на две ќерки клетки. Ако се случува оваа делба, на пример, на секој час, една бактерија може да произведе повеќе од 16 милиони нови бактерии за 24 часа. По 48 часа, би се појавиле стотици милиони бактерии.

Овој микроскопски феномен е добра илустрација за брзото размножување на злото по падот во грев. Обдарена со огромен интелект, со одлично здравје и долговечност, оваа моќна раса го напуштила Бога и ги злоупотребила своите извонредни способности, препуштајќи се на нечистотија во сите нејзини форми. Но, за разлика од бактериите што можат да бидат уништени од сончевата светлина, хемикалии или високи температури, Бог одлучил да го запре овој опасен бунт со општ потоп.

**РЕЗИМЕ**

*Што им направил гревот на делата на Божјото создавање? Во кои особини посебно се истакнал Ное? Кои елементи биле вклучени во заветот со Ное? На кои начини била откриена Божјата благодат во заветот со Ное пред Потопот? Што ни кажува заветот што Бог го склучил со човештвото по Потопот за неговата сеопфатна љубов кон нас?*

## ПРИНЦИПОТ НА ГРЕВОТ (1. МОЈСЕЕВА 6,5)

Според Божјото мислење, на крајот од Создавањето, сè „беше многу добро“ (1. Мојсеева 1,31). И тогаш дошол гревот, и сликата суштински се променила. Работите веќе не биле „многу добри“. Божјата уредена творба била оштетена од гревот и од сите негови гнасни последици. До времето на Ное, бунтот веќе достигнал страшни размери. Злото целосно завладеало со човечкиот род. Иако Библијата не ни дава многу подробности (за повеќе детали видете: Е. Г. Вајт, Патријарси и пророци, стр. 90-92 ориг.), гревовите и бунтот биле очигледно такви што дури и ни трпеливиот Бог, полн со љубов и секогаш подготвен да прости, веќе не можел да го толерира тоа.

Како можат работите да се влошат толку брзо? Одговорот можеби не е толку тешко да се најде. Колку луѓе денес, набљудувајќи ги сопствените гревови, пропуштаат да го постават истото прашање: Како толку брзо работите станале толку лоши?

**Побарајте ги текстовите што ги наведовме подолу. Напишете ја пораката на секој од нив. Забележете го постојаното напредување на гревот:**

1. 1. Мојсеева 3,6__________________________________________

2. 1. Мојсеева 3,11-13______________________________________

3. 1. Мојсеева 4,5__________________________________________

4. 1. Мојсеева 4,8__________________________________________

5. 1. Мојсеева 4,19_________________________________________

6. 1. Мојсеева 4,23_________________________________________

7. 1. Мојсеева 6,2__________________________________________

8. 1. Мојсеева 6,5.11_______________________________________

Ситуацијата опишана во 1. Мојсеева 6,5 и 11 не се случила во вакуум. На неа ѝ претходи одредена историја. Тој страшен исход имал своја причина. Гревот постепено се влошувал. Тоа е типично за него. Гревот не е како расекотина или рана што заздравува со помош на некој автоматски, вроден механизам. Напротив, гревот, ако не го зауздаме, се множи, сè додека не доведе до пропаст и смрт. Не мора да замислуваме како изгледал животот пред Потопот за да го видиме тој принцип на дело. Тој и сега е присутен насекаде околу нас.

Не е ни чудо што Бог го мрази гревот. Не е ни чудо што гревот, порано или подоцна, ќе биде искоренет. Праведниот Бог полн со љубов нема што друго да стори со него.

Добрата вест е, се разбира, дека иако Тој сака да го уништи гревот, Бог сака да ги спаси грешниците. Тоа е суштината на заветот.

# ЧОВЕКОТ НОЕ (1. МОЈСЕЕВА 6,9)

Во мноштвото текстови кои зборуваат за злото на претпотопниот свет, човекот Ное се издвојува како спротивност на оние што го опкружувале. Погледнете го воведниот стих, во врска со трите посебни детали што ги споменува Библијата во врска со него. Потрудете се да опишете на најдобар можен начин што, според вас, значи секој од овие детали:

1. Тој бил „праведен“ ____________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

2. Тој бил „непорочен“ ___________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

3. Живеел „според Божјата волја“__________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Несомнено, Ное имал спасоносен однос со Господа. Тој бил некој со кого Бог можел да работи, некој што го слушал и Му бил послушен, некој што се надевал во Него. Затоа Господ можел да го употреби Ное за да ги исполни своите цели и затоа Петар, во Новиот завет, го нарекол „проповедникот на правдата“ (2. Петрово 2,5).

**Прочитајте го текстот на 1. Мојсеева 6,8. Како овој текст ни помага да го разбереме односот што постоел меѓу Ное и Господа?**

______________________________________________________________

Зборот „милост“ првпат се појавува овде во Светото писмо и очигледно го има истото значење како во новозаветните текстови, кои ја опишуваат Божјата милост и незаслужената наклонетост што Тој ја покажува кон грешниците. Затоа треба да се има предвид дека и самиот Ное, колку и да бил „непорочен“ и „праведен“, сепак бил грешник кому му била потребна незаслужената наклоност на неговиот Бог. Во таа смисла, Ное не се разликувал од кој било од нас, кои сесрдно се трудиме да го следиме Господа.

**Имајќи предвид дека на Ное му била потребна Божјата милост како и на сите нас, размислете за својот живот и поставете си го прашањето: Може ли да се каже за мене дека, како Ное, и јас сум „праведен“ и „непорочен“ и дека живеам „според Божјата волја“? Запишете ги причините за вашиот одговор, каков и да е тој, и (ако не ви е непријатно) споделете го со вашата саботношколска класа.**

## ЗАВЕТОТ СО НОЕ

**„Но со тебе Јас ќе направам Свој завет, а во ковчегот ќе влезеш ти, и со тебе и синовите твои, и жената твоја, и жените на синовите твои“ (1. Мојсеева 6,18).**

Во овој стих ги имаме основите на библискиот завет што Бог го воспоставува со човештвото: Бог и човечкиот род склучуваат договор. Многу едноставно.

Сепак, овде има повеќе детали отколку што се чини на прв поглед.

За почеток, тука е елементот на послушност од човечка страна. Бог му кажува на Ное дека тој и неговото семејство треба да влезат во ковчегот. Тие треба да го направат својот дел, а ако не го сторат тоа, заветот се раскинува. Ако заветот се раскине, тие ќе бидат губитничката страна, бидејќи тие се неговите крајни корисници. На крајот на краиштата, ако Ное му рекол „Не“ на Бога, ако не сакал да се придржува кон заветот или акоречел „Да“ и подоцна да се премислел, какви би биле последиците за него и за неговото семејство?

**Бог го користи изразот: „Свој завет“. Што ни кажува ова за основната природа на заветот? Колку би се разликувало нашето сфаќање на заветот ако Господ го нарекол „Наш завет“?**

Без оглед колку била единствена таа конкретна ситуација, ние ја забележуваме основната божествено-човечка динамика што ја подразбира заветот. Воспоставувајќи го „својот завет“ со Ное, Бог повторно ја покажува својата благодат. Тој покажува дека е подготвен да преземе иницијатива за да ги спаси човечките битија од последиците на нивните гревови. Накратко, на овој завет не смее да се гледа како на некој вид здружување на рамноправни страни, каде секој „учесник“ зависи од другиот. Можеме да кажеме дека Бог „има корист“ од тој завет, но само во радикално поинаква смисла од онаа што се однесува на луѓето. Неговата корист се огледува во фактот дека оние што ги сака ќе добијат вечен живот – и тоа не е мало задоволство за Господа (Исаија 53,11). Но, не може да се каже дека Тој има корист во истата смисла како и ние, кои сме примatели на сите придобивки што ги обезбедува тој завет.

Обидете се тоа да го претставите на следниов начин: Еден човек паѓа преку работ на брод среде бура. Некој од палубата му довикнува дека ќе му фрли спасоносно јаже за да го извлече. Меѓутоа, оној што се нашол во водата, од своја страна, мора да се согласи на „договорот“, а тоа значи да го прифати јажето што ќе му биде фрлено. Заветот меѓу Бога и човекот во голема мера се сведува на тоа.

**Како оваа слика ви помага да го разберете поимот благодат во рамките на заветот? Како ова ви помага да разберете на што треба да се темели вашиот однос со Бога, дури и сега?**

## ВИНОЖИТО КАКО ЗНАК

**„И рече Бог: ’Еве го знакот на заветот, што го поставувам меѓу Мене и вас и меѓу секоја жива душа, која е со вас, за сите идни поколенија: божилак Свој поставувам во облакот, за да биде знак на вечниот завет меѓу Мене и земјата“ (1. Мојсеева 9,12.13).**

Нема многу природни феномени кои се поубави од виножитото. Кој не се сеќава на восхитувањето и одушевувањето што ги почувствувал кога, како дете, првпат го видел тој чудесен светлосен лак, кој се превиткува преку небото како некоја преубава, таинствена врата (или можеби, едноставно, како појас на некој кловн)? Дури и кај нас возрасните, глетката на тие раскошни бои во облаците може да го одземе здивот. Не е ни чудо што виножитото и денес се користи како симбол за многу работи: од политички организации, преку рок-групи и култови, до туристички агенции (побарајте го зборот „виножито“ на Интернет и уверете се сами). Очигледно е дека тој прекрасен обоен лак сè уште ги допира нишките на нашето срце и на нашиот ум.

Се разбира, токму тоа била Божјата намера.

**Што требало да симболизира виножитото, според Господовите зборови? 1. Мојсеева 9,12-17.**

Господ рекол дека ќе го употреби виножитото како знак на „заветот Мој“ (1. Мојсеева 9,15). Интересно е што Бог го користи зборот „завет“ и во оваа пригода, бидејќи тој завет се разликувал од оние што ги наоѓаме на други места. За разлика од заветот со Аврам и заветот на Синај, овде нема јасно изразени, конкретни обврски од страна на оние кои ќе имаат корист од тој завет (дури ни од Ное). Зборовите што Бог ги кажува овде, се однесуваат на сите луѓе: „меѓу секоја душа, што живее во плот“ (1. Мојсеева 9,15), „и меѓу секоја жива душа, која е со вас, за сите идни поколенија“ (1. Мојсеева 9,12). Божјите зборови се сеопшти и сеопфатни, без оглед дали некој ќе избере да Му биде послушен или не. Во таа смисла, терминот завет не се користи овде на ист начин како и на другите места во Библијата, каде што се зборува за односот меѓу Бог и човекот.

**Во која смисла овој завет ја открива и Божјата благодат? Кој го иницирал овој завет? Кој е, во негови рамки, врховен добротвор?**

Иако овој завет, како што е претставен овде, не наведува посебни обврски од наша страна (од Божја страна, тоа е ветување дека никогаш повеќе нема да го уништи светот со потоп). На кој начин сознанието за тоа што симболизира виножитото може да влијае на нас да му бидеме послушни на Господа во животот? Со други зборови, кога ќе видиме виножито на небото, дали тоа нè потсетува на некои од нашите обврски? Размислете за целиот контекст во кој за прв пат се појавило виножитото и за поуките што можеме да ги извлечеме од тој извештај.

## „ОСТАНУВА САМО НОЕ“

**„И се истреби секое суштество што живееше на земјата: од човекот до добитокот, и лазачите, и птиците небески – сè беше истребено од земјата; останаа само Ное, и оние, кои беа со него во ковчегот“ (1. Мојсеева 7,23).**

Во овој текст, изразот „остаток“ се појавува за прв пат во Библијата. Зборот што се преведува како „останаа“ потекнува од друг збор чии коренски форми биле користени многу пати во Стариот завет, каде што се изнесува идејата за остаток.

„Затоа Бог ме испрати пред вас, за да ви биде запазен *остатокот* на земјата и да ви го спаси животот со големо избавување“ (1. Мојсеева 45,7).

„Тогаш *преостанатите* на Сион и преживеаните во Ерусалим – сите, запишани како да живеат во Ерусалим, ќе се нарекуваат свети“ (Исаија 4,3).

„Тогаш Господ пак ќе ја крене раката Своја, за да Си го врати *остатокот* од народот Свој“ (Исаија 11,11).

Во сите овие случаи, зборовите со закосени букви се поврзани со изразите слични на зборот „останаа“ што го наоѓаме во 1. Мојсеева 7,23.

**Погледнете го текстот 1. Мојсеева 7,23 и останатите примери. Како го разбирате поимот остаток што се споменува овде? Кои услови во окружувањето довеле до појава на остаток? Како заветот се вклопува во идејата за остаток?**

За време на Потопот, Творецот на овој свет станал Судија на светот. Сеопштиот суд што се приближувал го покренал прашањето дали целиот живот на земјата – дури и човечкиот живот – ќе биде уништен. Ако не, кој ќе преживее? Кој ќе биде остаток?

Во овој случај, тоа биле Ное и неговото семејство. Но, спасението на Ное било поврзано со заветот што Бог го воспоставил со него (1. Мојсеева 6,18) – завет што го започнал и спровел Бог, Бог на милоста и благодатта. Тие преживеале само благодарение на она што Бог го сторил за нив, колку и да била важна нивната соработка. Без оглед какви биле заветните обврски на Ное, и колку и да ги извршувал верно, неговата единствена надеж била во Божјата милост.

**Врз основа на нашето разбирање на настаните за последните денови, што го вклучува и времето кога Бог повторно ќе има свој остаток (види Откровение 12,17), кои паралели со извештајот за Ное можат да ни помогнат во нашата подготовка да бидеме дел од тој остаток? На кој начин донесуваме одлуки на дневна основа што можат да влијаат на која страна ќе се најдеме конечно во тоа време?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата Патријарси и пророци од Елена Вајт прочитајте ја главата „Потопот“, стр. 90-104 оригинал, и „По потопот“, стр. 105-110 оригинал).

„Виножитото, природен физички феномен, било соодветен симбол на Божјото ветување дека никогаш повеќе нема да ја уништи Земјата со потоп. Со оглед на тоа што климатските услови на земјата биле поинакви по Потопот, и дека дождовите во повеќето делови на светот ја замениле некогашната благотворна роса што ја натопувала почвата, морало да се стори нешто за да се смири стравот што луѓето можеле да го чувствуваат секогаш кога ќе почне да паѓа дожд. Во оваа природна појава, духовниот ум може да го види Божјото откривање на самиот себе (Римјаните 1,20). Затоа виножитото за верникот претставува доказ дека дождот ќе донесе благослов, а не сеопшто уништување“ (The SDA Bible Commentary, vol. 1, p. 265).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **„Во тие денови земјата вревеше, луѓето се множеа, светот рикаше како див бивол и тој шум го разбуди големиот бог. Енлил го слушна тоа и рече по совет на боговите:'Бучавата што ја прават луѓето станува неподнослива и спиењето е невозможно заради сето тоа викање. Затоа, боговите се согласија да го уништат човекот'“ – „Приказната за Потопот“ од Епот за Гилгамеш. Споредете ја оваа причина за Потопот со причината дадена во Библијата.**
2. **Ное не ја предупредувал само својата генерација за претстојниот Божји суд. Целта на неговите предупредувања била да им помогне на луѓето да ја почувствуваат својата потреба за спасение. Зошто вистината за спасението е главно непопуларна? Наведете неколку причини што спречуваат многу луѓе да го прифатат Божјиот план за нивно спасение, а потоа разговарајте за тие причини. Видете Јован 3,19; Јован 7,47.48; Јован 12,42.43; Јаков 4,4.**

ЗАКЛУЧОК

*Во поуката за оваа седмица, забележавме дека заветите што Бог ги склучил со Ное биле првите кои Библијата јасно ги нагласува. Тие го покажуваат Неговиот несебичен интерес за човечкиот род и желбата да влезе во спасоносен однос со човекот. Бог одново го потврдил својот завет со Ное, и токму приврзаноста на Ное кон Бога го сочувала од сеопштото отпадништво и, конечно, ги спасило него и неговото семејство од разорниот суд за време на Потопот.*

*„Тој симбол (виножитото) во облаците требало да го потврди верувањето на сите и да ја утврди нивната доверба во Бога, бидејќи тоа е знак на божествената милост и добрина кон човекот“. Иако Бог бил предизвикан да го уништи светот со потоп, Неговата милост сè уште ја опкружува земјата“ (Ellen G. White, The Story of Redemption, p. 71).*

**Поука 4**
**Од 17 – 23 април 2021**

# ВЕЧЕН ЗАВЕТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Мојсеева 3,14; 1. Мојсеева 17,1-6; 1. Мојсеева 41,45; Даниел 1,7; 1. Мојсеева 15,7-18; 1. Мојсеева 17,1-14; Откровение 14,6.7.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И ќе го поставам заветот Мој меѓу Мене и тебе и меѓу твоите потомци по тебе во нивните родови; ќе направам завет вечен, и ќе ти бидам Бог тебе и на потомците твои по тебе“ (1. Мојсеева 17,7).**

Кој од нас не се сеќава како во детството се случувало да нè совлада некоја тешка болест, можеби воспаление на белите дробови, кое се заканувало да прерасне во нешто полошо? Кога сме се буделе среде ноќ во долгите ноќи, треперејќи од треска, сме гледале како нашиот татко или мајка седат покрај креветот на слабата светлина од ноќната ламба.

Токму така, во преносна, човечка смисла, Бог седел покрај креветот на светот заболен од гревот, додека моралната темнина станувала сè погуста во вековите по Потопот. Од таа причина, тој го повикал Аврам и направил план да формира народ преку тој верен слуга, народ на кој ќе може да му го довери знаењето за себе и да му дарува спасение.

Така, Бог влегол во заветен однос со Аврам и со неговите потомци, што уште подетално го открива божествениот план за спасение на човештвото од последиците на гревот. Господ немал намера да го остави својот свет без надзор и грижа што толку многу му биле потребни. Оваа седмица ќе разгледаме уште неколку заветни ветувања.

**РЕЗИМЕ**

*Како гласело Божјето име? Што значи тоа? Кое е значењето на името што Бог го користел за да му се претстави на Аврам? Кои имиња ги користел за да се претстави себеси? Зошто Бог го сменил името на Аврам во Авраам? Зошто имињата се важни? Кои услови, или обврски, биле поврзани со тој завет?*

## ЈАХВЕ И ЗАВЕТОТ СО АВРАМ

**„И му рече: ’Јас сум Господ, Кој те изведе од Ур Халдејски за да ти ја дадам оваа земја да ја владееш‘“ (1. Мојсеева 15,7).**

Името понекогаш е како заштитен знак. Имињата во нашиот ум се толку тесно поврзани со одредени особини што, кога ќе слушнеме нечие име, веднаш се сеќаваме на нив. Кои особини ви паѓаат на ум, на пример, кога ќе помислите на следниве имиња: Алберт Ајнштајн, Мартин Лутер Кинг Јр., Ганди или Дорка? Секој од нив е поврзан со одредени карактеристики и идеали.

Во библиско време луѓето на Блискиот Исток придавале голема важност на значењето на имињата. „За Евреите, името секогаш ги означувало или личните особини на поединецот за кој станува збор, или намерите и чувствата на лицето што го дало името, или моменталните околности во времето кога било дадено името“ (The SDA Bible Commentary, vol. 1, p. 523).

Кога првпат влегол во заветен однос со Аврам, Бог му се претставил на патријархот под името YHWH (преведено како „Господ“, некаде печатено со големи букви, а се изговара Јахве). Според тоа, 1. Мојсеева 15,7 буквално гласи: „Јас сум Јахве, кој те изведе од ...“

Името YHWH, иако се појавува 6.828 пати во Стариот завет, донекаде е обвиткано со тајна. Се чини дека е една форма на глаголот hayah, „да се биде“, и во тој случај би значело: „Вечен“, „Постоечки“, „Самопостоечки“, „Самодоволен“ или „Оној кој живее вечно“. Божествените атрибути, кои се чини дека се нагласени со тоа име, укажуваат на самопостоење и верност. Упатуваат на Господа како жив Бог, Извор на животот, наспроти паганските богови, кои не постојат никаде освен во имагинацијата на своите приврзаници.

Самиот Бог го објаснува значењето на името Јахве во 2. Мојсеева 3,14: „Јас сум Оној, Кој вечно постои!“ Ова значење ја изразува реалноста на безусловното постоење на Бога, додека истовремено укажува на Неговиот авторитет над минатото, сегашноста и иднината.

Јахве е исто така и лично Божјо име. Претставувањето на Јахве како Оној што го повикал Аврам од Ур, претставува најава за Божјиот завет со него во 1. Мојсеева 12,1-3. Бог сака Аврам да го знае Неговото име, затоа што тоа име открива одредени аспекти на неговиот идентитет, лична природа и карактер – а врз основа на тие сознанија, можеме да научиме да се надеваме и да имаме доверба во Неговите ветувања (Псалм 9,10; 91,14).

**Кога ќе го слушнете или помислите на името Јахве, кои карактерни црти или особини автоматски ви паѓаат на ум? Дали се тие љубов, добрина и грижа или страв, строгост и дисциплина? Кои мисли автоматски ви паѓаат на ум кога ќе помислите на името Исус?**

# ЕЛ ШАДАЈ

**„Аврам имаше деведесет и девет години кога му се јави Господ и му рече: 'Јас сум Ел-Шадај – Бог семоќен, чекори по Мојот пат и биди непорочен!'" (1. Мојсеева 17,1)**

Јахве му се јавил на Аврам неколку пати порано (1. Мојсеева 12,1.7; 1. Мојсеева 13,14; 1. Мојсеева 15,1.7.18). Сега, во нашиот воведен стих, Јахве повторно му се јавува на Аврама („му се јави Господ"), претставувајќи се себеси како „Бог Семоќен" – име што се користи, со само два исклучоци, во 1. Мојсеева и во Книгата за Јов. Името „Бог Семоќен" (Ел Шадај) се состои од зборот Ел, што е основно име за Бога кое се користи меѓу Семитите и зборот Шадај. Иако точното значење на тој збор не е целосно јасно, може да се каже дека преводот „Семоќен" е најточен. (Споредете Исаија 13,6 и Јоил 1,15.) Се чини дека клучната мисла при употребата на тоа име е да се направи контраст меѓу Божјата моќ и сила и слабоста и кревкоста на човештвото.

**Прочитајте 1. Мојсеева 17,1-6, кој ни помага да ставиме сè во поширок контекст. Зошто Господ во тој момент сакал да ги нагласи пред Аврама неговата моќ и сила? Што вели Бог а бара од Аврам да се потпре на таа моќ и сила? Обрнете посебно внимание на 6. стих.**

---

Буквалниот превод на 1. Мојсеева 17,1-6 би гласел:

„И, кога Аврам имаше деведесет и девет години, му се јави Јахве и му рече: Јас сум Ел-Шадај, живеј според мојата волја и биди чесен. И ќе склучам завет меѓу мене и тебе и ќе те размножам премногу... Ете, мојот завет со тебе дека ќе станеш татко на многу народи... Ќе ти дадам големо семејство. Истото име се појавува и во текстот 1. Мојсеева 28,3, каде што Исак вели дека Ел Шадај ќе го благослови Јакова, ќе го направи плоден и ќе го намножи.

Слични ветувања за Ел Шадај се наоѓаат во текстовите 1. Мојсеева 35,11; 1. Мојсеева 43,14 и 1. Мојсеева 49,25, кои ја покажуваат Божјата великодушност – Ел, Бог на силата и авторитетот и Шадај, Бог на неисцрпно богатство – богатство кое е подготвен да им го дарува на оние што Го бараат со вера и послушност.

**Се вели дека розата би мирисала подеднакво убаво и под кое било друго име, што би значело дека името не е важно. Меѓутоа, колку утеха и надеж би пронашле во Господа ако Неговото име беше „Кревок Бог" или „Слаб Бог"? Погледнете го уште еднаш воведниот стих. Заменете ги зборовите „Бог Семоќен" со тие две други имиња. Ако Господ ни се претстави на таков начин, како тоа би влијаело на нашата вера и доверба во Него? И од друга страна, каква утеха ни дава името Ел Шадај?**

# ОД АВРАМ ДО АВРААМ (1. МОЈСЕЕВА 17,4.5)

Божјите имиња имале свое духовно и теолошко значење, но тоа не се однесувало исклучиво на Него. Ни имињата на луѓето на древниот Блиски Исток не биле само начин на препознавање без некое подлабоко значење, како што често се случува со нашите имиња денес. Да му се даде име на девојче Мери или Сузи, тоа денес не претставува голема разлика. Но, за древните Семити, имињата што им биле давани на луѓето имале големо духовно значење. Сите семитски лични имиња биле со смисла и обично се состоеле од фрази или кратка реченица која содржела некаква желба или израз на благодарност од страна на родителите. На пример, Даниел значи „Бог е мојот судија“; Јоил – „Јахве е Бог“, а Натан – „Божји дар“.

Поради значењето што им се придавало на имињата, тие честопати биле менувани за да означат некоја драстична промена во животот или во животните околности на поединецот.

**Побарајте ги следниве текстови. На кои ситуации се однесуваат и зошто имињата биле променети во тие ситуации?**

1. 1. Мојсеева 32,28 ____________________________________

2. 1. Мојсеева 41,45 ____________________________________

3. Даниел 1,7 ________________________________________

Во извесна смисла, сепак, не е толку тешко, дури ни за современиот ум, да го сфати значењето на нечие име. Постојат суптилни, а понекогаш и не толку суптилни влијанија. Ако некого постојано го нарекуваат „глупав“ или „грд“, и ако голем број луѓе цело време така се обраќаат кон некого, тие имиња, порано или подоцна, ќе се одразат на начинот на кој таа личност се доживува себеси. Затоа, со давање на одредени имиња на луѓето, или со промена на нивното име, може да се влијае на тоа како тие ќе гледаат на себеси, а со самото тоа и како ќе се однесуваат.

Имајќи го ова на ум, не е тешко да се разбере зошто Бог сакал да го промени името на Аврам во Авраам. Аврам значи „Возвишен Отец“, а Бог го сменил во Авраам, што значи „татко на многу народи“. Кога ќе го погледнете заветното ветување во кое Бог вели: „И многу, премногу ќе те умножам, и ќе издигнам од тебе многу народи, и цареви ќе произлезат од тебе“ (1. Мојсеева 17,6), таквата промена на името има поголема смисла. Можеби со тоа Бог сакал да му помогне да поверува во заветното ветување – дадено на 99-годишен старец оженет со стара жена која дотогаш била неплодна. Накратко, Бог го сторил тоа за да ја зајакне верата на Аврам во ветувањата што му ги дал.

## ФАЗИ НА ЗАВЕТОТ (1. МОЈСЕЕВА 12,1.2)

Во овие два стиха, се открива првата фаза (има три) од Божјото заветно ветување на Аврам. Бог му се јавил на Аврам, му дал заповед, а потоа и ветување. Овој пристап кажува дека Бог го избрал Аврам да биде првата главна фигура во Неговиот посебен завет на милоста. Таа заповед вклучувала тест на целосна доверба во Бога (Евреите 11,8). Ветувањето (1. Мојсеева 12,1-3.7), иако е упатено посебно на потомците на Авраам, во крајна линија претставува ветување за целото човештво (1. Мојсеева 12,3; Галатјаните 3,6-9).

Втората фаза на Божјиот завет со Аврам се појавува во текстот 1. Мојсеева 15,7-18. Во кои стихови наоѓаме некои од истите чекори што се појавуваат и во првата фаза?

- Бог му се јавува на човекот? Стихови? ____________________

____________________________________________

- Повик за послушност упатен до човекот? Стихови? ____________

____________________________________________

- Божествено ветување? Стихови? ______________________

____________________________________________

Во свечениот обред, во втората фаза, Господ му се јавил на Аврам и поминал меѓу внимателно подредените делови на животните. Секое од трите животни било пресечено на половина, а потоа половините биле поставени едни спроти други, со премин меѓу нив. Птиците биле убиени, но не и пресечени. Оние што склопувале завет требало да одат меѓу деловите на животните, симболички да се заколнат на трајна послушност на одредбите околу кои толку свечено се договориле.

**Опишете што се случувало за време на третата и последна фаза на божествениот завет со Аврам (видете 1. Мојсеева 17,1-14).**

Значењето на името Авраам ја нагласува Божјата желба и Неговиот план да ги спаси сите народи. Тие „многу народи“ вклучувале и Евреи и незнабошци. Новиот завет повеќе од јасно нагласува дека вистински потомци на Аврам се оние кои ја имаат Аврамовата вера и кои се надеваат во заслугите на ветениот Месија (видете Галатјаните 3,7.29.) Затоа, уште од Аврам, Господ имал намера да спаси што повеќе луѓе, без оглед на кој народ му припаѓале. Несомнено е дека ни денес не е поинаку.

**Прочитајте го текстот Откровение 14,6.7 – порака на првиот ангел. Каква паралела наоѓате меѓу зборот ангел и Аврамовиот завет? Во која смисла станува збор за исти прашања?**

## ЗАВЕТНИ ОБВРСКИ

**„Затоа што го избрав за да им заповеда на синовите свои, и на домот свој по себе, да одат по патот Господов и да извршуваат правда и суд, и Господ ќе го исполни сè она, што му го вети на Авраам“ (1. Мојсеева 18,19).**

Како што видовме до сега, заветот е секогаш завет на милоста, при што Бог го прави за нас она што самите ние никогаш не би можеле да го направиме. Заветот со Аврам не е исклучок.

Во својата милост, Бог го избрал Аврам како свое орудие за да му го објави на светот планот на спасението. Меѓутоа, исполнувањето на Божјите заветни ветувања било поврзано со подготвеноста на Аврам да постапува праведно и преку верата да Му биде послушен. Без таа послушност од страна на Аврама, Бог не можел да го употреби.

Текстот 1. Мојсеева 18,19 покажува на кој начин се поврзани милоста и законот. Сè започнува со милоста, а на тоа се надоврзува и фактот дека Аврам е човек што му е послушен на Господа и кој ќе го наведе и своето семејство да биде послушно. Според тоа, верата и делата се појавуваат тука во блиска врска, како што и мора да бидат (видете Јаков 2,17).

**Меѓутоа, обрнете внимание на тоа како е формулиран текстот 1. Мојсеева 18,19, а особено на неговиот последен дел. На кој начин се зборува за послушноста на Аврам тука? Иако послушноста не е средство за спасение, какво значење ѝ се придава овде? Според овој текст, дали заветот може да се исполни без него? Објаснете го својот одговор.**

Во благословите на заветот не може да се ужива, ниту можат да се зачуваат ако не се исполнат одредени услови. Иако овие услови не биле неопходни за воспоставување на заветот, тие треба да бидат одговор на љубовта, верата и послушноста. Тие се резултат на односот меѓу човештвото и Бога. Послушноста е средство преку кое Бог може да ги исполни своите заветни ветувања што им ги дал на луѓето.

Прекршувањето на заветот, поради непослушност, претставува неверство спрема воспоставениот однос. Кога се крши заветот, прекршеното не е услов за давање, туку услов за исполнување.

**Можете ли, во вашето лично искуство со Господа, да согледате зошто послушноста е толку важна? Можете ли да се сетите на некој пример, или од Библијата или од лично искуство, кога, поради непослушност, исполнувањето на заветните ветувања било невозможно? Ако можете да се сетите, кои се тие примери и, што е уште поважно, дали има лек за тоа?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата Патријарси и пророци од Елена Вајт, прочитајте ја главата „Повикувањето на Аврам“ стр. 125-131 оригинал, и во книгата Делата на апостолите, главата „Евреин и незнабожец“, стр. 188-200 оригинал.

Виножитото е знак на Божјиот завет со Ное. Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 17,10 за да откриете кој бил знакот на Божјиот завет со Аврам. Обрежувањето било „предодредено“: (1) за да се разликуваат потомците на Аврам од незнабошците (Ефесјаните 2,11), (2) за да се сочува во сеќавање Јеховиниот завет (1. Мојсеева 17,11), (3) за да се негува моралната чистота (5. Мојсеева 10,16), (4) за да ја претстави праведноста врз основа на верата (Римјаните 4,11), (5) да симболизира обрежување на срцето (Римјаните 2,29) и (6) да го навести христијанскиот обред на крштевање (Колошаните 2,11.12)“ (The SDA Bible Commentary, vol. 1, pp. 322, 323).

Виножитото ќе остане знак на Божјото ветување сѐ до крајот на светот, но обрежувањето нема. Според апостол Павле, Аврам примил обрежување како знак на праведноста стекната со вера во Бога (Римјаните 4,11). Меѓутоа, низ вековите обрежувањето почнало да се смета за нешто што означува спасение засновано на послушност кон законот. Во новозаветниот период, обрежувањето го изгубило своето значење. Наместо тоа, клучен елемент е верата во Исуса Христа, која води кон послушност и преобразен живот. Прочитајте Галатјаните 5,6; Галатјаните 6,15 и 1. Коринќаните 7,18.19.

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Разговарајте за односот меѓу верата и делата. Може ли едното да постои без другото? Ако не, зошто не?**
2. **„И денеска мнозина се искушуваат на ист начин како и некогаш што е искушуван и проверуван Аврам. Иако тие не го слушаат Божјиот глас како им зборува непосредно од небото, Тој сепак ги повикува преку учењата на својата Реч и преку настаните на своето провидение. Тие можат да бидат повикани да го напуштат своето занимање што им ветува богатство и чест, да се откажат од погодните и корисни врски и да се одделат од своите роднини за да кренат на пат кој, навидум, пружа само тешкотии, самооткажување и жртви. Бог ја определил задачата што тие треба да ја извршат; меѓутоа, полесниот живот и влијанието на пријателите и роднините би го попречувале развојот токму на оние особини што се најсуштествени за извршување на таа од Бога определена задача. Тој ги изделува од влијанието и од поддршката на луѓето и ги наведува да почувствуваат потреба од неговата помош и да зависат само од него за да може Тој да им се открие. Кој е готов при повикот на Провидението да се откаже од своите омилени планови, од семејните и од другите интимни врски со друштвото?“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 126, 127 оригинал). Разговарајте за некои современи примери на оние кои ѕвиле на истиот повик.**

ЗАКЛУЧОК

*Бог го повикал Аврама да стапи во посебен однос со Него – однос кој на светот ќе му го открие планот на спасението.*

**Поука 5**
**Од 24 – 30 април 2021**

# ДЕЦА НА ВЕТУВАЊЕТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 15,1-3; Исаија 25,8; 1. Коринќаните 2,9; Откровение 22,1-5; 1. Петрово 2,9; 1. Мојсеева 11,4; 1. Мојсеева 12,2.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ете, јас сум секогаш со вас, дури до крајот на светот“ (Матеј 28,20).**

„Еден татко и неговата десетгодишна ќерка го поминувале својот одмор на море. Во една прилика тие отпливале малку подалеку од брегот, и иако и двајцата биле добри пливачи, плимата почна да ги влече кон отвореното море. Сфаќајќи го ова, таткото викнал кон своето дете: ’Мери, одам на брегот за да побарам помош. Ако се умориш, сврти се на грбот. Така можеш да лебдиш на водата цел ден. Јас ќе се вратам за тебе.‘ Потоа се разделиле.

Наскоро, многу чамци за спасување пловеле наоколу во потрага по девојчето, додека стотици луѓе на брегот, кога слушнале за оваа вест, со нетрпение го чекале исходот. Им требало четири часа за да го пронајдат, далеку од брегот. Тоа лебдело мирно на грб без да чувствува никаков страв. Весели извици, измешани со солзи радосници и со олеснување, ги дочекале спасувачите кога се вратиле со својот скапоцен товар, но девојчето било сосема мирно. Нејзе ѝ се чинело како сите да се однесуваат малку чудно. „Тато ми рече дека можам да лебдам на грб цел ден“, забележало девојчето. ’Па јас пливав и лебдев зашто знаев дека тој ќе се врати‘“ (H. M. S. Richards, „When Jesus Comes Back“, Voice of Prophecy News, March 1949, p. 5).

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**РЕЗИМЕ**

*Зошто Господ зборува за себе дека е како штит на Аврам? На кој начин требало преку Аврам да бидат благословени „сите племиња на земјата“? Кое е најголемото од сите заветни ветувања?*

## ВАШИОТ ШТИТ

**„По тие настани Бог му испрати слово на Аврама, во видение: „Не бој се, Авраме! Јас Сум твој штит; а твојата награда ќе биде многу голема“ (1. Мојсеева 15,1).**

**Прочитајте 1. Мојсеева 15,1-3. Размислете за контекстот во кој е дадена таа порака. Зошто првото нешто што Господ му го вели на Аврам е: „Не бој се“? Од што стравувал Аврам?**

____________________________________________________________

Она што е особено интересно овде е дека Господ му вели на Аврам: „Јас сум твој штит.“ Употребата на лична заменка укажува на личната природа на тој однос. Бог ќе се однесува кон него непосредно еден кон еден, исто како што ќе се однесува кон секого од нас.

Ова е првпат Бог во Библијата да се нарекува „Штит“, а тоа е единствен пат кога тој се открива себеси на овој начин, иако има и други библиски текстови во кои се користи овој израз за Него (5. Мојсеева 33,29; Псалм 18,30; Псалм 84,11; Псалм 144,2).

**Кога Бог за себе вели дека е нечиј штит, што навистина значи тоа? Дали тоа му значело на Аврам нешто што не можело да значи за нас во овој момент? Дали и ние имаме право на тоа ветувањето? Дали тоа би значело дека никогаш нема да бидеме физички повредени? Во која смисла Бог е наш штит? Како ја разбирате таа слика?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Христовото интересирање за нас не е попатно, туку посилно од она што мајката го чувствува за своето дете ... Нашиот Спасител нѐ откупил со тоа што како човек страдал и поднесувал маки, навреди, укори, малтретирање, потсмевање, отфрлање и смрт. Тој бдее на тебе Божјо дете, кое се тресеш. Тој ти дава сигурност под својата заштита ... Слабоста на нашата човечка природа нема да нѐ го попречи нашиот пристап до Небесниот Отец, затоа што Тој (Христос) умрел за да посредува за нас“ (Елена Вајт, *Божји синови и ќерки,* стр. 77 оригинал).

**Според она што можело да се види, Роландо бил верен Господов следбеник. Но тој починал сосема неочекувано. Како тогаш Бог бил неговиот штит? Или, оваа идеја за Бога како наш штит мора да ја разбереме на сосема поинаков начин? Објаснете. Од што ветува Бог дека секогаш ќе нѐ штити? (Видете 1. Коринќаните 10,13.)**

____________________________________________________________

# МЕСИЈАНСКО ВЕТУВАЊЕ – ДЕЛ 1

**„И сите племиња на земјата ќе бидат благословени поради тебе и поради потомството твое“ (1. Мојсеева 28,14).**

**„А, ако сте, пак, вие Христови, тогаш сте Авраамово семе, и по ветување наследници“ (Галатјаните 3,29).**

Господ повеќе пати му кажал на Аврама дека во неговото семе – неговото потомство – сите народи на земјата ќе бидат благословени (види исто така 1. Мојсеева 12,3; 1. Мојсеева 18,18; 1. Мојсеева 22,18). Ова прекрасно заветно ветување било повторено многу пати, бидејќи, од сите ветувања, тоа е најважно, најтрајно и им дава вредност на сите останати ветувања. Во извесна смисла, тоа било ветување за подемот на еврејската нација, преку која Господ сакал да ги поучи „сите племиња на земјата“ за вистинскиот Бог и за Неговиот план за спасение. Меѓутоа, ова ветување достигнува целосно исполнување дури во Исуса Христа, кој дошол како Аврамов потомок – во Оној што на Крстот платил за гревовите на сите племиња на земјата.

Размислете за заветното ветување дадено по Потопот (кога Господ ветил дека нема повеќе да го уништи светот со вода). Какво конечно добро би му донело тоа, кога не би било ветувањето за откупувањето што го наоѓаме во Исуса? Каква конечна полза би донело кое било од другите Божји ветувања без ветувањето за вечен живот што го наоѓаме во Христа?

**Како го разбирате тврдењето дека во Аврам, преку Исуса, ќе бидат благословени „сите племиња на земјата“? Што значи тоа?**

---

Несомнено, заветното ветување за Спасителот на светот е најголемото од сите Божји ветувања. Откупителот лично станува средство со кое се исполнуваат обврските предвидени со заветот и се исполнуваат сите други негови ветувања. Сите, Евреите и обратениците од незнабоштво, кои стапуваат во сојуз со Него, припаѓаат на вистинското Аврамово семејство и стануваат наследници на ветувањето (Галатјаните 3,8.9.27-29), односно наследници на вечниот живот во безгрешно окружување во кое злото, болката и страдањето никогаш повеќе нема да се појават. Можете ли воопшто да замислите подобро ветување од ова?

**Зошто ветувањето за вечен живот во еден свет без грев и страдање е толку привлечно за нас? Дали можеби причината е во тоа што првобитно сме биле создадени токму за таков живот? Кога копнееме по тоа, дали всушност копнееме за нешто што претставува темел на нашата природа?**

## МЕСИЈАНСКО ВЕТУВАЊЕ – 2 ДЕЛ

**„За да уживаме во вистинска среќа, мора да отпатуваме многу далеку, дури и над нас самите“ – Томас Браун.**

**Погледнете го горенаведениот цитат, напишан во 17 век. Дали се согласувате со него или не? Прочитајте го во контекст на стиховите 1. Солуњаните 4,16-18 и Откровение 3,12.**

Августин го напишал следново за состојбата на човекот: „Овој наш живот – ако едно постоење на толку многу болка може со право да се нарече живот – сведочи за фактот дека, од самиот почеток, расата на смртниците е всушност осудена раса. Помислете најпрво за ужасната бездна на незнаењето од која произлегуваат сите заблуди и на тој начин ги туркаат Адамовите синови во мрачно мочуриште од кое никој не може да избега а да не плати данок во маки, солзи и стравови. Потоа, земете ја предвид самата наша љубов кон сето она што се покажува толку напразно и отровно и што создава толку многу главоболки, неволји, жалости и стравови; таквите неразумни радости среде раздори, расправии и војни;... такви измами, кражби, грабежи; таква подмолност и гордост, завист и амбиција, убиства, суровост и дивјаштво, беззаконие и страст; сите бесрамни страсти на нечистите – блуд и прељуба, инцест и неприродни гревови, силувања и безброј други нечистотии, премногу непријатни за споменување; гревови против религијата – хулење и ерес, богохулство и кривоклетство; гревови против нашите ближни – клевети и измами, лаги и лажно сведочење, насилство врз луѓе и имот; неправда на судовите и безброј други болки и јадови со кои е исполнет светот, а сепак се измолкнуваат пред вниманието“ (Augustine of Hippo, The City of God, Gerald G. Walsh, S. J. trans. (New York: Doubleday & Co., 1958), book 22, chap. 22, p. 519).

Зборовите на Августин можат да се применат во многу денешни градови, иако тој ги запишал пред повеќе од 1500 години. Малку се сменило во човештвото, поради што луѓето копнеат по избавување.

За среќа, колку и да е тешка нашата ситуација во овој момент, иднината може да биде светла, но само благодарение на она што Бог го направил за нас преку животот, смртта, воскресението и првосвештеничката служба на Исуса Христа – конечното исполнување на заветното ветување дадено на Аврам – дека сите племиња на земјата ќе бидат благословени преку неговите потомци.

**Прочитајте ги уште еднаш зборовите на Августин. Обидете се да ја опишете со свои зборови тажната состојба во денешниот свет. Во исто време, побарајте некој библиски текст кој зборува за тоа што ни ветил Бог во Исуса Христа (на пример, Исаија 25,8; 1. Коринќаните 2,9; Откровение 22,2-5). Размислувајте за тие ветувања. Присвојте ги за себе. Само тогаш ќе успеете да ја сфатите вистинската смисла на заветот.**

## ГОЛЕМ И СИЛЕН НАРОД...

Не само што Бог му ветил на Аврама дека сите племиња на земјата ќе бидат благословени во него, туку рекол и дека ќе направи од него „голем и силен народ“ (1. Мојсеева 18,18; видете и 1. Мојсеева 12,2; 1. Мојсеева 46,3) – мошне големо ветување за маж чија сопруга ги поминала годините за раѓање. Според тоа, во времето кога Аврам немал потомци, а особено што немал син, Бог му го ветил и едното и другото.

Сепак, тоа ветување не било исполнето во целост додека Аврам бил жив. Ниту, пак, Исак и Јаков го виделе неговото исполнување. Бог му го повторил ова ветување на Јакова, со дополнителен податок дека тоа ќе се исполни во Египет (1. Мојсеева 46,3), но и Јаков не го видел тоа. Се разбира, ветувањето своевремено било исполнето.

**Зошто Господ сакал од Аврамовите потомци да направи еден посебен народ? Дали тој само сакал уште една земја со одредено етничко потекло? Која цел требало да ја исполни тој народ? Прочитајте ги следниве текстови: 2. Мојсеева 19,5.6; Исаија 60,1-3; 5. Мојсеева 4,6-8; потоа напишете го вашиот одговор на линиите подолу:**

________________________________________________

Врз основа на Светото писмо, се чини очигледно дека Бог имал намера да ги привлече сите народи на светот кон Себе врз основа на сведоштвото на Израел, кое, благодарение на Неговиот благослов, требало да биде среќен, здрав и свет народ. Еден таков народ требало да покаже благослов што произлегува од послушноста кон волјата на Создателот. Многу народи на земјата би биле на тој начин привлечени да му служат на вистинскиот Бог (Исаија 56,7). Затоа било потребно да се сврти вниманието на човештвото кон израелскиот народ, кон нивниот Бог и Месија, кој ќе се појави меѓу нив како Спасител на светот.

„Синовите Израелови требало да ја запоседнат целата територија што им ја определил Бог. Од неа требало да ги истераат сите народи кои одбиле да го обожаваат вистинскиот Бог и да му служат. Меѓутоа, Бог сакал преку Израел да го открие својот карактер и со тоа да ги привлече луѓето кон себе. Евангелскиот повик задолжително требало да му се упати на цел свет. Преку поуките што ги давала церемонијалната служба која опфаќала принесување на жртви, Христос морал да биде издигнат пред народите за да можат да живеат сите што ќе поверуваат во него“ (Елена Вајт, *Христовите параболи*, стр. 290 оригинал).

**Можете ли да забележите какви било паралели меѓу она што Господ сакал да го направи преку Израел и она што сака да го направи преку нашата црква? Ако забележувате, кои се тие паралели? Прочитајте го текстот 1. Петрово 2,9.**

## „ИМЕТО ТВОЕ ЌЕ ГО ПРОСЛАВАМ“

**„Од тебе ќе направам голем народ, и ќе те благословам, и името твое ќе го прославам и ти ќе бидеш благословен“ (1. Мојсеева 12,2).**

**Во 1. Мојсеева 12,2, Бог ветува дека ќе го направи Аврамовото име големо – односно, дека ќе го направи славно. Зошто Бог би сакал да стори такво нешто за кој било грешник, без оглед колку е послушен и верен? Кој заслужува „големо“ име? (Види Римјаните 4,1-5; Јаков 2,21-24.) Дали Бог му дарувал величина на Аврама за негова лична полза, или таа претставува нешто многу повеќе? Објаснете.**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

**Споредете ги следниве текстови: 1. Мојсеева 11,4 и 1. Мојсеева 12,2. Која голема разлика постои меѓу нив? Во која смисла едното претставува „спасение со дела“, а другото „спасение со вера“?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

Колку и да е планот на спасението Христово дело во наша полза, сепак сме вклучени и ние – како приматели на Божјата благодат. Треба да ја одиграме нашата улога, со тоа што нашиот слободен избор ќе дојде до израз. Драмата на вековите, битката меѓу Христа и сатаната, сè уште се одвива во нас и преку нас. И луѓето и ангелите набљудуваат што се случува со нас во овој судир (1. Коринќаните 4,9). Затоа, она што сме, што го зборуваме, што го правиме, не само што е важно надвор од сферата на нашето непосредно влијание, туку има и импликации кои, во извесна смисла, одекнуваат низ целата вселена. Со нашите зборови, со нашите постапки, дури и со нашите ставови, можеме да го славиме Господа, кој направил толку многу за нас, а можеме и да го посрамотиме Него и Неговото име. Според тоа, кога Господ му вели на Аврама дека ќе го направи Неговото име големо, тој сигурно не зборувал за тоа на ист начин како кога овој свет зборува за некого дека има големо име. Она што го прави името големо во Божјите очи е карактерот, верата, послушноста, понизноста и љубовта кон другите – карактерни црти кои, иако често се почитуваат во светот, обично немаат пресудно значење за да се смета нечие име за големо.

**Погледнете некои мажи и жени кои имаат „големи“ имиња во светот денес, без разлика дали се тоа актери, политичари, уметници, богати или кој било друг. Што ги направило овие луѓе славни? Споредете го тоа со големината на Аврам. Што ни кажува тоа за фактот колку е изопачен световниот поим за величина? Во колкава мера овој световен став влијае и на нашето разбирање на тоа што значи да се биде голем?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата Патријарси и пророци од Елена Вајт, прочитајте ги главите со наслов „Аврам во Ханан“, стр. 132-144 оригинал и „Проверка на верата“, стр. 145-155 оригинал.

„Проверката на која бил изложен Аврам со ова не била ниту малку лесна, ниту жртвата што се барала од него била малечка. Постоеле силни врски што го врзувале за родното место, за роднините и пријателите, но тој не се колебал ниту се притеснувал да го прифати Божјиот повик. Во врска со ветената земја тој не поставувал прашања ... Бог рекол, а неговиот слуга требало само да послуша; за него најсреќно место на земјата било она што ќе му го одреди Бог“ (Е. Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 126 ориг.).

Кога Аврам влегол во Ханан, Господ му се јавил и му дал до знаење дека земјата, иако тој само привремено престојува во неа, ќе им биде дадена на неговите потомци (1. Мојсеева 12,7). Бог го повторил ова ветување повеќе пати (1. Мојсеева 13,14.15.17; 1. Мојсеева 15,13.16.18; 1. Мојсеева 17,8; 1. Мојсеева 28,13.15; 1. Мојсеева 35,12). Околу четиристотини години подоцна, исполнувајќи го ветувањето (1. Мојсеева 15,13.16), Господ му најавил на Мојсеја дека ќе го изведе Израел од Египет во земја во која тече мед и млеко (2. Мојсеева 3,8.17; 2. Мојсеева 6,8). Бог му го повторил истото ветување на Исус Навин (Исус Навин 1,3), а во времето на Давид тоа ветување во голема мера, иако не целосно, се исполнило (1. Мојсеева 15,18-21; 2. Самоилова 8,1-14); 1. Царевите 4,21; 1. Летописи 19,1-19).

Сега прочитајте Евреите 11,9.10.13-16. Овие стихови јасно покажуваат дека Аврам и другите верни патријарси го гледале Ханан како симбол или навестување за конечното живеалиште на Божјиот откупен народ. Во услови на грав, невозможно е да имате постојан дом. Животот е поминлив, како „пареа, која се појавува за кратко време, па исчезнува“ (Јаков 4,14). Како духовни Аврамови потомци, и ние мора да увидиме дека „овде немаме постојан град, туку го очекуваме оној што ќе дојде“ (Евреите 13,14). Сигурноста на идниот живот со Христа ни дава постојаност во сегашниот свет на промени и пропаѓање.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Какво влијание би требало да има Божјето ветување за нова земја врз нашето лично христијанско искуство? (Спореди: Матеј 5,5; 2. Коринќаните 4,17.18; Откровение 21,9.10; Откровение 22,17).**
2. **„Вистинската величина е резултат на потчинувањето на Божјите заповеди и усогласување со Неговата божествена цел“ (SDA Bible Commentary, vol. 1, p. 293). Разговарајте за значењето на оваа изјава.**

### ЗАКЛУЧОК

*Ветувања! Колку се драгоцени за оној што верува! Дали ќе се исполнат? Верата вели: Да.*

**Поука 6**
**1 - 7 мај 2021**

# ПОТОМЦИТЕ НА АВРАМ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Езекиел 16,8; 5. Мојсеева 28,1.15; Еремија 11,8; 1. Мојсеева 6,5; Јован 10,27.28; Галатјаните 3,26-29; Римјаните 4,16.17.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Но вие сте избран род, царско свештенство, свет народ, луѓе придобиени за да ги возвестите совршенствата на Оној Кој ве повикал од темнина во Својата чудесна светлина“ (1. Петрово 2,9).**

Во еден мал град, часовникот во излогот на златарницата запрел еден ден во петнаесет до девет. Многу од жителите на градот зависеле од тој часовник за да го знаат точното време. Тоа утро, вработените мажи и жени погледнале низ излогот и виделе дека е само петнаесет до девет. Децата на патот до училиште се изненадиле кога виделе дека има уште многу време за шетање. Многумина тоа утро задоцниле бидејќи малиот часовник во излогот на златарницата запрел“ (C. L. Paddock, God’s Minutes; Nashville, TN: Southern Publishing Association, 1965, p. 244, адаптирано).

Колку соодветна илустрација за неуспехот на древниот Израел. Господ ги поставил „среде народи“ (Езекиел 5,5) – на стратешка крстосница меѓу три континенти (Африка, Европа и Азија). Тие требало да бидат духовен „часовник“ за овој свет.

Но Израел, како часовникот во излогот на златарницата, во извесна смисла, запрел. Сепак, тоа не бил целосен неуспех, бидејќи и тогаш, како и денес, Бог го имал својот верен остаток. Во фокусот на нашето проучување за оваа седмица ќе биде идентитетот и улогата на вистинскиот Божји Израел во секое време, вклучувајќи го и нашето.

**РЕЗИМЕ**

*Кои заветни ветувања му ги дал Господ на Израел? Кои услови оделе со нив? Колку успешно народот ги исполнил тие ветувања? Што се случувало кога биле непослушни?*

## „МЕЃУ СИТЕ НАРОДИ...“

**„Зашто ти си свет народ на Господ, твојот Бог; тебе те избра Господ, твојот Бог, за да бидеш негов сопствен народ меѓу сите народи, што се на земјата“ (5. Мојсеева 7,6).**

Нема сомнение во тоа: Господ конкретно го избрал еврејскиот народ да биде Негов специјален претставник на Земјата. Зборот преведен како „посебен“ во воведниот стих, segullah, може да значи „вреден имот“ или „особено богатство“. Клучна работа што треба да се има предвид е што овој избор во потполност бил Божји чин, израз на Неговата благодат. Немало ништо во тој народ поради кое тој би ја заслужил таа благодат. Не можело ни да има, бидејќи благодатта е нешто што доаѓа незаслужено.

**Прочитајте го текстот Езекиел 16,8. Како тој ни помага да објасниме зошто Господ го избрал Израел?**

___

„Зошто Јахве го избрал Израел? Тоа е загадочно прашање. Тоа била мала група луѓе без некоја посебна култура или престиж. Не поседувал некои посебни квалитети што би го оправдале ваквиот избор. Тоа било исклучиво Божји чин ... Крајниот повод за овој избор лежи во тајната на божествената љубов. Сепак, факт е дека Бог го сакал Израел и дека го избрал него, и со тоа го исполнил ветувањето дадено на татковците... Тој бил избран врз основа на љубовта на Јахве кон него. Тој бил ослободен од ропството во Египет со пројавување на моќта на Јахве. Еднаш нека ги сфати тие големи факти и ќе увиди дека тој е навистина свет и посебно ценет народ. Оттука, секоја склоност од негова страна да се откаже од таквиот благороден статус заслужува крајна осуда“ (J. A. Thompson, Deuteronomy; London: Inter-Varsity Press, 1974, pp. 130, 131).

Според божествениот план, Израелците требало да бидат и царски и свештенички род. Во еден лош свет, тие требало да бидат цареви, во морална и духовна смисла, на тој начин што ќе го надвладеат царството на гревот. Како свештеници, тие требало да му се приближат на Господа во молитва, во славопои и жртви. Како посредници меѓу Бога и паганските народи, требало да служат како учители, проповедници и пророци и да бидат пример за светото живеење – небесни претставници на вистинската религија.

**Погледнете ја реченицата во воведниот стих, во која Господ вели дека тие требало да бидат „народ меѓу сите народи, што се на земјата“. Имајќи го предвид сето она што Словото нè учи за доблеста на понизноста и опасностите од гордоста, што мислите што значи тој стих? Во која смисла тие треба да бидат „меѓу сите народи? Треба ли да ја примениме оваа идеја и на нас како црква? Ако е така, на кој начин?**

## ДОГОВОР ЗА ЗЕМЈАТА (1. МОЈСЕЕВА 35,12)

Ветувањето дека земјата ќе му биде дадена на Божјиот народ, Израел, најпрво му било упатено на Аврам, а потоа повторено на Исак и Јаков. Во својот говор на смртната постела, Јосиф го повторил ова ветување (1. Мојсеева 50,24). Меѓутоа, Бог го известил Аврама дека ќе поминат „четиристотини години“ пред неговите потомци да завладеат со таа земја (1. Мојсеева 15,13.16). Исполнувањето на ова ветување започнало во времето на Мојсеј и Исус Навин. Мојсеј ја повторил божествената заповед: „Ете, ви ја давам таа земја, одете, земете ја земјата“ (5. Мојсеева 1,8).

**Прочитајте 5. Мојсеева 28,1.15. Што значат овие зборови? Накратко, земјата ќе му биде дадена на Израел, како дел од заветот. Заветот подразбира обврски. Кои обврски ги имал Израел?**

---

Првиот дел од 5. Мојсеева 28 ги опишува во кратки црти благословите што Израел ќе ги добие ако ја следи Божјата волја. Вториот дел од таа глава се однесува на клетвите што ќе ги снајдат ако не бидат послушни. Овие клетви биле „во голема мера, но не и во целост, предизвикани од едноставното дозволување на гревот во полна мера да ги манифестира своите лоши последици ... 'Кој сее во телото свое, од телото ќе пожнее погибел'“ (Галатјаните 6,8). Како што водата, препуштена сама на себе, нема да престане да тече додека не се изедначат нејзините нивоа; како часовникот кој, препуштен сам на себе, нема да престане да работи додека не се истроши целосно; како дрвото, кое е оставено да расте, не може а да не го даде својот плод – така и гревот има ниво кое треба да го достигне, насока во која тече, плод кој треба да созрее, но 'нивниот крај е смртта' (Римјаните 6,21)“ (The Pulpit Commentary: Deuteronomy, H.D.M. Spence and Joseph S. Exell, edc. (Peabody, MA: Hendrickson Publishers, 1985), vol. 3, p. 439).

И покрај сите ветувања за земјата, тие не можеле да се остварат безусловно. Тие биле дел од заветот. Израел морал да го исполни својот дел од спогодбата, а во случај да не го стори тоа, ветувањата можеле да бидат поништени. Господ мошне јасно рекол, многу пати, дека нивната земја, ако бидат непослушни, ќе им биде одземена. Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 26,27-33. Тешко е да се замисли дека Господ може да биде поотворен отколку во овој текст.

**Како христијани, очекуваме дека ќе ја примиме и зачуваме ветената земја на небото и обновената земја. Тие ни се ветени нам, исто како што Ветената земја им била загарантирана на Евреите. Меѓутоа, разликата е во тоа што, кога ќе стигнеме таму, не постои можност некогаш да ја изгубиме (Даниел 7,18). Во исто време, постојат услови за да стигнеме таму. Како ги разбирате овие услови, особено во контекст на спасението само преку вера?**

## ИЗРАЕЛ И ЗАВЕТОТ

**„Но тие не слушаа и не внимаваа, туку одеа секој според тврдокорноста на своето лошо срце; затоа испратив врз нив сè што е речено во овој завет, кој им го заповедав да го исполнуваат, но тие не го исполнуваа“ (Еремија 11,8).**

Погледнете го воведниот стих. Господ вели дека ќе ги донесе на нив „сите зборови на овој завет“. Но, Тој зборува за нешто лошо! Иако имаме тенденција да мислиме дека заветот ни носи само добро, постои и една друга страна. Тој принцип може да се види во случајот на Ное. Бог му понудил на Ное нешто прекрасно – да го поштеди од уништување – но Ное морал да послуша за да ги добие благословите на Божјата милост. Ако не го сторел тоа, ќе следела другата страна на заветот.

**Споредете го денешниот воведен стих со текстот 1. Мојсеева 6,5, кој зборува за претпотопниот свет. Какви паралели наоѓаме тука? Што кажуваат овие стихови кога станува збор за тоа колку е важно за нас да ги контролираме своите мисли?**

За жал, историјата на израелскиот народ, во најголем дел, била повторување на образецот на отпадот, проследено со божествен суд, покајание и период на послушност. Само за краток период, за време на владеењето на Давид и Соломон, Израел имал контрола над целата територија на Ветената земја.

Погледнете го следниот текст од Книгата на пророкот Еремија во врска со отпадништвото на Израел: „Ако мажот си ја остави жената, и таа си замине и стане жена на друг маж, може ли пак да се врати кај него? Нема ли со тоа да се оскверни таа земја? А ти со мнозина милосници блудствуваше, – и при сето тоа ќе се враќаш кај Мене? – вели Господ... Но, навистина, како што жена вероломна го изневерува сопругот свој, така вероломно постапивте со Мене вие, доме Израелов, вели Господ“ (Еремија 3,1.20).

Тука доаѓа до израз нешто за што претходно размислувавме – заветот што Бог сака да го склучи со нас не е некој студен, правен акт склучен меѓу деловни луѓе кои се обидуваат да постигнат најповолна спогодба за себе. Заветниот однос е праданост, сериозна и света како бракот, и тоа е причината зошто Бог ја користи таа слика.

Суштината е во тоа што отпадништвото на Израел немало свој корен во непослушноста, туку во прекинувањето на личниот однос со Господа – прекин чијашто последица била непослушност, со што на крајот си навлекле казна.

**Зошто овој личен, релациски аспект е толку клучен во христијанскиот живот? Зошто, кога нашиот однос со Бога не е исправен, толку сме склони да паднеме во грев и да покажеме непослушност? Што би му порачале на некој што би ви го поставил следното прашање: „Како можам да развијам таков однос со Бога, кој ќе биде длабок и проникнат со љубов?“**

## ОДМОРИ СЕ

И покрај тоа што Израел го повторил циклусот на отпадништво, божествени судови и покајание, каква надеж наоѓаме во следниве текстови?

- **Исаија 4,3** ____________________________________________

____________________________________________

- **Михеј 4,6.7**____________________________________________

____________________________________________

- **Софонија 3,12.13** ____________________________________________

____________________________________________

Иако Божјиот план за древниот Израел бил нарушен од непослушноста на народот, тој никогаш не бил целосно спречен. Меѓу плевелот сè уште растат некои цвеќиња. Многу од старозаветните пророци зборувале за тој верен остаток, кој Бог ќе го собере за себе како прекрасен букет.

Божјата цел во создавањето и зачувувањето на верниот остаток била истата што ја имал за целиот Израел – да го искористи како негова божествено поставено орудие. „И тие ќе им ја објават на народите славата Моја“ (Исаија 66,19). На овој начин и другите би им се придружиле на верните и би доаѓале „да се поклонат на Царот, на Господ Саваот“ (Захарија 14,16). Според тоа, колку и да станува лоша ситуацијата, Бог секогаш има некои верни луѓе кои, и покрај отпадништвото во редовите на Божјиот избран народ, ќе го зачува својот повик и избор (2. Петрово 1,10). Накратко, какви било пропусти да направи народот како целина, секогаш ќе има такви што ќе настојуваат, најдобро што можат, да ја одржат својата страна на заветот (види, на пример, 1. Царевите 19,14-18). И иако тие можеби и самите страдаат со својот народ (како во случајот со прогонство од земјата), сепак ќе го доживеат конечното и славно исполнување на заветното ветување, кое се однесува на вечниот живот.

**Прочитајте го текстот Јован 10,27.28. Што кажува Исус тука? Применете ги Неговите зборови и ветувањата содржани во нив на ситуацијата со отпадот во древниот Израел. Како овие зборови ни помагаат да го објасниме постоењето на верен остаток?**

____________________________________________

Пред неколку години, една млада жена целосно се откажала од својата вера, главно затоа што била обесхрабрена од гревот, отпадништвото и лицемерието што ги видела во нејзината локална црква. „Овие луѓе не се вистински христијани“, рекла таа, користејќи го тоа како оправдување за да се откаже од сè. Врз основа на принципите што ги проучувавме денес, одговорете зошто нејзиниот изговор е толку неубедлив?

## ДУХОВНИОТ ИЗРАЕЛ

Без оглед какви грешки и пропусти да направил древниот Израел, Господ не се откажал од својот план да создаде верен народ што ќе Му служи. Всушност, Стариот завет укажувал на времето кога Бог ќе го создаде духовниот Израел, посветено тело на верници, составено од Евреи и преобратени незнабошци, кои ќе го продолжат делото на проповедање на евангелието на светот. Добредојдовте во раната црква.

**Прочитајте Галатјаните 3,26-29.**

1. За кое ветување зборува Павле во 29. стих?
2. Кој клучен елемент ја прави една личност наследник на овие ветувања? (Галатјаните 3,26)
3. Зошто Павле ги руши разликите кога се во прашање полот, националноста и социјалниот статус?
4. Што значи да се биде „едно во Христа“?
5. Прочитајте го текстот Римјаните 4,16.17. Како овие стихови ни помагаат да разбереме што кажува Павле во Галатјаните 3,26-29?

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

Како потомок на Аврам, Христос станал, во посебна смисла, наследник на заветните ветувања. Со крштавањето ние влегуваме во сродство со Христа, а преку Него стекнуваме право на ветувањата дадени на Аврам. Значи, сѐ што Бог му ветил на Аврам се наоѓа во Христа, и ние имаме право на тие ветувања не поради нашата националност, раса или пол, туку врз основа на благодатта што Бог ни ја дава преку верата.

„Ветувањето дадено на Аврама и на неговото семе не се однесувало само на Ханан, туку на целата земја. Така кажува апостолот: ’Навистина, ветувањето на Аврама или на неговото потомство дека ќе биде наследник на светот не е дадено зависно од некој закон, туку од праведноста на верата‘ (Римјаните 4,13). А Библијата јасно кажува дека ветувањата дадени на Аврама треба да се исполнат преку Христа. Сите што се Христови ’се Аврамови потомци и според ветувањето наследници‘, наследници ’на непропадливо наследство што нема да изгние ниту да овене‘ (Галатјаните 3,29; 1. Петрово 1,4), а тоа е новата земја ослободена од клетвата на гревот“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 170 оригинал). Тоа ветување буквално ќе се исполни кога светите ќе живеат со Христа на новата земја низ сета вечност (Даниел 7,27).

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата Пророци и цареви од Елена Вајт прочитајте ги главите со наслов „Господовото лозје“, стр. 15-22 оригинал; „Надеж за незнабошците“, стр. 367-378 оригинал и „Израеловиот дом“, стр. 703-721 оригинал).

„Бог не признава никаква разлика по однос на народност, раса или боја. Тој е Творец на целиот човечки род. Сите луѓе му припаѓаат на едно семејство според создавањето и сите стануваат едно преку откупувањето. Христос дошол да ги разурне сите ѕидови што ги раздвојуваат луѓето, да ги отвори сите одделенија на храмот за секоја душа да може да има слободен пристап до Бога. Неговата љубов е толку широка, толку длабока и потполна што проникнува насекаде. Таа ги спасува заблудените од измамите на сатаната и ги доведува во близина на Божјиот престол, кој е окружен со виножитото на ветувањето. Во Христа нема ниту Грк ниту Евреин, ниту слободен човек ниту роб“ (Е. Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 369, 370 ориг.).

Прочитајте го текстот 1. Петрово 2,9.10 за да дознаете кои четири звања Петар ѝ ги припишува на црквата. Повеќето од овие титули се поврзани со следниве старозаветни текстови што се однесуваат на Израел: 2. Мојсеева 19,6 и Исаија 43,20. Што нагласува секое од овие звања во врска со односот на црквата кон Бога? (На пример, звањето „избран род“ го нагласува фактот дека Бог ја избрал црквата и ѝ наменил посебна улога.)

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Во древниот Израел, свештениците принесувале жртви на животни што укажувале на Месија. Како припадници на царско свештенство, какви жртви треба да принесуваат членовите на црквата? (1. Петрово 2,5)**
2. **Бог го одвоил Израел од светот за да може да биде свет народ. Покрај тоа, тие требало да ги споделуваат вистините за спасението со светот. Истото важи и за црквата денес. Како е можно да се одвоиме од светот и во исто време да можеме да му го објавиме Евангелието на светот? Како искуството на Израел и примерот на Исус ни помагаат да одговориме на ова прашање?**
3. **Бог секогаш чувал остаток во стариот Израел. Размислете за Илија и за остатокот што постоел во негово време (1. Царевите 19; забележете го посебно 18. стих). Зошто е често полесно да се биде верен на Бога меѓу световните луѓе отколку меѓу неверните членови на сопственото црковно семејство?**

### ЗАКЛУЧОК

*Божјиот вистински Израел (и пред и по Крстот) е Израел на верата, составен од луѓе кои живеат во духовен, заветен однос со Него. Таквите дејствуваат како Негови претставници, нудејќи му го на светот евангелието за Неговата спасоносна благодат.*

**Поука 7**
**Од 8 – 14 мај 2021**

# ЗАВЕТОТ СКЛУЧЕН НА СИНАЈ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 5. Мојсеева 1,29-31; Осија 11,1; Откровение 5,9; 5. Мојсеева 29,10-13; 2. Мојсеева 19,5.6; Римјаните 6,1.2; Откровение 14,12; Римјаните 10,3.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Сами видовте што им направив на Египќаните и како ве изнесов на крилја орлови, ве прибрав кај Себе“ (2. Мојсеева 19,4).**

Мало момче од семејство кое имало седум деца доживеало несреќа и било пренесено во болница. Ретко имало нешто доволно во неговиот дом. Никогаш не добивал повеќе од половина чаша млеко. Ако чашата била полна, таа била делена меѓу две деца, па затоа, оној што пиел прв морал да внимава да не пие премногу. Бидејќи малото дете било удобно сместено во болницата, медицинската сестра му донела голема чаша млеко. Ја погледнало копнежливо за момент, потоа, сеќавајќи се на немаштијата во неговиот дом, прашало: ’Колку можам да пијам?‘ Сестрата со солзи во очите и со грутка во грлото му одговорила: „Испиј го сето, малечок, испиј го сега!“ (H. M. S. Richards, „Free Grace“, Voice of Prophecy News, June 1950, p. 4).

Како во случајот со ова момче, за древниот Израел, како и за нас денес, било привилегија да се пие слободно од изворот на спасението. Избавувањето на Израел од повеќевековното ропство и угнетување претставувало величествена појава на божествената благодат. На ист начин, божествената благодат е вклучена во надминувањето на нашата зависност од гревот.

**РЕЗИМЕ**

*Која слика ја употребил Господ за да го опише својот меѓусебен однос со Израел? Во која смисла може да се споредат извештаите за Излезот и за Синај со личното спасение? Која била улогата на законот во заветот од Синај?*

## НА ОРЕЛСКИ КРИЛЈА

Израелците, како народ, потонале во египетското паганство во текот на долгите тешки векови, и тоа искуство несомнено го замаглило нивното знаење за Бога, за Неговата волја и добрина.

Како можел Бог повторно да ги придобие за себе?

За почеток, тој покажал искрена љубов кон Израел, што се манифестирало преку неговите моќни дела на избавување. Тој се обидел да го привлече народот со љубов да возврати на Неговата заветна понуда. Затоа од Синај најпрво ги потсетил на Неговите милостиви дела што ги направил во нивна полза.

**Кои две илустрации го опишуваат начинот на кој Господ го довел Израел од Египет до Синај?**

- **2. Мојсеева 19,4; 5. Мојсеева 32,10-12**____________________________

____________________________________________________________

- **5. Мојсеева 1,29-31; Осија 11,1**________________________________

____________________________________________________________

Какви поуки можеле овие илустрации да му дадат на Израел (а и нам) за природата на Божјиот став спрема неговиот народ?

Овие илустрации покажуваат дека нашиот Бог е свесен за нашата беспомошност. Прочитајте го текстот Псалм 103,13.14. И во двете слики за орелот и родителот што се грижи за своето дете, ние ја чувствуваме Божјата заинтересираност за наше добро. Тој е нежен, обезбедува поддршка, заштита и охрабрување, во желбата да нè доведе до целосна зрелост.

„Орелот е познат по својата необична посветеност кон своите млади. Исто така, познато е дека тој живее на непристапни планински карпи. Учејќи ги своите младенчиња да летаат, тој ги носи на грб кон тие високи врвови, а потоа ги остава слободно да паѓаат. Ако младенчето е сè уште премногу слабо и исплашено за да лета, таткото-орел се провлекува под него, го прифаќа на својот грб и повторно се качува со него до гнездото на карпестиот крш. И токму тоа, вели божествениот глас, е начинот на кој ’ве изнесов на крилја орлови, ве прибрав кај Себе‘“ (George A. F. Knight, Theology of Narration; Grand Rapids, MI: William B. Eerdmans Publishing Company, 1976; p. 128).

Споредете ја Божјата заинтересираност за нас со нашата заинтересираност едни за други. Како треба неговата грижа за нас да влијае на нашата грижа за другите?

**Врз основа на вашето лично искуство, на кои илустрации можете да се сетите а ја опишуваат несебичната заинтересираност на Бога за нас? Смислете сами некои сликовити прикази, засновани врз личното искуство. Користете примери од културата во која живеете. Споделете ги со другите во својата саботношколска класа.**

## ОБРАЗЕЦ НА СПАСЕНИЕТО

**„Затоа, кажи им на синовите на Израел: Јас сум Господ, и ќе ве извадам од египетскиот товар, ќе ви го простам ропството и ќе ве избавам со голема рака и со големи судови. И ќе те земам за да бидеш мој народ, и ќе бидам твој Бог, и ќе знаеш дека јас сум Господ, твојот Бог, кој те извлекува од египетскиот товар“ (2.Мојсеева 6,6.7).**

**Погледнете го воведниот текст. Кој принцип, како и порано, го наоѓаме во него во врска со Божјата улога кон човештвото во заветниот однос (сосредоточете се на тоа колку често се појавува зборот „Јас“ во овие стихови)?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Избавувањето на Израел од египетското ропство и избавувањето на Ное и неговото семејство од потопот се два видни спасоносни настани во Мојсеевеите списи. Обата даваат увид во науката за спасението. Но, излегувањето од Египет е настан што дава посебен увид во тој основен образец.

Кога Бог му вели на Израел (преку Мојсеја) „Јас ќе ве *избавам*“ (2. Мојсеева 6,6) тој буквално вели: „Јас ќе бидам твој одмазник“ или go’el.

„Изразот ќе ве *избавам* во 6. стих (2. Мојсеева 6,6) се однесува на член на семејство кој плаќа откуп за друг член на семејството, особено кога тој член е во ропство поради долгови или треба да оди во ропство. Израел, очигледно, немал земски роднина да го откупи, но сега Бог му бил роднина на Израел, и неговиот одмаздник“ (Bernard L. Ramm, His Way Out; Glendale, CA: Regal Books Division, G/L Publications, 1974, p. 50).

**Како ја разбирате идејата дека Бог го „откупува“ својот народ од ропство? Која цена морала да биде платена? Што ни кажува тоа за нашата вредност? (Види Марко 10,45; 1. Тимотеј 2,6; Откровение 5,9).**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во текстот 1. Мојсеева 3,8, Бог вели дека „слегол“ да го избави Израел. Тоа е вообичаен хебрејски збор за Божјата интеракција со луѓето. Бог е на небото, а ние сме на земјата, и само ако се спушти на земјата, Бог може да нѐ откупи. Во најбуквална смисла, само кога Исус слегол, живеел, страдал, умрел и воскреснал за нас, ние сме можеле да бидеме спасиме. „И Словото стана тело и се всели меѓу нас“ (Јован 1,14) – ова е уште еден начин да се каже дека Бог слегол да нѐ спаси.

## ЗАВЕТОТ ОД СИНАЈ

Втора книга Мојсеева го свртува вниманието на читателите кон три главни настани. Како три планини, самиот излез, склучувањето на заветот и градењето на шаторот за состанок се издигнуваат над помалите настани во подножјето. Склучувањето на заветот, запишан во 2. Мојсеева 19-24, би претставувало Монт Еверест меѓу трите „планини“. Краткиот преглед на текстот 2. Мојсеева 19-24 го открива редоследот и меѓусебната поврзаност на настаните.

Дури и ако немате време да ги побарате сите наведени стихови, обрнете внимание на редоследот на настаните:

1. Израел доаѓа до подножјето на Синај и подига привремен логор откако Господ го избавил (2. Мојсеева 19,1.2).
2. Бог нуди да воспостави завет со Израел (2. Мојсеева 19,3-6).
3. Израел одговара со прифаќање на заветот (2. Мојсеева 19,7.8).
4. Подготовки за официјалното примање на заветот (2. Мојсеева 19,9-25).
5. Објавувањето на Десетте заповеди (2. Мојсеева 20,1-17).
6. Мојсеј како посредник на заветот (2. Мојсеева 20,18-21).
7. Детално објаснување на начелата на заветот (2. Мојсеева 20,22 - 2. Мојсеева 23,22).
8. Официјализирање на заветот (2. Мојсеева 24,1-18).

Овој завет игра клучна улога во планот на спасението. Тој е четврти завет што се спомнува во Библијата (му претходат заветите со Адам, Ное и Аврам), и Бог се открива во него поцелосно отколку порано, особено затоа што, во оваа пригода, бил воспоставен целокупниот обреден систем на светилиштето. Така, светилиштето станува средство со кое Бог му го покажува на народот планот на спасението што тие требало да му го откријат на светот.

Иако ги избавил Израелците од египетското ропство, Господ сакал да разберат дека спасението има подлабока и позначајна смисла отколку само ослободување од чисто физичко ропство. Тој сакал да ги избави од гревот, од крајното ропство, а тоа можело да се оствари само со жртвувањето на Месија, како што укажувале типовите и симболите на службата во светилиштето. Затоа не е чудно што, набргу по ослободувањето од ропството и давањето на законот, на Израелците им било наложено да изградат светилиште и да воспостават служба него, бидејќи преку него Бог им го открил планот за спасение – а тоа е всушност вистинската смисла и цел на заветот. Затоа заветот не претставува ништо, ако тоа не е завет на спасението што Бог му го нуди на паднатото човештво. Тоа била суштината на заветот во Едем и тоа била суштината на заветот на Синај.

**Зошто бил неопходен завет меѓу Бога и израелскиот народ? (Видете 5. Мојсеева 29,10-13. Обрнете посебно внимание на оној завет што се однесува на меѓусебните односи.)**

## БОГ И ИЗРАЕЛ

**„Па сега, ако го слушате гласот Мој и го пазите заветот Мој, ќе Ми бидете избран народ меѓу сите народи, зашто Моја е целата земја. И вие ќе Ми бидете царство на свештеници и свет народ.' Тоа се зборовите, што ќе им ги кажеш на синовите израелски" (2. Мојсеева 19,5.6).**

Во овие стихови, Бог нуди да воспостави завет со изрелските синови. Иако Господ ги повикува во извесна смисла, тој повик не им е врачен автоматски без нивна согласност. Тие морале да соработуваат. Дури и нивното избавување од Египет подразбирало нивна соработка – ако не го стореле она што Господ го рекол (да ги премачкаат довратниците со крв), немало да бидат избавени. Тоа било толку едноставно.

И тука Господ не им кажува: „Сакале или не – вие ќе бидете моето богатство и свет народ". Тоа не оди така, и текстот не го зборува тоа.

**Прочитајте ги стиховите што ги цитиравме во воведот – 2. Мојсеева 19,5.6. Како го разбирате она што го кажува Господ овде во контекст на спасението со вера? Дали заповедта да му бидеме послушни на Господа на кој било начин го негира поимот за спасение со благодат? Како следниве текстови ви помагаат да дојдете до одговорот? Римјаните 3,19-24; Римјаните 6,1.2; Римјаните 7,7; Откровение 14,12.**

________________________________________

________________________________________

„Ние не го заслужуваме спасението со нашата послушност, зашто спасението е Божји дар без возврат, дар што се прима со вера. Меѓутоа, послушноста е плод на верата" (Елена Вајт, *Патот кон Христа*, стр. 61 ориг.).

Размислувајте за тоа што сè Господ бил подготвен да стори за израелскиот народ – не само што ги ослободил на чудесен начин од египетското ропство туку сакал и да ги направи да бидат Негово посебно богатство, народ на свештеници. Врз основа на нивниот однос кон Него за спасението што Тој им го обезбедил (и физичко, од ропството во Египет и вечно), Господ се обидел да ги воздигне над такво духовно, интелектуално и морално ниво за да станат чудо на стариот свет. И сето тоа за да ги употреби да им го проповедаат евангелието на другите народи. Единственото нешто што требале да направат за возврат, било да го слушаат.

**На кои сè начини нашето лично искуство „еден кон еден" со Господа треба да ги одразува истите принципи што ги гледаме тука во денешната лекција?**

## ВЕТУВАЊА, ВЕТУВАЊА... (2. МОЈСЕЕВА 19,8)

На прв поглед, сè изгледа добро. Господ го избавува Својот народ, им дава заветни ветувања и тие ги прифаќаат – решени да сторат сè што ќе побара Господ од нив. Се чини како договор „склучен на небото“, зар не?

**Меѓутоа, прочитајте ги следниве текстови. Каков увид ни даваат тие во врска со тоа како Израелците одговориле на заветот?**

- **Римјаните 9,31.32** ________________________________________
- **Римјаните 10,3** ________________________________________
- **Евреите 4,1.2** ________________________________________

Што и да побара Бог од нас да сториме, нашиот однос кон Него мора да се заснова на вера. Верата ја обезбедува основата врз која се надоврзуваат делата. Делата сами по себе, колку и да се добронамерни, колку и да се искрени или многубројни, не можат да нè направат прифатливи во очите на светиот Бог. Тие не можеле да го сторат тоа ни во времето на стариот Израел, а не можат да го сторат тоа ни во наше време.

**Но, ако Библијата секогаш одново ги нагласува делата, зошто делата не можат да нè направат прифатливи во Божјите очи? (Види Исаија 53,6; Исаија 64,6; Римјаните 3,23.)**

________________________________________

________________________________________

За жал, еврејскиот народ поверувал дека послушноста станала средство, а не резултат на нивното спасение. Тие барале праведност во почитувањето на законот, а не Божјата праведност стекната со вера. Заветот на Синај – иако придружен со многу подетална низа од инструкции и закони – бил осмислен како завет на благодатта, како и сите други завети што му претходеле. Таа благодат што се дава бесплатно остварува промена на срцето, која води кон послушност. Проблемот, се разбира, не бил во нивните обиди да бидат послушни (заветот барал од нив да бидат послушни). Проблемот бил во видот на „послушност“ што тие ја покажувале, која всушност и не била послушност, како што покажала подоцнежната историја на овој народ.

**Внимателно прочитајте го текстот Римјаните 10,3, особено последниот дел. На што укажува Павле овде? Што се случува со луѓето кои се трудат да ја постигнат својата лична праведност? Зошто ваквиот обид неизбежно води до грев, неправда и бунт? Да го погледнеме сопствениот живот. Зар не сме во опасност да го сториме истото?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата Патријарси и пророци од Елена Вајт прочитајте ја главата со наслов „Излегувањето од Египет“, стр. 281-290 оригинал; „Од Црвеното Море до Синај“, стр. 291-302 оригинал и „Израел го добива законот“, стр. 303-314 оригинал.

„Духот на ропството се раѓа од обидот да живееме во согласност со легалистичката религија, преку стремежот да ги исполниме барањата на законот со своја сопствена сила. За нас има надеж само ако го прифатиме Аврамовиот завет, заветот на милоста преку вера во Исуса Христа. Евангелието што му било проповедано на Аврам, врз основа на кое тој имал надеж, е истото евангелие што ни се проповеда нам денес, врз основа на кое ние имаме надеж. Аврам гледал на Исуса, кој е, исто така, Зачетник и Довршител на нашата вера“ (Ellen G. White Comments, The SDA Bible Commentary, vol. 6, p. 1077).

„Мнозина од Израелците за време на своето робување во Египет загубиле речиси секоја претстава за светоста на Божјиот закон и неговите прописи ги мешале со незнабожечките обичаи и традиции. Затоа Бог ги довел на Синај и тука им го објавил својот закон со свој сопствен глас“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 334 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Во која смисла овој заветен однос бил осмислен да ги зачува физичките и духовните слободи на Израел? (Видете 3. Мојсеева 26,3-13; споредете со 5. Мојсеева 28,1-15)**
2. **Прочитајте го повторно текстот 2. Мојсеева 19,5.6. Забележете дека Господ изнесува тврдење дека „Моја е целата земја“. Зошто го рекол тоа, особено во тој контекст, кога настојувал да воспостави завет со тој народ? Како се вклопува во тоа нашето разбирање за саботата и сето она што таа претставува?**
3. **Јасно ни е дека нашите гревови ни се простуваат само врз основа на Божјата благодат. Но, како ја разбираме улогата на Божјата благодат во нашето оспособување да водиме живот со вера и послушност?**

### ЗАКЛУЧОК

*Заветот што Бог го воспоставил со Израел кај Синај бил завет на благодатта. Откако му бие дадени изобилство докази за Неговата милосрдна љубов и грижа преку необичното избавување од египетското ропство, Бог го повикал овој народ да склучи завет со Него – завет што ќе ги зачува и прошири нивните слободи. Иако тој одговорил потврдно, на народот му недостасувала искрена вера мотивирана од љубов. Нивната подоцнежна историја покажува дека, во најголем дел, не успеале да ја сфатат вистинската природа на тој завет. Тие го расипале и го претвориле во систем на спасение со дела. Ние не треба да го следиме Израел во неговите пропусти и да ја занемаруваме величествената благодат што им е понудена на грешниците.*

**Поука 8**
**Од 15 – 21 мај 2021**

# ЗАВЕТНИОТ ЗАКОН



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Мојсеева 3,14; 1. Мојсеева 17,1-6; 1. Мојсеева 41,45; Данило 1,7; 1. Мојсеева 15,7-18; 1. Мојсеева 17,1-14; Откровение 14,6.7.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И така, знај дека Господ, твојот Бог, е Бог верен, Кој го пази Својот завет и има милост кон оние што Го сакаат и ги извршуваат заповедите Негови до илјада поколенија“ (5. Мојсеева 7,9).**

Еден од важните изрази во 23. Псалм укажува на тоа каде Бог сака да нѐ води. „Ме води по *патот на правдата* заради името Свое“, изјавува Давид во 3. стих. Поради својата морална исправност, Бог никогаш нема да нѐ поведе по погрешен пат. Тој ќе ни обезбеди безбедни патеки за нашето духовно одење низ животот.

Кој е тој безбеден пат и „пат на правдата“? Писателот на еден друг псалм одговара на ова прашање преку молитва: „Упати ме на *патеката на Твоите заповеди*, зашто многу ја засакав“ (Псалм 119,35). „Зашто сите Твои заповеди се праведни“ (Псалм 119,172). Божјиот закон е сигурен, цврста патека што води низ опасното мочуриште на човековото постоење.

Нашата поука за оваа седмица се фокусира на Божјиот закон и на неговото место во заветот на Синај.

**РЕЗИМЕ**

*Што значело избирањето на Израел? Какви паралели постојат меѓу избирањето на Израел и избирањето на нас денес? Колку законот бил важен за заветот? Дали заветот доаѓа безусловно? Зошто послушноста е толку важен составен дел на заветниот однос?*

## ИЗБИРАЊЕТО НА ИЗРАЕЛ (5. МОЈСЕЕВА 7,7)

Еврејската традиција учи дека Бог склучил завет со Израел само затоа што другите народи претходно го одбиле. Иако нема библиски докази за ова гледиште, сепак тоа ни помага подобро да ја разбереме пораката дека, која и да била причината што Бог го избрал еврејскиот народ, тоа секако не било затоа што тие ја заслужиле таа високата чест и привилегија што им ја укажал. Тие немале никакви заслуги кои би ги направиле достојни за Божјата љубов и за привилегијата Тој да ги избере за свој народ. Тие биле малубројни – само група поробени племиња, политички и воено слаби. Покрај тоа, кога станува збор за културата и религијата, тие биле измешани, невпечатливи и без големо влијание. Според тоа, основната причина за избирањето на Израел лежи во тајната на Божјата љубов и благодат.

Во исто време, сепак, мора да бидеме претпазливи во врска со таквото сфаќање на изборот, бидејќи тоа лесно може да доведе до теолошки недоразбирања. Зошто Бог ги избрал Израелците? Дали за да бидат тие спасени, додека сите други се предодредени да бидат отфрлени и изгубени? Или за да му го понудат на светот она што ним им било понудено? Како следните стихови ни помагаат да одговориме на овие прашања?

- **2.Мојсеева19,6**________________________________________________
- **Исаија 56,7**___________________________________________________
- **Евреите 2,9** ___________________________________________________

Како адвентисти од седмиот ден, ние сакаме да гледаме на нас како на современ пандан на Израел – повикани сме од Господа не за да бидеме единствените спасени, туку да му ја објавуваме на светот пораката за спасението во контекст на тројната ангелска вест. Накратко, веруваме дека имаме да кажеме нешто за кое никој друг не зборува. Во суштина, ова е истата ситуација во која се наоѓале старите Израелци. Целта на изборот на Израел не била да го претвори еврејскиот народ во некој ексклузивен клуб, во рамките на кој тие ќе го чуваат за себе ветувањето за спасението и откупувањето. Напротив, ако веруваме дека Христос умрел за целото човештво (Евреите 2,9), тогаш спасението што Господ му го понудил на Израел, му е понудено и на целиот свет. Од Израел се очекувало, преку него, луѓето да дознаат за спасението. Нашата црква е повикана да го извршува истото дело.

**Размислете за вашата улога во црквата. Што би можеле да преземете за да придонесете за работата која сме повикани да ја извршиме? Имајте на ум дека, ако не придонесувате активно во делото, тогаш најверојатно, барем до одреден степен, стоите на неговиот пат.**

## ВРСКИТЕ ШТО НÈ ДРЖАТ ЗАЕДНО

**„И Тој ви го објави Својот завет, и ви заповеда да ги исполнувате Десетте заповеди и ги напиша на две камени плочи“ (5. Мојсеева 4,13).**

Колку и да нагласуваме дека заветот е секогаш завет на милоста и дека секогаш е резултат на незаслужената Божја наклоност спрема оние што стапуваат во заветен однос со Него, благодатта не е дозвола за непослушност. Напротив, заветот и законот сочинуваат една целина. Тие се, всушност, нераздвојни.

**Погледнете го воведниот текст. На кој начин тој тесно ги поврзува заветот и законот? Како тој покажува колку е законот фундаментално важен за заветот?**

Кога размислувате за тоа што е заветот, поимот закон како негов составен дел добива смисла. Ако разбереме дека заветот, меѓу другото, претставува и однос, тогаш мора да се поставаат некакви правила и граници. Колку ќе трае бракот, пријателството или деловната врска ако нема граници или правила, без разлика дали тие се конкретно изразени или премолчено се подразбираат? Замислете мажот да одлучи да си најде девојка, пријателот да се послужи со паричникот на оној другиот, или деловниот партнер да вклучи трета страна во нивниот заедничко потфат, без договор со другата страна. Таквите постапки би биле во спротивност со правилата, законите и принципите. Колку би траела врската под вакви околности? Затоа мора да се подвлечат граници и да се поставаат правила. Само на овој начин може да се зачуваат меѓусебните односи.

Всушност, различните изрази како што се закон (Псалм 78,10), уредби (Псалм 50,16), сведоштва (Псалм 25,10), заповеди (Псалм 103,18) и Господовиот збор (5. Мојсеева 33,9), се паралелни или многу тесно поврзани (ако немаат дури и исто значење) со зборот „завет“. Очигледно, „зборовите на овој завет“ (Еремија 11,3.68) се зборови на Божјиот закон, на уредбите, сведоштвата и заповедите.

Божјиот завет со Неговиот народ, Израел, содржел разни барања кои биле клучни за одржување на тој посебен однос што Тој сакал да го воспостави со нив. Дали нешто се променило денес?

**Сетете се на некој со кого имате близок меѓусебен однос. И сега замислете што би се случило со таквиот однос ако не се чувствувате ограничени од какво било правило, норма или закон, туку би сметале дека имате целосна слобода да правите што сакате. Дури и ако кажете дека ја сакате таа личност и дека самата љубов ќе одреди како да се однесувате кон неа, зошто сè уште се потребни правила? Разговарајте за тоа.**

## ЗАКОНОТ ВО РАМКИТЕ НА ЗАВЕТОТ (5. МОЈСЕЕВА 10,12.13)

Што прво ви паѓа на памет кога ќе помислите на законот? Полициски службеници, сообраќајни казни, судии и затвор? Или ограничувања, правила, авторитативни родители и казни? Или, можеби, ќе помислите на ред, хармонија, стабилност? Можеби дури и на... љубов?

Еврејскиот збор *torah*, кој во нашата Библија се преведува како „закон", всушност значи „учење" или „упатство". Овој термин може да се однесува на сите Божји упатства, без разлика дали се морални, граѓански, социјални или верски. Тој ги опфаќа сите мудри совети што Бог дарежливо му ги дал на својот народ, за да можат сите да доживеат обилен живот, и физички и духовно. Не е ни чудо што псалмистот го нарекол блажен човекот на кого „му омилел Законот Господов и за Законот Негов дење и ноќе грижливо размислува" (Псалм 1,2).

Кога ги читаме законот или Тората – упатствата и учењата запишани во Мојсеевите книги, кои станале дел од заветот со Израел – она што остава силен впечаток е ширината на спектарот на тие упатства. Законот допира до секој детаљ од начинот на живот во Израел – земјоделство, граѓанска власт, социјални односи и богослужба.

**Што мислите, зошто Бог му дал толку многу упатства на Израел? (Види 5. Мојсеева 10,13) Во која смисла овие упатства биле „за нивно добро"?**

Улогата на „законот" во рамките на заветот била да им обезбеди насоки за нов живот на луѓето како учесници во заветот. Законот им ја претставува на учесниците во заветот волјата на Бога, кого поединецот го запознава во целосна смисла преку послушноста со вера кон Неговите заповеди и другите изрази на Неговата волја.

Улогата што законот ја игра во рамките на живата реалност на заветниот однос, покажала дека Израел не може да ги следи патиштата на другите народи. Тие не можеле да живеат само во согласност со природните закони, со човечките потреби и желби, па дури ни со социјалните, политичките и економските барања. Тие можеле да продолжат да живеат како Божји свет народ, царско свештенство и посебно богатство само врз основа на бескомпромисна послушност кон откриената волја на Бога, кој го воспоставил заветот во сите области од животот.

**Како некогашниот Израел, така и адвентистите на седмиот ден, преку современата манифестација на пророчкиот дар, примиле широк спектар на совети што ја проникнува секоја фаза од христијанскиот живот. Зошто треба да гледаме на овие совети како на дар од Бога, а не како опасност за слободата на мислата и однесувањето? Во исто време, со какви опасности се соочуваме ако тој дар го претвориме во нешто легалистичко, како што направиле Израелците со своите дарови? (Видете Римјаните 9,32)**

## ПОСТОЈАНОСТА НА БОЖЈИОТ ЗАКОН

**За која вистина за Бога учиме, од присуството на Божјиот закон во рамките на заветниот однос, а се однесува на Неговата суштинска природа? Малахија 3,6; Јаков 1,17.**

Божјиот закон е устен и пишан извор на Неговата волја (споредете Псалм 40,8). Бидејќи претставува препис на Неговиот карактер, Неговото присуство во рамките на заветот нè уверува во Божјата постојаност и верност. Иако не секогаш можеме да проникнеме во делувањето на Неговото провидение, сепак знаеме дека Тој е достоен за доверба. Со неговиот универзум владеат непроменливи морални и физички закони. Тоа е факт што ни дава вистинска слобода и сигурност.

„Уверeноста дека Бог е достоен за доверба и дека можеме да се потпреме на Него се заснова на фактот дека Тој е Бог на законот. Неговата волја и Неговиот закон се едно. Бог вели дека она што е исправно она што е исправно затоа што тоа ги опишува најдобрите можни односи. Затоа, Божјиот закон никогаш не е произволен ниту подложен на каприци и вообразеност. Тоа е нешто што е најтрајно во вселената“ (Walter R. Beach, Dimensions in Salvation; Washington, D.C.: Review and Herald Publishing Association, 1963, p. 143).

**Ако Божјиот закон не може да го спаси човекот од гревот, зошто Бог го направил дел од заветот? (Совет: видете Амос 3,3.)**

---

Односот бара договор и слога. Бидејќи Бог не е само Творец на светот, туку и негов морален Владетел, од пресудна важност за среќата на Неговите создадени, интелигентни суштества е да живеат во хармонија со Него. Божјиот закон, изразот на Неговата волја, според тоа, е основата на Неговото владеење. Тоа природно станува норма или обврска на заветниот договор и однос. Неговата цел не е да спаси, туку да ја дефинира нашата должност кон Бога (од 1-та до 4-та заповед) и кон ближните (од 5-та до 10-та заповед). Со други зборови, тој го покажува начинот на кој Бог замислил неговите деца да живеат според заветот, заради нивната среќа и благосостојба. Тој го спречувал Израел да го замени со друга филозофија како начин на живот. Целта на заветниот однос била, и сè уште е, да го донесе верникот, преку Божјата преобразувачка благодат, во хармонија со неговата волја и со неговиот карактер.

**Погледнете околу вас. Зар не ги гледате катастрофалните последици од беззаконието? Зар не ја гледате, дури и во вашиот живот, штетата предизвикана од кршењето на Божјиот закон? Како овие факти ни потврдуваат дека Божјиот закон е добар и дека треба да биде клучен дел од нашиот однос со Него?**

## АКО...

Погледнете ги следните стихови. Која подробност им е заедничка, и што нѐ учи таа за природата на заветот?

- **1. Мојсеева 18,19**______________________________________________
- **2. Мојсеева 26,4.5**____________________________________________
- **3. Мојсеева 19,5**______________________________________________
- **4. Мојсеева 26,3**______________________________________________

Бог отворено тврди дека Аврам верно ги следел и се покорувал на „заповедите Мои, на наредбите Мои и на законите Мои“ (1. Мојсеева 26,5). Ова подразбира дека Бог очекувал од човекот, како негов партнер во заветот, да живее на таков начин. Целосниот израз на библискиот завет од Синај повеќе од очигледно потврдува дека послушноста како услов е еден од основните аспекти на тој завет.

Текстот 2. Мојсеева 19,5 јасно кажува: „Ако го слушате“. Условната страна на заветот е непобитна. Иако се дарувани од милост, иако се незаслужени, иако се дадени како дар, заветните ветувања не се безусловни. Народот можел да го одбие тој дар, да се откаже од милоста и да се одврати од ветувањата. Заветот, како и спасение, никогаш не ја укинува слободната волја. Господ не ги принудува луѓето да стапат во заветен однос со Него. Тој не им го наметнува заветот. Тој им го нуди на сите бесплатно. Секој е повикан да го прифати. И кога тој или таа го стори тоа, тоа подразбира одредени обврски, не како средство со кое се заслужуваат заветните благослови, туку како надворешен израз на примањето на благословите. Израел требало да послуша, не за да ги заслужува ветувањата, туку за да може ветувањата да бидат исполнети во него. Неговата послушност покажувала како изгледа да се биде благословен од Господа. Послушноста не е нешто што заслужува благослов, во смисла дека Бог, во тој случај, е должен да го обезбеди. Послушноста, всушност, создава окружување во кое може да се манифестира благословот на верата.

**„Одете по патот, по кој ви заповеда Господ, вашиот Бог, за да бидете живи и да ви биде добро и да поживеете долго време во онаа земја, што ќе ја добиете во наследство“ (5. Мојсеева 5,33). Дали Господ им кажува на Израелците дека, ако бидат послушни, ќе ги заслужат сите овие благослови, дека овие благослови ќе станат нешто што им се должи? Или, всушност, Тој порачува: Ако послушате, ќе следат благослови, затоа што послушноста ми го отвора патот да ги излеам тие благослови над вас? Која е разликата меѓу овие две гледишта?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Вајт прочитајте ја главата со наслов „Судир", стр. 607, 608 оригинал, и во книгата *Патријарси и пророци,* главата под наслов „Законот и заветот", стр. 363-373 оригинал.

Како текстот Матеј 22,34-40 ни помага подобро да го разбереме (1) местото и значењето на Божјиот закон во рамките на Неговиот завет и (2) идејата дека заветот е синоним за односот?

„Првенствено, мора да постои љубов во срцето за да може човекот, со Христовата сила и благодат, да почне да се придржува кон прописите на Божјиот закон (споредете со Римјаните 8,3.4). Послушноста без љубов е подеднакво невозможна и безвредна. Но, таму каде што е присутна љубовта, лицето автоматски ќе почне да го уредува својот живот во согласност со Божјата волја изразена преку Неговите заповеди" (The SDA Bible Commentary, vol. 5, p. 484).

„Во прописите на својот свет закон Бог дал совршени животни правила и рекол дека тој закон ќе биде задолжителен за човечките суштества до крајот на светот без измена на ниту една буква или една цртичка. Христос дошол тој закон да го стори голем и славен. Тој покажал дека законот е основан врз силните темели на љубовта кон Бога и кон човекот и дека во послушноста кон неговите прописи лежи целокупната должност на човекот. Со својот живот на земјата Христос бил совршен пример на покорност на Божјиот закон. Во својата беседа на гората Тој покажал дека неговата задолжителност не се однесува само на постапките што се гледаат надворешно, туку се протега и на мислите и на намерите на срцето. Законот, ако му се покоруваме, бара од нас" (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 505 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Зошто нишката на љубовта, во однос на јажето на стравот, има поголема моќ да ги привлече луѓето кон Бога?**
2. **Зошто е заповедта: „Возљуби Го Господа, својот Бог, со сето свое срце, и со сета своја душа, и со сиот свој разум" (Матеј 22,37) – прва и најголема заповед?**
3. **Симон Веј во една пригода напишала: „Редот е прва од сите потреби" (Quoted in Russell Kirk, The Roots of American Order [Washington, D.C.: Regnery Gateway, 1992], p. 3). Како ги разбирате нејзините зборови во контекст на поуката за оваа седмица, особено во однос на поимот закон?**

### ЗАКЛУЧОК

Божјиот закон бил составен дел од заветот. Да, тоа бил вистински завет на милоста. Меѓутоа, благодатта никогаш не ја укинува потребата од закон. Напротив, законот е средство со кое се изразува и манифестира милоста во животот на оние што ја примаат.

**Поука 9**
**Од 22 – 28 мај 2021**

# ЗНАК НА ЗАВЕТОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 2,2.3; 2. Мојсеева 20,11; 2. Мојсеева 16; Јеврејима 4,1-4; 2. Мојсеева 31,12-17; 5. Мојсеева 5,14.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Затоа синовите израелски нека ги пазат саботите, празнувајќи ги во родовите свои како вечен завет“ (2. Мојсеева 31,16).**

Седмиот ден, сабота, е како клинец што – Бам! – со непогрешлива правилност, секоја седмица нѐ враќа на основата на сѐ што сме или би можеле да бидеме. Ние сме толку зафатени, трчаме ваму-таму, трошиме пари, заработуваме пари, одиме овде, таму, насекаде, а потоа – Бам! – доаѓа саботата и повторно нѐ зацврстува за нашиот темел, за почетната точка на сѐ што следи, затоа што сѐ што ни значи нешто, постои само затоа што Бог, за почеток, нѐ создал нас и сѐ друго.

Со непогрешлива регуларност и без исклучок, саботата тивко надира над хоризонтот и навлегува во секоја пукнатина од нашиот живот. Тоа нѐ потсетува дека секој процеп и пукнатина му припаѓа на нашиот Создател, Оној што нѐ поставил тука, Оној кој „на почетокот“ ги создал небото и земјата, чин што останува непобитен темел на сите христијански верувања и чиј седми ден е сабота – Бам! – непобитен, ненаметлив и неизбежен знак.

Оваа седмица ќе го разгледаме тој знак во контекст на заветот од Синај.

**РЕЗИМЕ**

*Од каде потекнува саботата? Што докажува дека саботата постоела пред Синај? Што ја прави саботата толку соодветен знак на заветот?*

## ПОТЕКЛО

Колку често ја слушаме фразата „стара еврејска сабота“. Сепак, Библијата јасно покажува дека саботата постоела многу пред да се појави некој од еврејскиот народ. Потекнува од самата седмица на создавањето.

**Побарајте ги текстовите 1. Мојсеева 2,3.3 и 2. Мојсеева 20,11. Каде тие јасно и недвосмислено го сместуваат потеклото на саботата?**

Иако текстот 1. Мојсеева 2,2.3 не го означува „седмиот ден“ како сабота (овој збор прво се појавува во 1. Мојсеева 16,26.29), тој јасно укажува на неа со изразот: „си отпочина во седмиот ден“ (1. Мојсеева 2,2). Глаголот „отпочина“ (еврејски, shabat) е поврзан со именката Сабота (еврејски, shabbat – одмор, починка). „Зборот „сабота“ не се користи (во текстот 1. Мојсеева 2,2.3), но извесно е дека авторот сакал да каже дека Бог го благословил и посветил седмиот ден како сабота – ден за одмор“G. F. Waterman, The Zondervan Pictorial Encyclopedia of the Bible; Grand Rapids, MI: Zondervan Publishing House, 1975, вол. 5, p. 183). Очигледно е дека 1. Мојсеева 2,2.3 учи за божественото потекло и основањето на саботата како ден благословен за целото човештво.

**Прочитајте го стихот Марко 2,27. Исус вели дека саботата е направена, буквално, за „човекот“, а тоа го подразбира човештвото како целина, наспроти сфаќањето дека се однесува само на Евреите. Зошто сам Бог отпочинал во седмиот ден? Дали му било потребно тоа? За каква друга цел можел да послужи неговиот одмор?**

---

Иако некои коментатори сугерираат дека на Бога му бил потребен физички одмор по Создавањето, вистинската цел на Неговиот одмор била да им обезбеди на луѓето божествен Пример. Луѓето исто така треба да работат шест дена, а потоа да се одмораат во текот на седмиот ден, сабота. Теологот Карл Барт забележал дека Божјиот одмор на крајот на Создавањето е дел од „заветот на благодатта“, во рамките на кој човечкиот род е повикан „да отпочине со Него... да влезе во (Божјиот) спокој“ (Church Dogmatics, vol. 3, part 1; Edinburgh, Scotland: T&T Clark Ltd., 1958, p. 98).

Во својата љубов, на денот по нивното создавање, Бог ги повикал мажот и жената да се дружат во мир, да воспоставаат тесна врска со Него, според чиј лик тие се создадени. Тоа дружење и заедништво требало да трае вечно. А, од падот во грев, саботата ни ја овозможува таа кулминација на живеење со Спасителот еднаш седмично.

**Ако некој ве праша на кој начин држењето на саботата го подобрува вашиот меѓусебен однос со Господа, што би му одговориле?**

## САБОТАТА ПРЕД СИНАЈ

**„А тој им рече: „Еве што кажа Господ – утре е сабота, ден за одмор посветен на Господ; што ќе печете – печете, и што треба да варите – варете денес; а што ќе преостане, соберете го и чувајте го за утре!“ (2. Мојсеева 16,23).**

**Прочитајте го целиот текст на 2. Мојсеева 16 – приказната за маната обезбедена за Израел во пустината пред Синај. Забележете што открива овој текст:**

______________________________________________________

______________________________________________________

1. Само редовна порција мана можела да се користи секој ден, но шестиот ден требало да се собере двојна порција.
2. Маната не била давана воопшто во саботата.
3. Дополнителната порција мана потребна за сабота би се зачувала од шестиот ден и не се расипувала, додека во другите денови не можела да се сочува за следниот ден.

**Што открива овој извештај за светоста на саботата пред донесувањето на законот од Синај? (Види 2. Мојсеева 16,23-28)**

______________________________________________________

______________________________________________________

„Всушност, изедначувајќи ја саботата со седмиот ден, тврдењето дека Господ им ја дал на Израелците саботата, извештајот дека народот, според Божјата наредба, се одморал во седмиот ден – сето ова непогрешливо укажува на праисконското (при создавањето) воспоставување на саботата“ (G. F. Waterman, The Zondervan Pictorial Encyclopedia of the Bible, v. 5, p. 184.).

Шеснаесеттата глава од 1. Мојсеева кажува многу повеќе за саботата отколку што изгледа на прв поглед. Забележете што нè учи:

1. Кој ден е денот на подготовка за сабота?
2. Кој ден во седмицата е сабота?
3. Од каде потекнува саботата?
4. Каков ден треба да биде саботата?
5. Дали саботата е ден на пост?
6. Дали саботата е тест на лојалност кон Бога?

**Во колкава мера вашето разбирање на саботата денес се согласува со она што нè учи 2. Мојсеева 16?**

______________________________________________________

## ЗНАК НА ЗАВЕТОТ

**„Затоа синовите израелски нека ги пазат саботите, празнувајќи ги во родовите свои како вечен завет. Тоа е знак меѓу Мене и синовите на Израел довека; зашто во шест дена ги создаде Господ небото и земјата, а во седмиот ден си отпочина и се одмори“ (2. Мојсеева 31,16.17).**

Четири пати во Светото писмо саботата се карактеризира како „знак“ (2. Мојсеева 31,13.17; Езекиел 20,12.20). „Знак“ не е „симбол“ во смисла дека претставува нешто природно, дека укажува на тоа или потсетува на нешто друго, бидејќи има слични особини (на пример, тупаницата како симбол често значи „моќ“ или „сила "). Во Библијата, саботата како „знак“ била надворешен знак, предмет или состојба чија цел била да пренесе препознатлива порака. Во самиот знак немало ништо што би го поврзало конкретно со заветот. Саботата била знак на заветот „меѓу Мене и вас од колено до колено“ (2. Мојсеева 31,13) само затоа што Бог рекол така.

**Зошто Господ би ја употребил саботата како знак на заветот? Што е тоа во врска со саботата што ја прави толку соодветен симбол на спасоносен однос со Бога? Имајќи предвид дека клучниот аспект на заветот е фактот дека сме спасени со благодат, дека делата не можат да нè спасат, што е тоа во врска со саботата што ја прави добар симбол на тој однос? (Види 1. Мојсеева 2,3; Евреите 4,1-4.)**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Она што е фасцинантно во врска со саботата како знак на заветот на милоста е фактот дека со векови Евреите ја разбирале саботата како знак на месијанското откупување. Тие виделе во саботата предвкус на спасението преку Месија. Бидејќи ние го разбираме спасението како нешто што се случува само врз основа на милоста и дека заветот е всушност завет на милоста, станува јасна врската помеѓу саботата, откупувањето и заветот (види 5. Мојсеева 5,13-15). Според тоа, саботата е знак на Божјата спасоносна благодат, а не знак на спасение со дела.

**Како вие го разбирате значењето на „одмор“ во сабота? Како вие одморате во сабота? Што правите поинаку во тој ден, поради што тој станува „знак“? Може ли некој што ве познава, врз основа на вашиот живот, да забележи дека саботата е навистина посебен ден за вас?**

## ЗНАК НА ПОСВЕТУВАЊЕ

**„Пазете ги саботите Мои, зашто тоа е знак меѓу Мене и вас од колено до колено, за да знаете дека Јас сум Господ, Кој ве осветува“ (2. Мојсеева 31,13).**

Исклучително богат текст во сабота е 2. Мојсеева 31,12-17, кој ги следи по Господовите упатства за изградба на светилиштето и воспоставување на неговите служби (2. Мојсеева 25,1-2, 5. Мојсеева 31,11).

Разбирањето на саботата како „знак“ – видлив, надворешен и вечен знак меѓу Бога и Неговиот народ – се изразува овде за прв пат на овој начин. Самиот текст содржи неколку фасцинантни концепти кои вреди да се проучат. Две нови идеи се поврзани во овој текст:

1. Сабота во знак на знаење
2. Сабота во знак на посветување

Размислете за аспектот на знакот што се однесува на знаењето. Еврејското разбирање на знаењето опфаќало интелектуални, релациони и емоционални аспекти. „Знаењето“ не значело едноставно познавање на фактите, особено кога станува збор за некоја личност. Тоа значело да остварите важна врска со некој што го познаваме. Оттука, да се познава Господ, значело да се биде во правилен однос со Него – да Му „служите“ (1. Дневникот 28,9), да се „боите“ од Него (Исаија 11,2), да Му „верувате“ (Исаија 43,10), да се „надевате“ во Него (Псалм 9,10) и да го „призивате“ Неговото име (Еремија 10,25).

**Побарајте ги текстовите наведени во претходниот пасус. Како овие текстови ни помагаат да разбереме што значи да се „познава“ Господ?** ______________________________

______________________________

Покрај тоа, саботата е значајна како знак на посветување. Таа означува дека Господ го „посветува“ својот народ (спореди 5. Мојсеева 20,8) правејќи го „свет“ (5. Мојсеева 7,6).

Процесот на посветување е исто толку дело на Божјата откупителна љубов, колку и Неговото дело на спасение и очистување. Праведноста (оправдувањето) и посветувањето се Божјо дело: „Јас сум Господ, кој ве осветува“ (3. Мојсеева 20,8). Според тоа, саботата е знак што го пренесува знаењето за Бога како оној што Посветува. „Саботата дадена на светот како знак кој упатува на Бога како Создател, е исто така знак што го упатува на Него како Посветител“ (E. G. White, Testimonies for the Church, v. 6, p. 350).

**Размислувајте за саботниот ден и за процесот на посветување со кој стануваме свети. Каква улога игра држењето на саботата во тој процес? Како Господ може да го искористи нашето искуство во држењето на саботата за да нè посвети?**

## ПОТСЕТУВАЊЕ НА САБОТАТА

**„Помни го саботниот ден, за да го празнуваш“ (2. Мојсеева 20,8).**

Саботата била знак кој човекот требало да го „помни“. Употребата на зборот „помни“ може да послужи за различни цели. Прво, да се запамети нешто значи да се погледне назад, да се неврати на минатото. Во тој случај, саботата ни укажува на „фиат создавањето“ (фиат / латински / – „нека биде“), чија кулминација било воспоставувањето на саботата како седмичен ден за одмор и посебно заедништво со Бога.

**Заповедта да помниме се однесува и на сегашноста. Ние не само што треба да ја „помниме“ саботата (2. Мојсеева 20,8), туку исто така треба да ја „празнуваме“ и „да ја држиме“ (види 5. Мојсеева 5,12). Значи, саботата е важна за нас и во сегашноста.**

Конечно, споменот на саботата нè насочува да гледаме напред – кон иднината. Оној што се сеќава да ја држи саботата, има ветувачка, богата и смисловна иднина со Господарот на саботата. Тој останува во заветниот однос затоа што останува во Господа. И повторно, кога ќе сфатиме дека заветот го претставува односот меѓу Бог и човештвото, саботата, која може многу да придонесе за зајакнувањето на тој однос, добива посебно значење. Навистина, сеќавајќи се на Создавањето и на Создателот, Божјиот народ исто така се потсетува и на милостивите Божји дела на спасението (види 1. Мојсеева 5,14, во која саботата, во овој контекст, се смета за знак на избавувањето од Египет, симбол на конечното избавување што го наоѓаме во Бога). Создавањето и обновувањето (новото создавање) формираат целина. Првото го овозможува второто. Саботата е знак кој ја пренесува пораката дека Бог е Создател на светот и Основач на нашето спасение.

„Со празнувањето на саботата, ние покажуваме дека сме Негов народ. Неговата Реч ја прогласува саботата за знак врз основа на кој се препознава народот што ги држи заповедите ... Оние што го држат Божјиот закон, ќе бидат едно со Него во големата борба што започнала на небото меѓу Бога и сатаната“ (Ellen G. White, Selected Messages, book 2, p. 160).

**Размислете за оваа изјава на слугинката Господова. Што е тоа во врска со саботата што овозможува да се препознае „народот што ги држи заповедите“, можеби дури и повеќе од која било друга заповед?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата Патријарси и пророци од Елена Вајт, прочитајте ја главата со наслов „Од Црвеното Море до Синај“, стр. 295-297 оригинал. Ако сте во можност, прочитајте го следново: Ellen G. White, The SDA Bible Commentary, vol. 7 pp. 968-970; Testimonies for the Church, vol. 6, „The Observance of the Sabbath“, pp. 349 – 351.

Десетте заповеди темелно и сеопфатно ги дефинираат односите Бог-човек и човек-човек. Заповедта во центарот на Декалогот е заповедта за саботата. Таа на посебен начин го открива идентитетот на Господарот на саботата и укажува на степенот на Неговиот авторитет и сопственост. Забележете ги следниве два аспекта: (1) идентитетот на Божеството – Јахве (Господ), кој е Творец (2. Мојсеева 20,11; 2. Мојсеева 31,17), и кој заради тоа зазема единствена положба; (2) опсегот обемот на Неговата сопственост и власт – небото, земјата, морето и сè што е во нив (2. Мојсеева 20,11; спореди 2. Мојсеева 31,17). Врз основа на овие два аспекта, гледаме дека заповедта во сабота има карактеристики типични за печатите што се користеле при склучување на древните блискоисточни меѓународни договори. Овие печати обично биле втиснувани во центарот на документот, а исто така содржеле: (1) идентитетот на нивното божество (обично некој пагански бог) и (2) обемот на неговата сопственост и авторитет (обично географска област во одредени граници).

„Посветувањето со Духот ја поставува граничната линија меѓу оние кои го имаат Божјиот печат и оние кои го празнуваат лажниот ден на одмор. Кога ќе дојде тој испит, јасно ќе се покаже кој е белегот на ѕверот. Тоа е празнувањето на неделата ...

Бог го определил седмиот ден како своја сабота. (Цитиран текст од 2. Мојсеева 31,13.17.16). На тој начин е подвлечена разликата меѓу верните и неверните. Оние кои сакаат да го имаат Божјиот печат на своето чело, мора да ја празнуваат саботата од четвртата заповед“ (Ellen G. White, The SDA Bible Commentary, vol. 7, pp. 980, 981).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Прочитајте го стихот 3. Мојсеева 19,30. Забележете како тој го поврзува светилиштето со саботата. Со оглед на она што досега го научивме за тоа што означува сабота, како да објасниме зошто оваа поврзаност има толку многу смисла?**
2. **Поставете си го прашањето: Дали празнувањето на саботата го зајакна моето одење со Господа? Ако не, какви промени можете да внесете?**

ЗАКЛУЧОК

*Саботата е заветен знак што се протега до времето кога планот на спасението ќе биде завршен. Таа упатува и назад на Создавањето, а како знак на заветот на милоста, го насочува нашето внимание кон конечното обновување, кога Бог повторно ќе создаде сè ново.*

Поука 10
Од 29 мај до 4 јуни 2021

# НОВ ЗАВЕТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Еремија 31,31-34; Матеј 5,17-28; Осија 2,18-20; Исаија 56,6.7; Евреите 8,7.8; Евреите 10,4; Матеј 27,51.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Еве настапуваат дни, вели Господ, и ќе склучам со домот Израелов и со домот на Јуда нов завет“ (Еремија 31,31).**

Стрипот во едно списание од пред неколку години прикажуваше како директорот на некоја компанија стои пред група други директори. Во рацете држеше кутија детергент, покажувајќи им ја на другите. Тој гордо го впери прстот кон зборот „Ново“ напишано со големи црвени букви на кутијата, што требаше да значи, се разбира, дека станува збор за нов производ. Но, тогаш директорот рече: „Зборот“ Ново „на кутијата е всушност она што е ново.“ Со други зборови, целата промена, целата новина, се состоела само од тој збор „Ново“ на кутијата. Сѐ друго било исто.

Во извесна смисла, може да се каже дека ова важи и за Новиот завет. Основата на заветот, основната надеж што тој ја има за нас, основните услови под кои е даден, се исти како оние што ги наоѓаме во Стариот завет. Отсекогаш бил завет на Божјата благодат и милост, завет заснован на љубовта што ги надминува човечките мани и порази.

РЕЗИМЕ

*Какви паралели постојат меѓу стариот и новиот завет? Каква улога игра законот во рамките на заветот? Со кого биле склучени овие завети? На што се мисли во посланието до Евреите кога станува збор за „подобриот завет“? (Евреите 8,6). Каква е врската меѓу заветот и небесното светилиште?*

## ЕВЕ НАСТАПУВААТ ДНИ...

**Прочитајте го текстот на Еремија 31,31-34 и одговорете на следниве прашања:**

1. Кој го иницира заветот?
2. За чиј закон се работи? Кој е тој закон?
3. Кои стихови нагласуваат каков вид меѓусебни односи сака Бог да има со својот народ?
4. Кој Божји чин во полза на Неговиот народ е основа на тој заветен однос?

Јасно е: Новиот завет е нешто што не се разликува многу од стариот завет склучен со Израел на планината Синај. Всушност, проблемот со Синајскиот завет не се огледувал во фактот дека тој бил стар или застарен. Проблемот, всушност, бил во тоа што тој бил прекршен (види Еремија 31,32).

Одговорите на прашањата што ги поставивме на почетокот, а сите се наоѓаат во воведниот текст, покажуваат дека многу аспекти на „стариот завет“ остануваат исти во новиот. „Новиот завет“ е, во извесна смисла, „обновен завет“. Тоа е завршеток, или исполнување на првиот.

**Обратете внимание на последниот дел од текстот Еремија 31,34, во кој Господ вели дека ќе му го прости беззаконието и гревот на својот народ. Иако Господ вели дека ќе го напише законот на нашето срце и ќе го стави во нас, Тој сепак нагласува дека ќе ги прости нашите гревови и беззаконија, кои го кршат законот напишан на нашето срце. Дали забележувате каква било противречност или напнатост меѓу овие тврдења? Ако не, како го објаснувате тоа? Што значи, како што пишува во Римјаните 2,15, да го имате законот напишан во вашето срце? (Матеј 5,17-28)**

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

**Ако го погледнете воведниот текст за денес, како би можеле да го употребите како одговор на тврдењето дека Десетте заповеди (или, поточно, саботата) се нешто што било укинато со новиот завет? Како, напротив, овој текст може да се искористи како доказ за непроменливоста на законот?**

____________________________________________

____________________________________________

## ДЕЛОТО НА СРЦЕТО

Во моментот кога се ближел крајот на јужното Јудино царство, а народот бил одведен во вавилонско ропство, преку пророкот Еремија Бог најавил „нов завет“. Тоа бил првпат тој термин да се спомене во Библијата. Меѓутоа, пред падот на северното царство на десетте израелски племиња (околу сто и педесет години пред времето на Еремија), исто така била спомената идејата за друг завет, овојпат од пророкот Осија (Осија 2,18-20).

**Прочитајте го текстот Осија 2,18-20. Забележете ја паралелата меѓу она што Господ му го кажува на својот народ и она што е кажано во Еремија 31,31-34. Која заедничка слика е употребена овде, и што кажува тоа повторно за основното значење и природата на заветот?**

____________________________________________________

____________________________________________________

Во историските моменти кога Божјите планови за Неговиот народ завет биле попречувани од нивниот бунт и неверување, Тој испратил пророци да објават дека заветната историја со Неговите верни не завршила. Колку и да е неверен народот, без оглед на отпадништвото, бунтот и непослушноста меѓу нив, Господ и понатаму објавува дека е подготвен да влезе во заветен однос со сите оние кои се подготвени да се покаат, да послушаат и да се повикаат на Неговите ветувања.

**Побарајте ги следниве текстови. Иако заветот не се споменува конкретно во нив, кои елементи ги наоѓаме тука, а претставуваат одраз на начелата на новиот завет?**

- **Езекиел 11,19** ________________________________________
- **Езекиел 18,31** ________________________________________
- **Езекиел 36,26** ________________________________________

Господ ќе ни даде „срце, за да знаат дека Јас сум Господ“ (Еремија 24,7). Тој порачува: „Ќе го земам од телото нивно каменото срце и ќе им дадам меснато срце“ (Езекиел 11,19). Бог ќе ни обезбеди „ново срце и нов дух“ (Езекиел 36,26). Тој исто така вели: „Ќе го внесам во вас Мојот дух“ (Езекиел 36,27). Ова Божјо дело е основа на Новиот завет.

**Ако некој ви пријде и ви рече: „Сакам ново срце, сакам да биде напишан законот на моето срце, сакам срце што го познавам Господа – но не знам како да го добијам“, што би му рекле?**

____________________________________________________

____________________________________________________

## СТАРИОТ И НОВИОТ ЗАВЕТ

**„И синовите на туѓинците, што се присоединиле кон Господ, за да Му служат и да го сакаат името на Господ, да бидат слуги Негови, – сите кои ја пазат саботата да не ја осквернат и цврсто се придржуваат за заветот Мој, Јас ќе ги одведам на Мојата света гора и ќе ги зарадувам во Мојот дом за молитва: сепалениците нивни и жртвите нивни ќе бидат благопријатни врз Мојот жртвеник, зашто Мојот дом ќе се нарече молитвен дом за сите народи“ (Исаија 56,6.7).**

Еремија тврди дека треба да се воспостави нов завет „со домот Израелов“ (Еремија 31,33). Дали тогаш тоа значи дека само буквалните Аврамови потомци, Евреи по крв и раѓање, треба да ги примат заветните ветувања?

Не! Не било така ни во старозаветно време. Вистина е, се разбира, дека на еврејскиот народ, како целина, му биле дадени заветните ветувања. Меѓутоа, тоа не ги исклучува останатите. Напротив, сите – и Евреите и незнабошците, биле повикани да учествуваат во ветувањата, но тие морале претходно да се согласат да влезат во заветен однос. Тоа не е променето ни до денес.

**Прочитајте го воведниот текст од Книгата на пророк Исаија. Кои услови се изнесуваат овде пред оние кои сакаат да му служат на Господа? Дали има вистинска разлика меѓу она што Господ го побарал од нив и она што Тој го бара од нас денес? Објаснете го својот одговор.**

Иако овој нов завет се нарекува „подобар“ (види ја поуката од средата), нема вистинска разлика во основните елементи што ги сочинуваат и стариот и новиот завет. Тоа е истиот Бог што нуди спасение на ист начин – преку благодатта (2. Мојсеева 34,6; Римјаните 3,24). Тоа е истиот Бог кој бара народ кој со вера ќе се повика на Неговите ветувања за да им биде простено (Еремија 31,34; Евреите 8,12). Истиот Бог е тој што настојува да го напише законот во срцата на оние кои ќе го следат со вера (Еремија 31,33; Евреите 8,10), без разлика дали се Евреи или незнабошци.

Во Новиот Завет, Евреите, одговарајќи на повикот на благодатта, го примиле Исуса Христа и Неговото евангелие. Едно време тие биле главната жила на црквата, „остаток избран по благодат“ (Римјаните 11,5), за разлика од оние кои „се закоравија“ (Римјаните 11,7). Во исто време, незнабошците, кои претходно не верувале, го прифатиле евангелието и биле накалемени на вистинскиот Божјиот народ, составени од верници, без оглед на која нација или раса припаѓале (Римјаните 11,13-24). Така, незнабошците, „во она време бевте без Христос, отстранети од општеството на Израел, без право на учество во заветите на ветеното“ (Ефесјаните 2,12), биле приближени до Бога и Неговиот народ со Христовата крв. Христос е „Посредник на новиот завет“ (Евреите 9,15) за сите верници, без оглед на нивната националност или раса.

## ПОДОБАР ЗАВЕТ (ЕВРЕИТЕ 8,6)

Вчера видовме дека стариот и новиот завет, во однос на основните елементи, всушност се исти. Суштината е спасението со вера во Бога, кој ни ги простува гревовите, не поради нешто вредно во нас, туку само благодарение на Неговата благодат. Како резултат на тоа простување, ние стапуваме во таков однос со Него во кој му се предаваме со вера и послушност.

**И покрај тоа, Посланието до Евреите го нарекува новиот завет „подобар завет“. Како го разбирате неговото значење? Во која смисла едниот завет е подобар од другиот?**

---

Кој недостаток доведе до „неуспех“ на стариот завет? (Евреите 8,7.8)

Проблемот со стариот завет не бил самиот завет, туку неуспехот на луѓето да го држат со вера (Евреите 4,2). Предноста на новиот завет е што Исус – наместо да биде претставен само со жртви на животни (како во стариот завет) – сега се појавува во реалноста на неговата смрт и првосвештеничката служба. Со други зборови, спасението понудено во стариот завет е исто како и она што е понудено во новиот. Сепак, во рамките на новиот завет, дадено ни е поголемо, поцелосно откривање на Бога, Бог на заветот и на неговата љубов кон паднатото човештво. Тоа е подобар завет во смисла дека сѐ што учат симболите и типовите на Стариот завет, се исполнило во Исуса, чиј безгрешен живот, смрт и првосвештеничка служба биле симболично претставени преку службите во земното светилиште (Евреите 9,8-14).

Меѓутоа, сега, наместо симболи, типови и примери, го имаме лично Исуса, не само како заклано Јагне, чија крв била пролеана за нашите гревови (Евреите 9,12), туку и како Оној што стои како наш Првосвештеник во небото, застапувајќи се за нас (Евреите 7,25). Иако спасението што Тој го нуди е исто, тоа поцелосно откровение за Него и спасението што го наоѓаме во Него, како што е откриено во новиот завет, го прави тој завет подобар во однос на стариот.

**Прочитајте Евреите 8,5 и Евреите 10,1. Кој збор го користи авторот за да ги опише службите во старозаветното светилиште? Како употребата на тој збор ни помага да разбереме зошто новиот завет е подобар?**

---

**Размислете за следново: Зошто знаењето за животот на Христос, смртта и првосвештеничката служба ни дава подобро разбирање за Бога отколку она што го добиваме од обредната служба на принесување жртви на животни во овоземното светилиште?**

## НОВОЗАВЕТЕН СВЕШТЕНИК

Посланието до Евреите става силен нагласок на Исуса како наш Првосвештеник во небесното светилиште. Всушност, најјасното изложување на новиот завет се наоѓа во Посланието до Евреите со неговото нагласување на Христа како Првосвештеник. Ова не е случајно. Христовата небесна служба е поврзана на многу начини со ветувањата на новиот завет.

Службата во светилиштето на Стариот завет била средство со помош на кое народот бил поучуван на старозаветните вистини. Во нејзиниот центар биле жртвата и посредувањето. Животните биле колени, а свештеникот посредувал со нивната крв. Овие, се разбира, биле симболи на спасението што го наоѓаме во Исуса. Во самите нив немало никакво спасение.

**Прочитајте Евреите 10,4. Зошто спасението не може да се најде во смртта на овие животни? Зошто смртта на животното не е доволна да донесе спасение?**

---

Сите овие жртви, придружени од свештеничкото посредништво, го нашле своето исполнување во Христа. Исус станал жртвата на чија крв се темели новиот завет. Христовата крв го официјализира новиот завет, правејќи го заветот на Синај и неговите жртви „стари“ и „неважечки“. Вистинската жртва била принесена, еднаш засекогаш (Евреите 9,26). Откако Христос умрел, немало потреба да се колат повеќе животни. Службата во старозаветното светилиште ја исполнила својата цел.

**Прочитајте го текстот Матеј 27,51, во кој се зборува за тоа како се раскинала завесата во земното светилиште кога умрел Исус. Како овој настан ни помага да разбереме зошто е заменето земното светилиште?**

---

Секако, поврзано со овие животински жртви била и службата на свештениците Левити, кои ги принесувале жртвите и посредувале за народот во земното светилиште. Кога завршило принесувањето на жртви, и потребата за нивната служба исто така престанала. Сè се исполнило во Исуса, кој сега служи со своја крв во небесното светилиште (види Евреите 8,1-5). Посланието до Евреите особено го истакнува Христа како наш Првосвештеник на небото, кој влегува во Светињата принесувајќи ја сопствената крв (Евреите 9,12) и посредувајќи во наша корист. Тоа е основата на надежта и ветувањето што ги имаме во новиот завет.

**Како се чувствувате кога знаете дека, дури и сега, Исус ја принесува својата крв на небото во ваша полза? Колку тоа ви влева доверба и сигурност во поглед на спасението?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Земајќи со своите ученици удел во лебот и во чашата, Христос се обврзал да им биде Откупител. Им го доверил новиот завет со кој сите што ќе го прифатат стануваат Божји деца и сонаследници со Христа. Со овој завет секој благослов што може да го подари Небото за овој живот и за животот што ќе дојде, им припаѓал ним. Делото на овој завет морало да биде потврдено со Христовата крв. Обредот Вечера Господова требало постојано да ги потсетува учениците на бесконечната жртва што е принесена за секого од нив поединечно како член на паднатото човечко семејство“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 659 оригинал).

„Најкарактеристично обележје на тој завет на мирот е изобилното богатство на милост и проштавање што му се нуди на грешникот ако се покае и ги остави своите гревови. Светиот Дух го опишува Евангелието како спасение со нежната милост на нашиот Бог. ’Бидејќи ќе бидам милостив кон нивните неправди, а за гревовите и беззаконијата нивни нема веќе да си спомнувам“ (Евреите 8,12). Дали Бог се отстапил од правдата покажувајќи милост кон грешникот? Не. Бог не може да го омаловажува својот закон дозволувајќи му да се крши неказнето. Според Новиот завет, совршената послушност е услов за живот. Ако грешник се покае и ги признае своите гревови, ќе добие помилување. Преку жртвата што Христос ја принел за него, проштавањето му е осигурано. Христос ги задоволил барањата на законот наместо секој грешник кој верува и се кае“ (Елена Вајт, *Божјата чудесна благодат*, стр. 138 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Која е предноста да има законот напишан во срцето, а не само на камени плочи? Што е полесно да се заборави, законот напишан на камен или оној во срцето?**
2. **Уште од падот на човештвото, спасението може да се најде само преку Исуса, иако оваа вистина се откривала на различни начини во различни историски епохи. Зар не важи истото кога станува збор за заветот?**
3. **Погледнете го вториот цитат на Елена Вајт во денешната поука. На што мисли таа кога вели дека е потребна „совршена послушност“ кога станува збор за заветниот однос? Кој бил единствениот што покажал „совршена послушност“? Како одговара оваа послушност на барањата што законот ги поставува пред нас?**

### ЗАКЛУЧОК

*Новиот завет претставува поголемо, поцелосно и подобро Откровение на планот на спасението. Ние, кои имаме учество во него, го правиме тоа врз основа на верата – вера што се манифестира преку послушност на законот напишан во нашето срце.*

**Поука 11**
**5 - 11 јуни 2021**

# НОВОЗАВЕТНОТО СВЕТИЛИШТЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Мојсеева 25,8; Исаија 53,4-12; Евреите 10,4; Евреите 9,14; Евреите 8,1-6; 1. Тимотеј 2,5.6.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Затоа е Тој посредник на новиот завет, та по Неговата смрт, што стана за откуп на престапите од времето на првиот завет, призваните да го добијат ветеното вечно наследство“ (Евреите 9,15).**

Ноќ без месечина, со небо црно како истурено мастило, го обвива Франк со своите сенки додека одел по празните градски улици. По извесно време, слушнал чекори зад себе. Некој го следел во темнината. И тогаш некој го стигнал и рекол: „Дали си Френк, печатарот?“

„Јас сум. Но, како од знаете?“

„Всушност“, одговорил непознатиот, „не ве познавам. Но, многу добро го познавам вашиот брат и вашиот раст, начинот на одење и движењата ме потсетија толку многу на него, дури и во оваа темнина, што кога ми рече дека има брат, претпоставував дека сте вие“.

Оваа приказна е добра илустрација за една моќна вистина во врска со израелската служба во светилиштето. Тоа била, вели Библијата, сенка, тип, слика на одредена реалност. Сепак, тие сенки и слики беа доволни да ги претскажат и откријат вистините што тие ги претставувале – Христовата смрт и првосвештеничка служба во небесното светилиште.

**РЕЗИМЕ**

*Зошто Бог сакал Израелците да изградат светилиште? Што нè учи ова светилиште за Христос како наша Замена? Што прави Исус на небото како наш Претставник?*

# ОДНОСИ

**„Ќе го поставам живеалиштето Мое меѓу вас, и душата Моја нема да се гнаси од вас. Ќе се движам меѓу вас и ќе бидам ваш Бог, а вие ќе бидете Мој народ“ (3. Мојсеева 26,11.12).**

Едно треба да биде јасно до сега – независно од тоа дали во Стариот или во Новиот Завет, Господ се обидува да воспостави блиски, топли односи со својот народ. Заветот, во основа, всушност помага да се воспоставaт (поради недостаток на подобар збор) „правила“ во таа врска.

Односот има пресудна важност во рамките на заветот, без оглед на времето и контекстот. За да постои однос, треба да има меѓусебна поврзаност, комуникација и контакт, што посебно важи за смртните грешни и недоверливи луѓе. Господ, се разбира, знаејќи го ова, презел иницијатива да биде сигурен дека ни се открил во доволна мера за да можеме, во рамките на нашите човечки граници, да се поврземе со Него на смисловен начин.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 25,8 – Господовиот налог до Израел да изгради светилиште. Што наведува Господ како причина за она што сака тие да го сторат?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Одговорот на тоа прашање, секако, го покренува следното прашање, а тоа е: Зошто? Зошто Бог сака да престојувам меѓу својот народ?

Вистината можеби може да се најде во стиховите што ги цитиравме во нашиот воведен текст. Забележете дека Господ сака да „постави живеалиште“ (или „да престојува“) меѓу нив. И тогаш тој вели дека нема да се „гнаси“ од нив. Потоа, додава тој, ќе се „движи“ меѓу нив и ќе биде нивен Бог, а тие ќе бидат Негов народ (3. Мојсеева 26,11.12). Видете ги елементите што ги наоѓаме во тој текст. Повторно, аспектот на меѓусебните односи се истакнува многу јасно.

**Одвојте неколку минути за да ги анализирате 3. Мојсеева 26,11.12 и 2. Мојсеева 25,8. Запишете како сите овие различни елементи се вклопуваат во идејата дека Бог сака да изгради однос со својот народ?**______________________________________________

______________________________________________________________

Обрнете посебно внимание на зборовите: „Душата Моја нема да се гнаси од вас“. Што е тоа во врска со светилиштето што обезбедува начин паднатите грешни луѓе да бидат прифатени од Господа, и зошто е толку важно за процесот на воспоставување на самиот завет?

## ГРЕВ, ЖРТВА И ПРИФАЌАЊЕ (ЕВРЕИТЕ 9,22)

Во рамките на Стариот Завет, божествено определениот начин на кој грешникот може да се ослободи од гревот и од вината подразбирал жртвување на животни. Израелскиот жртвен систем детално е изложен во книгата Битие, од 1. до 7. глава. Големо внимание било посветено на употребата и отстранувањето на крвта при принесувањето разни видови жртви. Всушност, улогата на крвта во жртвите ритуали е таа што ги поврзува сите елементи на израелскиот жртвен систем.

Лицето кое згрешило – и со тоа го прекршило заветниот однос и законот што го регулира – можело да ја обнови целосната заедница со Бога и со луѓето со тоа што носело жртва на животно како замена. Жртвите и обредите биле средство дадено од Бога за чистење од гревот и вината. Тие биле воспоставени за да може грешникот да се очисти, така што неговиот личен грев и вина биле внесувани во светилиштето со попрскување со крв, со што се обновувало заедништвото и целосниот заветен однос на покајникот со Бога, кој е личност – Господ кој спасува.

Како термините што ги споменавме во претходниот текст ни помагаат да одговориме на прашањето од крајот на вчерашното проучување?

**Какво пророчко значење имаа жртвите на животните? (Исаија 53,4-12; Евреите 10,4).**

_______________________________________________

_______________________________________________

Старозаветните жртви на животните биле божествено определено средство за ослободување на грешниците од гревот и вината. Тие го менувале статусот на грешникот од виновник кој заслужува смрт во оној на кој му е простено и кој е повторно примен во заветниот однос бог-човек. Но, овие животински жртви по својата природа, во извесна смисла, играа пророчка улога. На крајот на краиштата, ниту едно животно не може да биде соодветна замена за откуп од гревот и вината на човекот. Павле го изразува тоа со своите зборови: „Бидејќи не е можно телешката и јарешката крв да ги однесе гревовите“ (Евреите 10,4). Затоа, жртвата на животните требало однапред да укаже на доаѓањето на Бого-човечкиот Слуга Божји, кој ќе умре како замена за гревовите на светот. Токму преку овој процес, грешникот е помилуван и прифатен од Господа, со што се поставува основата за заветниот однос.

**Ставете се во позиција на некој што живеел во старозаветно време, кога животните биле жртвувани во храмот. Со оглед на тоа колку биле важни животните за нивната економија, култура и начин на живот, што требало да научат од овие жртви за цената на гревот?**

## ЗАМЕНА

**„Кој се даде Себе за нашите гревови, за да нѐ избави од сегашниот зол свет, по волјата на Бога, Кој е наш Отец“ (Галатјаните 1,4).**

Нема сомнение – една од клучните теми (ако не и единствената клучна тема) на Новиот завет е дека Исус Христос умрел како жртва за гревовите на светот. Таа вистина е основа на целокупниот план на спасение. Теологијата што го негира помирувањето со Христовата крв, се откажува од срцето и душата на христијанството. Крстот без крв никого не може да спаси.

**Длабоко размислете за денешниот воведен стих, а потоа одговорете на следниве прашања: Дали Исус умрел доброволно? За кого умрел? Што требало да оствари неговата смрт?**

---

Замената е клучот на целокупниот план на спасение. Поради нашите гревови, ние заслужуваме да умреме. Христос, од љубов кон нас, „се даде себе за нашите гревови“ (Галатјаните 1,4). Тој умрел со смрт што ние ја заслужуваме. Смртта на Христос како замена за грешникот е големата вистина од која произлегуваат сите други вистини. Нашата надеж за обновување, слобода, проштавање и вечен живот во рајот се потпира на она што го направил Исус давајќи се себеси за нашите гревови. Без него, нашата вера би била бесмислена. Во тој случај, нашата надеж и доверба можеме да ја положиме во статуата на рибата. Спасението доаѓа само преку крв, и тоа крвта Христова.

**Побарајте ги следниве текстови: Матеј 26,28; Ефесјаните 2,13; Евреите 9,14; 1. Петрово 1,19. Што ни кажуваат тие за таа крв? Тогаш, каква улога има крвта во планот на спасението?**

---

„Не е Божја волја да бидеме недоверливи и да ја измачуваме својата душа стравувајќи дека Бог нема да нѐ прифати затоа што сме грешни и недостојни ... Може да речете: ’Знам дека сум грешник и затоа ми е потребен Спасител ... Немам никакви заслуги ниту добрина врз основа на кои би можел да полагам право на спасение, но му ја принесувам на Бога помирувачка крв на безгрешното Божјо Јагне, кое го зело врз себе гревовите на светот. Тоа е мојата единствена молба‘“ (Елена Вајт, *Верата според која живеам,* стр. 100 оригинал).

**Размислете за горенаведениот цитат на Елена Вајт. Прераскажете го со свои зборови. Дајте му лична нота. Применете го на своите стравови и болки, а потоа запишете што значат за вас ветувањата што ги наоѓаме таму. Каква надеж имате благодарение на крвта на новиот завет?**

## НОВОЗАВЕТЕН ПРВОСВЕШТЕНИК

Во центарот на службата во ова земно светилиште, во кое Бог избрал да престојува меѓу својот народ, било жртвувањето животни. Сепак, службата не завршила со смртта на тие созданија. Со таа крв, свештеникот служел во светилиштето во полза на грешниците, откако самата жртва била убиена.

Сепак, целокупната служба била само сенка, симбол на она што Христос ќе го стори за светот. Значи, како што симболичката служба во светилиштето не завршувала со смртта на животното, така ни Христовата служба за нас не завршила со Неговата смрт на крстот.

**Проучете го текстот Евреите 8,1-6. Молете се над овие стихови. Побарајте од Господа да ви помогне да разберете за што станува збор и зошто е важно за нас да го знаеме тоа. Кога ќе завршите, запишете со свои зборови каква порака ни испраќа Господ, според ваше мислење, преку овие стихови. Исто така, запрашајте се: Како овие текстови ни помагаат да го разбереме новиот завет?**

________________________________________________________

________________________________________________________

Исто како што постоело земно светилиште, свештенство и служба под стариот завет, така постои и небесно светилиште, небесно свештенство и небесна служба под новиот завет. Но, она што било само симбол, слика и сенка (Евреите 8,5), станало реалност во новиот завет.

Освен тоа, наместо живото кое нема чувство за морал, како наша замена ние го имаме безгрешниот Исус. Наместо животинската крв, ние ја имаме Христова крв. Наместо светилишта направени од луѓе, ние пристапуваме пред „вистинската скинија, што ја постави Господ, а не човек“ (Евреите 8,2). И наместо некој смртен, грешен свештеник, ние го имаме Исуса како наш првосвештеник кој извршува служба во наша полза. Имајќи го тоа на ум, разгледајте ги зборовите на Павле: „Како ли тогаш ќе се извлечеме ако занемариме такво големо спасение ...?“ (Евреите 2,3)

**Размислете за следново: Исус живеел безгрешен живот наместо вас, умрел наместо вас и сега се наоѓа на небото и служи во светилиштето застапувајќи се за вас. Сето ова било сторено за вие да бидете спасени од страшните конечни последици на гревот. Планирајте во наредните денови да разговарате со некого за оваа прекрасна вест, со некој за кого сметате дека треба да ја слушне. Врз основа на денешната поука, однапред размислете што ќе кажете.**

________________________________________________________

## НЕБЕСНАТА СЛУЖБА (ЕВРЕИТЕ 9,24)

Проучете го текстот Евреите 9,24, особено во контекстот во кој е даден, како објаснување за Христовата служба на небото по неговата смрт како жртва во наша корист. Иако многу може да се каже, ние сакаме да се сосредоточиме на едно – на изразот што се наоѓа на самиот крај, а кој вели дека Христос сега се појавува во Божје присуство заради нас.

Размислете што значи тоа. Ние, грешните и паднати луѓе; ние, кои би биле спржени од светлината на Божјата слава кога сега би се соочиле со неа; ние, колку и да сме биле лоши, колку дрско и да сме го прекршеле Божјиот свет закон – имаме Некој што се покажува во Божјото присуство заради нас. Имаме Претставник кој стои пред Отецот во наше име. Сетете се колку Христос бил полн со љубов, подготвен да простува и да прифаќа додека бил овде на земјата. Истата Личност сега е наш Посредник на небото?

Тоа е другата страна на радосната вест. Не само што ја платил казната за нашите гревови, преземајќи ги врз себе на Крстот (1. Петрово 2,24) туку и сега Тој стои во присуство на Бога како Посредник меѓу небото и земјата, меѓу Божеството и човештвото.

Тоа има совршена смисла. Исус, кој е едновремено и Бог и Човек (безгрешен, совршен Човек), е единствениот што може да го премости јазот помеѓу човештвото и Бога предизвикан од гревот. Најважното нешто што треба да се запамети од сево ова (иако има уште многу) е фактот дека постои Човек, човечко Битие, кое може да сочувствува со сите наши тешкотии, болки и искушенија (Евреите 4,14.15), а кое токму сега нè претставува пред Отецот.

**„Зашто еден е Бог и еден е Посредник меѓу Бога и луѓето – Човекот Христос Исус, Кој се даде Себе како откуп за сите – а тоа се посведочи во свое време“ (1. Тимотеј 2,5.6). Кои две улоги му ги припишува овој текст на Исуса и како тие улоги биле претскажани со службата во земското светилиште?**

Прекрасната вест за новиот завет е дека сега, благодарение на Исуса, покајаните грешници имаат Некој што ги претставува на небото пред Отецот, Некој што за нив стекнал нешто што тие самите никогаш не би можеле да го стекнат, а тоа е совршена праведност, единствената праведност што може да се одржи во Божје присуство. Исус, со оваа совршена праведност што ја постигнал во својот живот преку големо страдање (Евреите 2,10), стои пред Бога, барајќи за нас проштавање на гревовите и власт над гревот, бидејќи без тоа не би имале надеж ни сега, а особено не на судот.

**Молете се и размислувајте за таа идеја за човечко Битие, за Некој што му се спротивставил и го победил искушението да греши, стои пред Бога на небото. Што значи ова лично за вас? Каква надеж и охрабрување ви носи ова?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Дури ни највозвишениот ангел на небото немал моќ да го плати откупот за ниту една душа. Херувимите и серафимите ја имаат само онаа слава со која Творецот ги обдарил како свои созданија, а помирувањето на човекот со Бога можело да се постигне само преку посредник кој би бил еднаков на Бога и кој би поседува особини кои би го оспособиле и прогласиле за достоен да се заложи за човекот кај бесконечниот Бог, а исто така и да му го претстави Бога на овој паднат свет. Човековата Замена и Залог морал да поседува човечка природа – врска со човечкиот раса кој требало да го претставува, а како Божји амбасадор, тој морал да има удел во божествената природа – врска со Бесконечниот, за да му го открие Бога на овој свет и да биде посредник меѓу Бога и човека“ (Ellen G. White, Selected Messages, book 1, p. 257).

„Исус продолжил: Како што ме признавате вие мене пред луѓето, така јас ќе ве признаам вас пред светите ангели. Вие треба да бидете мои сведоци на земјата, канали низ кои ќе може да тече мојата милост за исцелување на светот. На тој начин ќе бидам ваш претставник на небото. Отецот не го гледа вашиот грешен карактер, туку ве гледа облечени во моето совршенство. Јас сум посредник преку кој небесните благослови ќе дојдат до вас. Секој што ќе ме признае мене, земајќ и удел во мојата жртва за загубените, ќе биде признат како учесник во славата и во радоста на откупените“ (Елена Вајт, Копнежот на вековите, стр. 357 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Прочитајте ги следниве текстови: Римјаните 5,2; Ефесјаните 2,18 и Ефесјаните 3,12. Што кажуваат тие а ни помага да го разбереме нашиот пристап до Отецот преку Исуса?**
2. **Погледнете го вториот цитат на Елена Вајт наведен на денешната поука. Забележете како таа ја објаснува улогата на посредникот. Кога ќе погледне во нас, Отецот не го гледа нашиот грешен карактер, туку Христовата совршена праведност. Размислете што значи тоа и разговарајте за тоа во вашата саботношколска класа.**
3. **Осврнувајќи се на она што го проучивме оваа седмица, запрашајте се како би одговориле на следното прашање: „Добро, значи Христос се наоѓа во небесното светилиште. И што тогаш? Што значи тоа во секојдневна, практична смисла?“**

### ЗАКЛУЧОК

Старозаветниот жртвен систем бил заменет со новозаветниот, но наместо грешни свештеници да жртвуваат животни во ова земно светилиште, сега го имаме Исуса, нашата совршена Жртва. Тој нѐ претставува пред Отецот во небесното светилиште, што е основа на новиот завет и на неговите ветувања.

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

Поука 12
12 - 18 јуни 2021

# ЗАВЕТНА ВЕРА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Галатјаните 6,14; Римјаните 6,23; 1. Јованово 5,11.13; Римјаните 4,1-7; 3. Мојсеева 7,18; 3. Мојсеева 17,1-4; Римјаните 5,1.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А дека преку Законот никој не се оправдува пред Бога, се знае, зашто „Праведниот ќе живее преку верата“ (Галатјаните 3,11).**

Околу седум века пред Христа, поетот Хомер ја напишал Одисеја, приказната за големиот воин Одисеј, кој по Тројанската војна во која го ограбил градот Троја, тргнал на десетгодишно патување во обид да се врати во својата родна Итака. Патувањето траело толку долго, бидејќи тој се соочувал со бродоломи, немири, бури, чудовишта и други пречки што го спречиле да ја достигне својата цел. Конечно, откако заклучиле дека Одисеј претрпел доволно, боговите му дозволиле на тој уморен воин да се врати во својот дом и кај своето семејство. Преку неговите неволји, се согласиле тие, тој се искупил за своите грешки.

Во извесна смисла, и ние, како Одисеј, се наоѓаме на долго патување до нашиот дом. Клучната разлика, меѓутоа, се состои во тоа што ние, за разлика од Одисеј, никогаш не можеме да „страдаме доволно“ за да го заслужиме нашето враќање. Оддалеченоста меѓу небото и земјата е преголема за да можеме да се искупиме за своите грешки. Ако стигнеме дома, тоа ќе биде само благодарение на Божјата благодат.

**РЕЗИМЕ**

*Зошто спасението мора да биде дар? Зошто само Некој еднаков на Бога можел да ги откупи нашите души? Што е тоа што Аврама го прави толку добар претставник на верата? Што значи тоа дека правдата ни се „припишува“ или „засметува“? Како можеме да ги присвоиме ветувањата и надежта што ни ги дава Крстот?*

## РАЗМИСЛУВАЊЕ ЗА ГОЛГОТА

Старозаветниот начин на спасение според Мојсеевиот завет не се разликува од начинот на кој се спасуваме според новиот завет. Без разлика дали станува збор за старозаветните или за новозаветните списи, за стариот или за новиот завет, спасението се прима само со вера. Ако може да се стекне на кој било друг начин, како на пример, со дела, спасението би било нешто што со право ни припаѓа, нешто што Создателот би бил должен да ни го додели. Само оние кои не ја сфаќаат сериозноста на гревот, можат да помислат дека Бог има каква било обврска да нè спаси. Напротив, ако воопшто постои некаква обврска, тогаш тоа е нашиот долг поради кршење на законот. Ние, се разбира, не можеме да го подмириме тој долг. За среќа, Исус го подмирил наместо нас.

„Кога мажите и жените ќе успеат поцелосно да ја разберат величината на жртвата што небесното Величество ја принело умирајќи наместо човекот, тогаш планот на спасението ќе се возвеличува, а размислувањето за Голгота ќе буди нежни, свети, живи чувства во срцата на христијаните. Славопоите упатени кон Бога и Јагнето ќе бидат во нивното срце и на нивните усни. Гордоста и самољубието не можат да цветаат во срцето што живо ги чува во сеќавање сцените од Голгота... Сите богатства на овој свет не се доволни за да се откупи една единствена смртна душа. Кој може да ја измери љубовта што Христос ја чувствувал кон овој изгубен свет додека висел на крстот, страдајќи заради гревовите на паднатите луѓе? Таа љубов била неизмерна, бескрајна.

Христос покажал дека Неговата љубов е посилна од смртта. Водел битка за спасение на човекот, и иако влегол во најстрашниот судир со силите на темнината, сепак, среде сето тоа, неговата љубов станувала сè посилна и посилна. Во горчината на душата што ја трпел кога Отецот го скрил своето лице од Него, му се оттргнал извикот: ‘Боже мој! Боже мој! Зошто си ме оставил?’ Но Неговата рака донела спасение. Цената на човековото спасение била платена кога, во последната битка на душата, биле изговорени блажените зборови, кои како да одекнале низ целиот создаден свет: „Се сврши!“...

Сцените од Голгота будат најдлабоки чувства. Нема да би биде упатена забелешка ако таа тема разбуди кај вас поголемо одушевување. Нашиот ум и имагинација никогаш не ќе можат целосно да го сфатат тоа што Христос, толку полн со доблести, толку невин, требало да претрпи толку болна смрт, носејќи го товарот на гревовите на овој свет. Не можеме да ја сфатиме должината, ширината, висината и длабочината на таквата чудесна љубов. Размислувањето за неспоредливите длабочини на љубовта на Спасителот би требало да го исполни умот, да ја трогне и омекне душата, да ги облагороди и воздигне чувствата и целосно да го преобрази карактерот“ (Ellen G. White, Testimonies for the Church, vol. 2, pp. 212, 213).

**Молете се за ова што го пишува Елена Вајт. Имајќи ги предвид овие стихови, прочитајте Галатјаните 6,14 и потоа поставете си го прашањето: На кој начин јас можам да се фалам со крстот на Исуса Христа?**

## ЗАВЕТОТ И ЖРТВАТА

**„Знаејќи дека со пропадливо сребро или злато не сте искупени од суетниот живот, кој ви се предаде од татковците ваши, туку со скапоцената крв на непорочното и чисто Јагне – Христос“ (1. Петрово 1,18.19).**

**Што мисли Петар овде кога вели да сме искупени?**

---

Кога зборува за Христовата искупителска смрт на крстот, „откупот“, или цената на која се повикува Петар, го навраќа сеќавањето на древната практика на ослободување на робовите на тој начин што некој би платил цена за нив (обично некој роднина). Слично на тоа, Христос нѐ откупил од ропството на гревот и од неговиот конечен плод – смртта. Но, тој го направил тоа со својата „скапоцена крв“, со неговата заменичка и доброволна смрт на Голгота. И повторно, тоа е основата на сите завети – без тоа, заветот станува ништовен, бидејќи Бог не би можел праведно да го исполни својот дел од спогодбата, а тоа е да им даде вечен живот на сите што веруваат.

**Побарајте ги следниве стихови: Римјаните 6,23; 1 Јованово 5,11.13. Која порака им е заедничка?**

---

Ние го имаме тоа ветување за вечен живот, само затоа што Исус можел да го премости тој јаз, поради кој сме го изгубиле вечниот живот. Како можело тоа да се оствари? Само на тој начин што праведноста и бесконечната вредност на Творецот лично го покривала долгот што сме го имале кон прекршениот закон – толку бил широк јазот предизвикан од гревот. На крајот на краиштата, што би кажувало тоа за сериозноста на Божјиот вечен морален закон, ако некое смртно, ограничено, создадено суштество би можело да ја плати цената за неговото кршење? Само Некој еднаков на Самиот Бог, во кого има непозајмен, несоздаден, вечен живот, можел да го плати откупот што бил потребен за да нѐ ослободи од нашиот долг кон законот. Така биле исполнети заветните ветувања. На тој начин ние, дури и сега, го имаме ветувањето за вечен живот. Така ние сме искупени од гревот и смртта.

Замислете нечие дете во музеј да фрли балон наполнет со мастило врз сликата на Рембрант и целосно да ја уништи. Таа слика вреди милиони, а родителите, дури и да продадат сѐ што имаат, не би можеле ни оддалеку да го покријат тој долг. Во која смисла оваа слика ни помага да разбереме колку е сериозен јазот што го предизвикал гревот, колку сме беспомошни да го премостиме и зошто само Господ лично можел да го плати тој долг?

## АВРАМОВАТА ВЕРА – 1 ДЕЛ

**„И Му поверува Аврам на Господ, и тоа му се засмета за праведност“ (1. Мојсеева 15,6).**

Овој стих останува една од најдлабоките изјави во целото Свето писмо. Тој овозможува да се утврди клучната вистина за библиската религија – вистината за оправдувањето само со вера, што со векови постоела пред Павле да го напише посланието до Римјаните. Сето ова докажува дека од Едем па натаму спасението се добивало на ист начин.

Непосредниот контекст на тој стих ни помага да разбереме колку е навистина голема верата на Аврам, кој се надевал во Божјото ветување дека ќе добие син и покрај сите физички факти што го правеле тоа ветување навидум невозможно. Тоа е вид на вера што ја увидува својата целосна беспомошност, која бара целосно предавање на себеси и безусловна послушност на Господа. Тоа е верата од која произлегува послушноста. Таква била верата на Аврам, која била засметана „за праведност“.

**Зошто Библијата кажува дека му била „засметана“ или „примена“ како праведност? Дали Аврам лично бил „праведен“ во смисла во која Бог е праведен? Што сторил тој кратко време откако Бог го прогласил за праведен, што ни помага да разбереме зошто му била припишана таа праведност, без оглед каков бил тој навистина?**

________________________________________

________________________________________

Колку и да бил животот на Аврам живот на вера и послушност, сепак тоа не бил живот на совршена вера и совршена послушност. Повремено покажувал слабости во двете области. (Дали тоа ве потсетува на некој што го познавате?) Сево ова доведува до клучен заклучок, а тоа е: праведноста што нè спасува е праведност што ни се засметнува, праведност што ни се (да употребиме популарен теолошки термин) припишува. Тоа значи дека сме прогласени за праведни во Божјите очи и покрај нашите мани. Тоа значи дека небесниот Бог гледа на нас како да сме праведни, иако ние не сме. Тој го сторил тоа за Аврам и ќе го стори за сите што се „од Аврамовата вера“ (Римјаните 4,16).

**Прочитајте Римјаните 4,1-7. Забележете во кој контекст Павле ја цитира 1. Мојсеева 15,15. Молете се над овие стихови и напишете со свои зборови што мислите дека ви порачуваат.**

________________________________________

________________________________________

## АВРАМОВАТА ВЕРА – 2 ДЕЛ

Ако повторно го разгледаме текстот 1. Мојсеева 15,6, можеме да видиме дека, во различни преводи на Библијата, изразот „прими“ (еврејски, *chashab*) се толкува како „смета“, „припишува“ или „засметува“.

Истиот термин се користи на други места во книгите на Мојсеј. Едно лице се „смета“ за нешто што тоа не е. На пример, во текстот 1. Мојсеева 31,15, Рахела и Лиа тврдат дека нивниот татко ги „сметал“ за туѓинки, иако биле негови ќерки. Десетокот од Левитите бил „приман“ (или „сметан“) како „добивка од гумно и како добивка од преса за грозје“, иако тоа очигледно не било така (4. Мојсеева 18,27.30).

**Како е изразена идејата за засметувањето во контекст на жртвите? (3. Мојсеева 7,18; 3. Мојсеева 17,1-4)**

___

___

Библијата „Кинг Џејмс“ го преведува „chashab“ како „прима“. Ако некоја жртва („благодарна жртва“) не била изедена до третиот ден, таа би ја изгубила својата вредност и немала да му биде „примена“ (3. Мојсеева 7,18; еврејски – *chashab*) на оној што ја принел. 1. Мојсеева 7,18 ја опишува ситуацијата во која жртвата била „примена“ во корист на грешникот (спореди 1. Мојсеева 17,1-4), кој потоа би стоел оправдан пред Бога. Бог го прифаќа грешникот како праведен, иако не е таков.

Одвојте малку време за да размислувате за оваа чудесна вистина дека ние, и покрај нашите недостатоци и мани, можеме да бидеме прифатени или да бидеме сметани за праведни во Божјите очи. Напишете со свои зборови како вие разбирате што значи тоа.

Таа голема вистина – дека сме прогласени за праведни – не поради тоа што ние можеме сами нешто да направиме, туку само поради верата во она што Христос го направил за нас – тоа е суштината на изразот „праведност преку вера“. Сепак, нашата вера, сама по себе, не е она што нѐ прави праведни. Наместо тоа, би се рекло дека верата е средство со кое го добиваме дарот на правдата. Во суштина, тоа е убавината, тајната и славата на христијанството. Сѐ во што веруваме како христијани, како следбеници на Христа, има длабок корен во тој чудесен концепт. Врз основа на верата, ние се вбројуваме меѓу праведните во Божјите очи. Сѐ друго што следи – послушност, посветување, светост, развој на карактерот, љубов – треба да произлезе од таа клучна вистина.

**Како би одговориле на некој што се стреми да биде христијанин, но вели: „Не се чувствувам праведен“?**

# ПОТПИРАЈЌИ СЕ НА ВЕТУВАЊАТА

Постои приказна за прочуениот кардинал Белармино, голем католички апологет, кој целиот свој живот се борел против пораката за оправдување само врз основа на засметаната праведност. Додека лежел на смртната постела, му биле доведени распетија и реликвии за да му дадат утеха и охрабрување пред смртта. Но, Белармино рекол: „Носете го. Мислам дека е побезбедно да се потпреме на Христовите заслуги".

Зашто, како што се приближува крајот на животот на многу луѓе, тие гледаат station наназад и согледуваат колку се напразни, суетни и бескорисни сите нивни обиди да го заслужат спасението пред светиот Бог и колку им е потребна Христовата праведност.

Сепак, добрата вест е дека не мора да чекаме да ни се приближи смртта за да ја најдеме сигурноста во Господа. Целиот завет се заснова на Божјите верни ветувања во овој момент, кои Тој ни ги дава токму сега, кои уште сега можат да го подобрат нашиот живот.

**Побарајте ги следните стихови и одговорете на прашањето што се наоѓа крај секој од нив во контекст на развојот, зачувувањето и зајакнувањето на вашиот заветен однос со Бога:**

- **Псалм 34,8** (како можете да ја искусите Божјата добрина?)

_______________________________________________

_______________________________________________

- **Матеј 11,30** (Во она што Христос го остварил за нас, што е тоа што го прави тој јарем поблаг?)

_______________________________________________

_______________________________________________

- **Римјаните 5,1** (Како се поврзани оправдувањето и мирот?)

_______________________________________________

_______________________________________________

- **Филипјаните 2,7.8** (Што сте стекнале од Христовото искуство?)

_______________________________________________

_______________________________________________

**Со молитва, преиспитајте го својот живот и поставете си го прашањето: Што од она што го правам, го зајакнува мојот однос со Бога, а што го нарушува? Кои промени треба да ги направам?**

_______________________________________________

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Единствениот начин на кој тој (грешникот) може да постигне правда е преку верата. Со вера тој може да му ги принесе на Бога Христовите заслуги и Господ ќе ја припише послушноста на неговиот Син во извештајот на грешникот. Христовата праведност се прифаќа наместо човековите недостатоци, а Бог ја прифаќа и ја оправдува душата која се кае и верува, кон неа се однесува како да е праведна и ја сака како што го сака својот Син. На овој начин, верата се засметува како праведност“ (Ellen G. White, Selected Messages, book 1, p. 367).

„Кога ќе го прифатиме Христа за свој Спасител преку покајание и вера, Господ ни ги простува нашите гревови и ја укинува казната предвидена за кршење на законот. Грешникот тогаш стои пред Бога како праведна личност, се здобива со наклонетоста на небото и преку Духот влегува во заедништво со Отецот и Синот.

Тогаш треба да се заврши само уште едно дело, а тоа има развојна природа. Душата треба да се посвети со вистината. И тоа, исто така, се остварува преку верата. Бидејќи карактерот може да се преобрази само со Христовата благодат што ја примаме со вера“ (Ellen G. White, Selected Messages, book 3, p. 191).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Која разлика се прави меѓу живата и мртвата вера? (Јаков 2,17.18). Како Павле ја опишува живата вера? (Римјаните 16,26) Кој клучен збор ни помага да откриеме што бара верата?**
2. **Како одговарате на тврдењето (во кое има одредени логички доследности) дека, ако се спасуваме само врз основа на засметаната правда, а не поради правдата што постои во нас, тогаш не е важно што и како правиме?**
3. **„Ние сме прифатени од Бога и тоа ни е обезбедено само преку Неговиот возљубен Син, а добрите дела се само резултат на делувањето на Неговата љубов која ги простува гревовите. Ние не сме ги заслужиле и тие не ни се признаваат како нешто врз основа на кое би можеле да тврдиме дека имаме удел во спасението на нашата душа ... Тој (верникот) не може да ги наведе своите добри дела во прилог на спасението на неговата сопствена душа“ (Ellen G. White, Selected Messages, book 3, p. 199). Имајќи ја предвид таа изјава на Елена Вајт, зошто добрите дела се толку важен дел од христијанското искуство?**

ЗАКЛУЧОК

*Стариот и новиот завет: Исус го платил нашиот долг според законот, за да можеме да стоиме како праведни пред Бога.*

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 13**
**19 - 25 јуни 2021**

# НОВОЗАВЕТНОТО СВЕТИЛИШТЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Јованово 1,4; Јован 5,24; Римјаните 3,24.25; 2. Коринќаните 5,21; 1. Јованово 4,16; Откровение 2,11; Откровение 20,6.14; Откровение 21,8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат во изобилие“ (Јован 10,10).**

Ова тримесечје проучувавме за заветот, преку кој, кога ќе го сведеме на наједноставниот, најчистиот облик, Бог во основа ни кажува: Еве како ќе ве спасам од гревот. Точка.

Иако крајниот резултат или големото финале на заветните ветувања, се разбира, е вечниот живот на обновениот свет, не мора да чекаме до тогаш – уште денес можеме да уживаме во благословите на заветот. Исто така, Бог се грижи и за нашиот сегашен живот, и го посакува најдоброто за нас уште сега. Заветот не е зделка што, ако го сториш тоа или тоа, ќе ја добиеш својата награда во далечната иднина. Наградата и даровите се благослови во кои, оние кои ќе влезат во заветен однос, можат да уживаат уште овде и сега.

Во поуката за оваа седмица, на крајот од нашата серија размислувања за заветот, ќе разгледаме некои непосредни благослови, некои од ветувањата што произлегле од Божјата благодат која се излеала во нашите срца затоа што сме Го чуле како чука и сме Му ја отвора вратата. Се разбира, има повеќе благослови отколку што ќе можеме да опфатиме оваа седмица. Но, тоа е само почеток, почеток на нешто што навистина никогаш нема да заврши.

**РЕЗИМЕ**

*Зошто треба да чувствуваме радост? Врз основа на што се повикуваме на тоа ветување? Што е тоа во врска со заветот што треба да нѐ ослободи од товарот на вината? Што значи да се има ново срце?*

## РАДОСТ

**„Тоа ви го пишуваме за да биде радоста наша потполна“ (1. Јованово 1,4).**

Видете што напишал Јован тука. Со неколку едноставни зборови, тој изразил нешто што треба да биде една од најголемите предности што ги имаме ние, како заветен народ – а тоа е ветувањето за радост.

Како христијани, честопати ни се вели дека не треба да ги следиме нашите чувства, дека верата не е чувство, дека треба да ги надминуваме своите чувства – и сето тоа е точно. Но, од друга страна, ние не би биле човечки суштества ако немаме чувства, емоции и расположенија. Не можеме да ги негираме нашите чувства. Она што треба да го направиме е да ги разбереме, да им доделиме соодветна улога и да ги држиме под контрола што е можно повеќе. Но, да ги негираме, тоа би значело да се откажеме од она што значи да се биде човек (исто така, можеме да му кажеме на кругот да не биде тркалезен). Навистина, како што ни кажува и воведниот стих, не само што треба да имаме чувства (во овој случај радост), туку и тие треба да бидат исполнети. Тоа баш и не звучи дека чувствата треба да се негираат, зар не?

**Прочитајте го контекстот на воведниот стих почнувајќи од почетокот на главата. За што им пишувал Јован на првите христијани, зошто се надевал дека нивната радост ќе биде потполна? И зошто тоа требало да им донесе радост?**

---

Јован бил еден од првите Дванаесеттемина. Тој бил таму, речиси од самиот почеток на Христовата три и полгодишна служба, како сведок на некои од најчудесните настани во Исусовиот живот (Јован бил присутен кај Крстот, во Гетсиманија, како и на Горката на преобразувањето). Затоа, како очевидец, тој бил најповикан да зборува на оваа тема.

Меѓутоа, забележете дека тој не става нагласок на себеси, туку на она што Исус го направил за учениците, за тие сега да можат да имаат заедништво не само со едни со други, туку и со самиот Бог. Исус ни овозможил да влеземе во тој близок однос со Господа, а еден од резултатите на тоа заедништво – на тој однос – е радоста. Јован сакал луѓето да знаат дека она што го слушнале за Исуса е вистина (тој го видел, го допрел, го почувствувал, го слушал) и дека и тие можат да стапат во радосна врска со својот небесен Отец, кој ги сака и кој, преку својот Син, се дал себеси за нив.

**Во извесна смисла, Јован го изнесува своето лично сведоштво. Какво е нашето сведоштво во врска со нашиот личен однос со Исуса? Што би можеле да кажете а ќе помогне да се зголеми нечија радост во Господа, како што Јован настојувал да го стори тоа во овој текст?**

# ОСЛОБОДЕНИ ОД ВИНАТА

**„И сега нема никакво осудување за оние кои се во Исус Христос“ (Римјаните 8,1).**

Една млада жена била брутално убиена, а сторителот останал непознат. Но, полицијата му поставила стапица ставајќи скриен микрофон на нејзиниот гроб. Една вечер, многу месеци по нејзината смрт, еден млад човек се приближил до гробот и плачејќи на колена, ја молел сопругата да му прости. Полицијата, секако, откако ги слушнала неговите зборови, го уапсила за убиството.

Што го натерало овој човек да дојде на тој гроб? Тоа била вината, а зар би можело да биде нешто друго?

Иако никој од нас, се разбира, не сторил ништо толку лошо како тој млад човек (или барем се надеваме дека не сторил), сите носиме вина, сите сме направиле нешто од што се срамиме, што би сакале да го поправиме, но не можеме.

Меѓутоа, благодарение на Исуса и на крвта на новиот завет, никој од нас не мора да живее со стигмата на вината. Според денешниот воведен текст, нема осуда за нас. Врховниот судија прогласил дека ние не сме виновни и гледа на нас како да не сме го сториле она за што се чувствуваме виновни.

**Како следниве текстови ни помагаат да ги разбереме Римјаните 8,1: Јован 5,24; Римјаните 3,24.25; 2. Коринќаните 5,21?**

Едно од големите ветувања поврзани со живеењето во заветен однос со Господа е дека повеќе не мора да живееме под товарот на вината. Благодарение на крвта на заветот, од нас – кои решаваме да влеземе во тој заветен однос со Бога и да се придржуваме кон условите: вера, покајание, послушност – товарот на вина може да биде подигнат. Кога сатаната се обидува да ни шепоти дека сме лоши и расипани, дека сме премногу грешни за Бог да нè прифати, можеме да го направиме истото што го направил Исус кога сатана го искушавал во пустината: можеме да го цитираме Светото писмо, а еден од најдобрите стихови во таквите пригоди е Римјаните 8,1. Тоа не значи дека ја негираме реалноста на гревот во нашиот живот, туку дека, благодарение на заветниот однос што го имаме со Господа, ние повеќе не живееме под осудата на гревот. Исус ја платил казната за нас и Тој сега стои во присуство на Отецот принесувајќи ја сопствената крв во наша полза, нудејќи ја својата правда наместо нашите гревови.

**Што се менува во вашиот живот затоа што Господ ви простил, без оглед на тоа каков грев сте направиле? Како ви помага овој факт да се справите со оние што ви згрешиле? Како треба тоа да влијае на начинот на кој се однесувате кон тие луѓе?**

## НОВ ЗАВЕТ И НОВО СРЦЕ

**„И преку верата Христос да се всели во срцата ваши, та вкоренети и утврдени во љубовта да можете да разбирате со сите светии што е ширина и должина, што е длабочина и височина, и да ја осознаете Христовата љубов што го надминува секое знаење, за да се исполните со сета полнота Божја“ (Ефесјаните 3,17-19).**

Како што покажаа претходните учења во ова тримесечје, нов завет е оној во кој Господ го става законот во нашето срце (Еремија 31,31-33). И не само што законот е тука, во нашето срце, туку, според денешниот воведен стих, тука е и Христос, што, се разбира, има многу смисла, бидејќи Христос и Неговиот закон се тесно поврзани. Затоа, со Христовиот закон во нашето срце и со Христа, кој исто така живее тука (грчкиот збор преведен како „се всели“ може да се преведе и како „престојува“, што дава впечаток на трајност), доаѓаме до друга голема полза од заветот, а тоа е – ново срце.

**Зошто ни треба ново срце? Какви промени ќе се видат кај оние кои имаат ново срце?**

Прочитајте го повторно воведниот стих за денес. Забележете дека Павле го нагласува елементот на љубовта, велејќи дека мора да бидеме „вкоренети и втемелени“ во неа. Тие зборови подразбираат стабилност, цврстина и трајност кои се наоѓаат во основата на љубовта. Нашата вера не значи ништо ако не е вкоренета во љубовта кон Бога и во љубовта кон другите (Матеј 22,37-39; 1. Коринќаните 13). Таа љубов не се јавува во вакуум. Напротив, таа се јавува затоа што добиваме делумен увид во Божјата љубов кон нас (љубов што „го надминува секое знаење“), каква што се манифестирала преку Исуса. Како резултат на тоа, нашиот живот се менува, нашето срце се преобразува и стануваме нови луѓе со нови мисли, желби и цели. Нашата реакција на Божјата љубов кон нас е она што го менува нашето срце и ни влева љубов кон другите. Можеби ова е, барем делумно, она што Павле го мисли кога вели дека треба да бидеме исполнети со сета „полнота Божја“.

**Прочитајте го текстот 1. Јованово 4,16. На кој начин тој е поврзан со она за коешто зборува Павле во Ефесјаните 3,17-19?**

Погледнете ги стиховите што ги проучувавме денес. Што можете да сторите за да овозможите да се исполнат во вас ветувањата што ги наоѓаме тука? Дали има нешто што треба да го смените, нешто што може да ве спречи да ја искусите „Божјата полнота“ (Ефесјаните 3,19)? Направете список со промените што треба да ги направите во вашиот живот. Направете една ваква листа за себе, а една што би можеле да ја споделите, доколку не ви е непријатно, со саботношколската класа. Како може да си помогнете едни на други за да ги извршите потребните промени?

## НОВИОТ ЗАВЕТ И ВЕЧНИОТ ЖИВОТ

**„Јас сум воскресението и животот; кој верува во Мене, и да умре, ќе живее. И секој што живее и верува во Мене, нема да умре довека. Го веруваш ли тоа?“ (Јован 11,25.26)**

Вечниот живот има две димензии. Сегашната димензија му носи на верникот искуство на изобилен живот (Јован 10,10), кој опфаќа многу од ветувањата што ни се дадени за сегашниот живот.

Идната димензија, се разбира, е вечниот живот – ветување за воскресение на телото (Јован 5,28.29; Јован 6,39). Иако сè уште во иднина, тоа е настан што му дава вредност на сè друго, настан што ги круниса сите надежи кои ги имаме како христијани.

**Проучете го денешниот воведен стих. Што кажува Исус тука? Каде се наоѓа вечниот живот? Како ги разбираме неговите зборови дека оние што живеат и веруваат во Него, дури и да умрат, никогаш нема да умрат? (Видете Откровение 2,11; 20,6.14; 21,8)**

---

Се разбира, сите ние умираме, но според Исуса, таа смрт е само сон, привремен прекин што - за оние кои веруваат во Него - ќе заврши со воскресение во живот. Кога Христос ќе се врати, мртвите во Него ќе воскреснат во бесмртност, додека Неговите живи следбеници, додека трепнат, ќе се преобразат во бесмртност. И мртвите и живите кои се во Христа, ќе го поседуваат истото воскреснато тело. За Божјиот народ, бесмртноста започнува во тој миг. Колку е голема радоста што уште сега знаеме дека нашиот крај не е во гробот, туку дека нема крај, дека сите ќе добиеме вечен живот што трае вечно.

„Христос станал едно тело со нас, за ние да станеме еден дух со него. Преку ова единство ќе станеме од гробот - не само како израз на Христовата сила, туку затоа што неговиот живот со вера станал наш живот. Оние што го согледуваат Христа во неговиот вистински карактер и го примаат во срцето, имаат вечен живот. Христос живее во нас со Духот, а Божјиот Дух, примен со вера во срцето, е почеток на вечниот живот“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 388 оригинал).

**На кои начини уште сега можеме да уживаме во предимствата на вечниот живот? Со други зборови, што ни обезбедува тоа ветување денес? Забележете некои од предимствата што ова ветување за вечен живот ви ги дава лично вам во секојдневниот живот. На кој начин можете, оваа надеж и ветување што сте ги примиле, да ги споделите со некој што се бори, можеби дури и со смртта на некој близок?**

## НОВИОТ ЗАВЕТ И МИСИЈАТА

**„Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, и учејќи ги да пазат сè што сум ви заповедал; и ете, Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот“ (Матеј 28,19.20).**

Низ целиот свет, луѓето се борат со она што јужноафриканскиот писател Лоренс Ван Дер Пост го нарекол „бесмислен товар“. Луѓето го имаат дарот на животот, но не знаат што да прават со него, не знаат која е целта на тој дар, ниту како да го употребат. Тоа е исто како да му дадете некому библиотека полна со ретки книги, но таа личност воопшто не чита книги, туку ги користи за потпалување. Колку страшно упропастување на нешто толку скапоцено!

Меѓутоа, за еден новозаветен христијанин тоа не е проблем со кој треба да се бори. Напротив, оние кои ја знаат (и кои лично ја доживеале) чудесната вест за распнатиот и воскреснат Спасител, кој умрел за гревовите на секое човечко битие на земјата, за сите да имаат вечен живот – тие ја познаваат радоста. Со оглед на недвосмислениот повик во текстот Матеј 28,19.20, верникот несомнено има мисија и цел во животот, а тоа е да ја шири по целиот свет чудесната вистина за Исуса Христа што лично ја доживеал. Каква предност! Скоро сè што правиме на овој свет ќе заврши кога ќе заврши и овој свет. Но, да им се објавува Евангелието на другите, тоа е дело што ќе остави трага и во вечноста. Разговарајте за мисијата и за смислата!

**Поделете го денешниот воведен текст на неколку делови. Што точно ни вели Исус да правиме и што подразбира секоја од овие подробности? Кое ветување го имаме, а треба да ни влее вера и храброст да го правиме она што Христос го заповеда?**

Како новозаветни христијани, нам ни е дадена јасна заповед од самиот Господ. Кои и да сме, каква позиција и да имаме во светот, какви и да се ограничувањата што ги трпиме, сите можеме да ја одиграме својата улога. Дали вие лично нешто правите? Можете ли да правите и повеќе од тоа? Што би можеле да направите заедно како саботношколска класа за да имате поголемо учество во тоа дело?

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата Големата борба од Елена Вајт прочитајте ја главата со наслов „Божјиот народ е ослободен“ стр. 635-645 оригинал, а во книгата Патот кон Христа, главата „Радосни во Господа“, стр. 115-126 оригинал.

„Светиот Божји Син не носел сопствени гревови и жалости. Тој ги носел жалостите на другите, затоа што врз него било ставено беззаконието на сите нас. Преку божественото сочувство, Тој се поврзува со човекот и како претставник на човечкиот род дозволува кон него да се постапува како кон престапник на законот. Тој гледа во бездната на јадот што го отвориле пред нас нашите гревови и нуди да го премости јазот на одвојувањето на човекот од Бога“ (Ellen G. White, Bible Echo and Signs of the Times, Aug. 1, 1892).

„Дојди, брате мој, дојди токму таков како што си, грешен и опоганет. Стави го товарот на својата вина врз Исуса и со вера повикај се на Неговите заслуги. Дојди веднаш, додека милоста сѐ уште трае. Дојди со признавање, во понизност на душата, и Бог великодушно ќе ти прости. Не осмелувај се да ја пренебрегнеш уште една можност. Послушај го гласот на милоста што сега те повикува да станеш од мртвите за да може Христос да те осветли. Секој момент сега како да се поврзува директно со судбината на невидливиот свет. Затоа, не дозволувај гордоста и неверството да те наведат да продолжиш да ја одбиваш понудената милост. Ако го правиш тоа, на крајот ќе останеш да очајуваш: ’Мина жетвата, сврши летото, а ние не се избавивме’“ (Ellen G. White, Testimonies for the Church, vol. 5, p. 353).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. „Ние се набљудуваме себеси во однос на космосот“, напишал Франциско Хоце Морено, „и свесни сме за нашето незнаење и крајна беспомошност“. Оттука е и нашата несигурност. А како последица на тоа, ние чувствуваме страв“ (Between Faith and Reason: Basic Fear and the Human Condition; New York: Harper & Row, Publishers, 1977, p. 7). Споредете ја оваа изјава со онаа што ја проучувавме оваа седмица во Ефесјаните 3,17-19. Разговарајте за разликите меѓу овие две гледишта.**

**2. Бог им ветува радост на оние кои веруваат во Исуса. Дали радоста е иста како и среќата? Дали секогаш треба да бидеме среќни? А ако не сме, дали тоа значи дека нешто не е во ред со нашето христијанско искуство? Што ни открива Исусовиот живот, а ни помага да најдеме одговори на овие прашања?**

**3. Разговарајте за идејата дека треба да бидеме исполнети со сета „полнота Божја“ (Ефесјаните 3,19). Што значи тоа? Како можеме да го искусиме ова во нашиот живот?**

### ЗАКЛУЧОК

*Заветот не е само длабок теолошки концепт. Тој ги дефинира параметрите на нашиот спасоносен однос со Христа, однос кој ни дава некои извонредни придимства уште сега, како и при Неговото второ доаѓање.*

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – АПРИЛ

# БОЖЈИ ЛЕК ПРОТИВ ГРЕВОТ

### ИЗВОР НА ЖИВОТОТ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Четврток* | **Исаија 53,5.** | *Спасител на луѓето* |
| *2. Петок* | **Мудри изреки 18,24** | *Пријател на грешниците* |
| *3. Сабота* | **Јован 4,14** | *Извор на животот* |

### СОВРШЕНО ПОМИРУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| *4. Недела* | **Псалм 32,8** | *Мој водич и кормилар* |
| *5. Понеделник* | **1. Петрово 1,18.19** | *Жртвената крв Христова* |
| *6. Вторник* | **Римјаните 5,9.** | *Оправдани со Неговата крв* |
| *7. Среда* | **Римјаните 8,1.** | *Мир благодарение на крстот* |
| *8. Четврток* | **Галатјаните 3,13.** | *Славна замена* |
| *9. Петок* | **Римјаните 5,11.** | *Савршено помирување* |
| *10. Сабота* | **Ефесјаните 2,13.** | *Симболот се претвора во стварност* |

### ХРИСТОВАТА ПРАВЕДНОСТ Е ДОВОЛНА

| | | |
|---|---|---|
| *11. Недела* | **Ефесјаните 1,7.** | *Откупување и проштавање* |
| *12. Понеделник* | **Матеј 5,20.** | *Самоправедноста не е доволна* |
| *13. Вторник* | **Матеј 5,6.** | *Исполнети со Неговата праведност* |
| *14. Среда* | **Дела 5,31.** | *Први чекори кон оправдувањето* |
| *15. Четврток* | **Римјаните 3,21.22.** | *Христовата праведност е доволна* |
| *16. Петок* | **Римјаните 4,5.** | *Неговата праведност се добива со вера* |
| *17. Сабота* | **Исаија 61,10.** | *Облечени во Неговата праведност* |

### ВЕРАТА СЕ ПОКАЖУВА ПРЕКУ ДЕЛАТА

| | | |
|---|---|---|
| *18. Недела* | **Римјаните 12,2.** | *Препознај ја Божјата волја* |
| *19. Понеделник* | **Јаков 2,18.** | *Верата се покажува преку делата* |
| *20. Вторник* | **Јован 17,19.** | *Посветувањето – дело за цел живот* |
| *21. Среда* | **Евреите 1,9.** | *Да го мразиме гревот* |
| *22. Четврток* | **1. Јованово 2,1.** | *„Ако некој згреши [...]“* |
| *23. Петок* | **Малахија 3,3.** | *Проверка на карактерот* |
| *24. Сабота* | **2. Петрово 1,3.** | *Скали кон совршенството* |

### ДОБРАТА БОРБА НА ВЕРАТА

| | | |
|---|---|---|
| *25. Недела* | **Римјаните 14,17.** | *Радост и мир во Светиот Дух* |
| *26. Понеделник* | **Евреите 11,1.** | *Што е верата?* |
| *27. Вторник* | **Римјаните 10,17.** | *Верата доаѓа преку ветувањата* |
| *8. Среда* | **1. Тимотеј 6,12.** | *Добрата борба на верата* |
| *29. Четврток* | **Колошаните 2,6.** | *Праведните ќе живеат од верата* |
| *30. Петок* | **1. Јованово 5,4.** | *Верата е победа* |

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – МАЈ

# ОБРАТУВАЊЕ И НОВ ЖИВОТ

## ЖАЛЕЊЕ ПОРАДИ ГРЕВОТ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Сабота* | **Дела 3,19.** | *Жалење поради гревот* |

## ДОЈДЕТЕ ТАКВИ КАКВИ ШТО СТЕ

| | | |
|---|---|---|
| *2. Недела* | **1. Јованово 1,9.** | *Важноста на искреното признавање* |
| *3. Понеделник* | **Михеј 7,18.** | *Значењето на проштавањето* |
| *4. Вторник* | **Јован 1,12.** | *Божји синови и ќерки* |
| *5. Среда* | **Матеј 7,2.** | *Кога простуваме и нам ни се простува* |
| *6. Четврток* | **Езекиел 33,15.** | *Се бара враќање* |
| *7. Петок* | **Еремија 13,23.** | *Дојдете такви какви што сте* |
| *8. Сабота* | **Псалм 51,1.** | *Лично проштавање* |

## НЕОПХОДНА Е ПРОМЕНА НА СРЦЕТО

| | | |
|---|---|---|
| *9. Недела* | **Јован 15,4.** | *Единство со Христа* |
| *10. Понеделник* | **Матеј 5,3.** | *Помош за сиромашните со Дух* |
| *11. Вторник* | **Јован 3,3.** | *Неопходна е промена на срцето* |
| *12. Среда* | **Матеј 18,2.3.** | *Благословите се излеваат на понизниот* |
| *13. Четврток* | **Ефесјаните 4,22-24.** | *Сосема нов живот* |
| *14.. Петок* | **Евреите 12,14.** | *Светоста на животот* |
| *15. Сабота* | **Ефесјаните 3,16.** | *Зајакнати со Духом* |

## ДА ОДИМЕ ПО НЕГОВИТЕ СТАПКИ

| | | |
|---|---|---|
| *16. Недела* | **Псалм 17,15.** | *Чудесно преобразување на карактерот* |
| *17. Понеделник* | **Римјаните 6,4.** | *Примерот на нашиот Господ* |
| *18. Вторник* | **Матеј 3,16.17.** | *„Ова е мојот возљубен Син“* |
| *19. Среда* | **Јован 3,5.** | *Родени од вода и Дух* |
| *20. Четврток* | **Римјаните 6,3.** | *Крстени во Неговата смрт и воскресение* |
| *21. Петок* | **Колошаните 3,1.** | *Да одиме по неговите стапки* |
| *22. Сабота* | **Дела 22,16.** | *Кога е соодветно повторно крштавање* |

## НЕ СЕ СРАМИМЕ ОД ИСУСА

| | | |
|---|---|---|
| *23. Недела* | **Матеј 28,19.** | *Заповед на нашиот Господ* |
| *24. Понеделник* | **2. Коринќаните 3,18.** | *Променети со гледање* |
| *25. Вторник* | **Лука 9,23.** | *Да го земеме својот крст* |
| *26. Среда* | **Псалм 119,101.** | *Развивање на добрите навики* |
| *27. Четврток* | **Римјаните 1,16.** | *Не се срамиме од Исуса* |
| *28. Петок* | **Филипјаните 2,13.** | *Исправно вежбање на волјата* |
| *29. Сабота* | **Галатјаните 6,7.** | *Време на сетва во животот* |

## НЕ ОБЕСХРАБРУВАЈТЕ СЕ!

| | | |
|---|---|---|
| *30. Недела* | **Исус Навин 1,9.** | *Не обесхрабрувајте се!* |
| *31. Понеделник* | **2. Петрово 1,10.** | *Полиса на вашето животно осигурување* |

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – ЈУНИ

# ОВДЕ И ВО ВЕЧНОСТА

## РАЗБУДЕНА СОВЕСТ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Вторник* | **Псалм 90,12.** | *Времето како драгоцен „талант“* |
| *2. Среда* | **Римјаните 12,11.** | *Лек против мрзеливоста* |
| *3. Четврток* | **Мудри изреки 3,9.10.** | *Вистинската вредност на парите* |
| *4. Петок* | **1. Коринќаните 15,34.** | *Разбудена совест* |
| *5. Сабота* | **Дела 20,35.** | *Добротворства во животот* |

## ИЗВОР НА СЕОПФАТЕН ЖИВОТ

| | | |
|---|---|---|
| *6. Недела* | **Лука 19,17.** | *Верни во малите работи* |
| *7. Понеделник* | **Псалм 36,9.** | *Извор на сеопфатен живот* |
| *8. Вторник* | **Псалм 100,3.** | *Тој се грижи за нас во секој момент* |
| *9. Среда* | **Филипјаните 3,14.** | *Големата цел на животот* |
| *10. Четврток* | *Проповедник 12,1.* | *Имаме само еден живот* |
| *11. Петок* | **Исаија 42,16.** | *Зад животната сцена* |
| *12. Сабота* | **Проповедник 9,10.** | *Живејте додека имате прилика* |

## СВЕТЛИНА ВО ТЕМНИНА

| | | |
|---|---|---|
| *13. Недела* | **Колошаните 3,2.** | *Да го бараме небесното богатство* |
| *14. Понеделник* | **5. Мојсеева 32,29.** | *Стрелата на смртта* |
| *15. Вторник* | **Плач 3,32.33.** | *Светлина во темнина* |
| *16. Среда* | **Откровение 14,13.** | *Нашите благословени умрени* |
| *17. Четврток* | **Јов 4,17.** | *Човекот е само смртник* |
| *18. Петок* | **Проповедник 9,5.6.** | *Човековата состојба по смртта* |
| *19. Сабота* | **Матеј 10,28.** | *Добрината во Божјата правда* |

## СЕГА Е БОЖЈЕТО ВРЕМЕ

| | | |
|---|---|---|
| *20. Недела* | **Езекиел 18,4.** | *Делот на безбожните* |
| *21. Понеделник* | **Мудри изреки 21,6.** | *Вродената бесмртност е лага* |
| *22. Вторник* | **2. Коринќаните 6,2.** | *Сега е Божјето време* |
| *23. Среда* | **1. Коринќаните 15,19.20.** | *Христос како првенец* |
| *24. Четврток* | **2. Коринќаните 5,4**. | *„Победата ја проголта смртта“* |
| *25. Петок* | **Даниел 12,2.** | *Посебно воскресение* |
| *26. Сабота* | **1. Солуњаните 4,14.** | *Воскресението и бесмртноста* |

## ДАРОДАВЕЦОТ НА ЖИВОТОТ ДОАЃА

| | | |
|---|---|---|
| *27. Недела* | **Псалм 37,9.** | *Воскресение или осуда на проклетство* |
| *28. Понеделник* | **Јов 14,14.** | *Дародавецот на животот доаѓа* |
| *29. Вторник* | **1. Солуњаните 4,13.** | *Тагување со надеж* |
| *30. Среда* | **1. Јованово 5,11.12.** | *Штом започне вечниот живот* |

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Април*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Цар. 4-6 |
| 2. | 7-9 |
| **3.** | 10-12 |
| | |
| 4. | 13-16 |
| 5. | 17-19 |
| 6. | 20-22 |
| 7. | 2. Цар. 1-3 |
| 8. | 4-6 |
| 9. | 7-9 |
| **10.** | 10-12 |
| | |
| 11. | 13-16 |
| 12. | 17-19 |
| 13. | 20-22 |
| 14. | 23-25 |
| 15. | 1. Днев. 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| **17.** | 7-9 |
| | |
| 18. | 10-14 |
| 19. | 15-17 |
| 20. | 18-20 |
| 21. | 21-23 |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-29 |
| **24.** | 2. Днев. 1-3 |
| | |
| 25. | 4-7 |
| 26. | 8-10 |
| 27. | 11-13 |
| 28. | 14-16 |
| 29. | 17-19 |
| 30. | 20-22 |

## *Мај*

| | |
|---|---|
| **1.** | 2. Днев. 23-25 |
| | |
| 2. | 26-30 |
| 3. | 31-33 |
| 4. | 34-36 |
| 5. | Ezdra 1-3 |
| 6. | 4-6 |
| 7. | 7-10 |
| **8.** | Немија 1-3 |
| | |
| 9. | 4-7 |
| 10. | 8-11 |
| 11. | 12-13 |
| 12. | Естира 1-3 |
| 13. | 4-6 |
| 14. | 7-10 |
| **15.** | За Јов 1-3 |
| | |
| 16. | 4-8 |
| 17. | 9-11 |
| 18. | 12-14 |
| 19. | 15-17 |
| 20. | 18-20 |
| 21. | 21-23 |
| **22.** | 24-26 |
| | |
| 23. | 27-30 |
| 24. | 31-33 |
| 25. | 34-36 |
| 26. | 37-39 |
| 27. | 40-42 |
| 28. | Псалм 1-3 |
| **29.** | 4-6 |
| | |
| 30. | 7-11 |
| 31. | 12-14 |

## *Јуни*

| | |
|---|---|
| 1. | Псалм 15-17 |
| 2. | 18-20 |
| 3. | 21-23 |
| 4. | 24-26 |
| **5.** | 27-29 |
| | |
| 6. | 30-34 |
| 7. | 35-37 |
| 8. | 38-40 |
| 9. | 41-43 |
| 10. | 44-46 |
| 11. | 47-49 |
| **12.** | 50-52 |
| | |
| 13. | 53-57 |
| 14. | 58-60 |
| 15. | 61-63 |
| 16. | 64-66 |
| 17. | 67-69 |
| 18. | 70-72 |
| **19.** | 73-75 |
| | |
| 20. | 76-80 |
| 21. | 81-83 |
| 22. | 84-86 |
| 23. | 87-89 |
| 24. | 90-92 |
| 25. | 93-95 |
| **26.** | 96-98 |
| | |
| 27. | 99-103 |
| 28. | 104-106 |
| 29. | 107-109 |
| **30.** | 110-114 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

## *Айрил*

1\. Псалм 78,43-56
2\. Псалм 78,57-72
**3.** Псалм 79
4\. Псалм 80
5\. Псалм 81
6\. Псалм 82
7\. Псалм 83
8\. Псалм 84
9\. Псалм 85
**10.** Псалм 86
11\. Псалм 87
12\. Псалм 88
13\. Псалм 89,1-13
14\. Псалм 89,14-26
15\. Псалм 89,27-39
16\. Псалм 89,40-52
**17.** Псалм 90
18\. Псалм 91
19\. Псалм 92
20\. Псалм 93.
21\. Псалм 94
22\. Псалм 95
23\. Псалм 96
**24.** Псалм 97
25\. Псалм 98
26\. Псалм 99
27\. Псалм 100
28\. Псалм 101
29\. Псалм 102,1-14
30\. Псалм 102,15-28

## *Мај*

**1.** Псалм 103
2\. Псалм 104,1-18
3\. Псалм 104,19-35
4\. Псалм 105,1-15
5\. Псалм 105,16-31
6\. Псалм 105,32-45
7\. Псалм 106,1-16
**8.** Псалм 106,17-32
9\. Псалм 106,33-48
10\. Псалм 107,1-21
11\. Псалм 107,22-43
12\. Псалм 108
13\. Псалм 109,1-16
14\. Псалм 109,17-31
**15.** Псалм 110
16\. Псалм 111
17\. Псалм 112
18\. Псалм 113
19\. Псалм 114
20\. Псалм 115
21\. Псалм 116
**22.** Псалм 117
23\. Псалм 118,1-14
24\. Псалм 118,15-29
25\. Псалм 119,1-34
26\. Псалм 119,35-63
27\. Псалм 119,64-90
28\. Псалм 119,91-117
**29.** Псалм 119,118-143
30\. Псалм 119,144-176
31\. Псалм 120

## *Јуни*

1\. Псалм 121
2\. Псалм 122
3\. Псалм 123
4\. Псалм 124.
**5.** Псалм 125
6\. Псалм 126
7\. Псалм 127
8\. Псалм 128
9\. Псалм 129
10\. Псалм 130
11\. Псалм 131
**12.** Псалм 132
13\. Псалм 133
14\. Псалм 134
15\. Псалм 135
16\. Псалм 136,1-14
17\. Псалм 136,14-26
18\. Псалм 137
**19.** Псалм 138
20\. Псалм 139
21\. Псалм 140
22\. Псалм 141
23\. Псалм 142
24\. Псалм 143
25\. Псалм 144
**26.** Псалм 145
27\. Псалм 146
28\. Псалм 147
29\. Псалм 148
30\. Псалм 149

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| АПРИЛ 2021 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
| | **2.** | **9.** | **16.** | **23.** | **30.** |
| Виница | 18:56 | 19:04 | 19:11 | 19:19 | 19:27 |
| Колешино | 18:54 | 19:02 | 19:09 | 19:17 | 19:25 |
| Стар Дојран | 18:55 | 19:02 | 19:10 | 19:17 | 19:25 |
| Куманово | 18:59 | 19:07 | 19:15 | 19:23 | 19:30 |
| Неготино | 18:57 | 19:05 | 19:12 | 19:20 | 19:28 |
| Струмица | 18:55 | 19:03 | 19:10 | 19:18 | 19:25 |
| Кочани | 18:56 | 19:04 | 19:12 | 19:20 | 19:27 |
| Велес | 18:59 | 19:06 | 19:14 | 19:22 | 19:29 |
| Кавадарци | 18:58 | 19:05 | 19:13 | 19:20 | 19:28 |
| Дебар | 19:04 | 19:11 | 19:19 | 19:26 | 19:34 |
| Скопје | 19:00 | 19:08 | 19:16 | 19:24 | 19:31 |
| Битола | 19:00 | 19:07 | 19:15 | 19:22 | 19:30 |
| Кичево | 19:02 | 19:09 | 19:17 | 19:25 | 19:32 |
| Лаки | 18:55 | 19:03 | 19:11 | 19:18 | 19:26 |
| Чифлик | 18:57 | 19:04 | 19:12 | 19:19 | 19:27 |
| Штип | 18:57 | 19:05 | 19:12 | 19:20 | 19:28 |
| Тетово | 19:02 | 19:10 | 19:18 | 19:25 | 19:33 |
| Јегуновце | 19:02 | 19:09 | 19:17 | 19:25 | 19:33 |
| Росоман | 18:58 | 19:06 | 19:13 | 19:21 | 19:28 |
| Гевгелија | 18:55 | 19:03 | 19:10 | 19:18 | 19:25 |
| Свети Николе | 18:58 | 19:06 | 19:14 | 19:21 | 19:29 |
| Делчево | 18:55 | 19:03 | 19:10 | 19:18 | 19:26 |
| Валандово | 18:55 | 19:03 | 19:10 | 19:18 | 19:25 |
| Охрид | 19:02 | 19:10 | 19:17 | 19:25 | 19:32 |
| Радовиш | 18:56 | 19:04 | 19:11 | 19:19 | 19:26 |
| Прилеп | 18:59 | 19:07 | 19:14 | 19:22 | 19:30 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МАЈ 2021 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 7. | 14. | 21. | 28. |
| Виница | 16:50 | 19:42 | 19:49 | 19:55 |
| Колешино | 16:49 | 19:39 | 19:46 | 19:52 |
| Стар Дојран | 16:50 | 19:39 | 19:46 | 19:52 |
| Куманово | 16:52 | 19:46 | 19:53 | 19:59 |
| Неготино | 16:52 | 19:42 | 19:49 | 19:55 |
| Струмица | 16:50 | 19:40 | 19:47 | 19:53 |
| Кочани | 16:50 | 19:42 | 19:49 | 19:55 |
| Велес | 16:53 | 19:44 | 19:51 | 19:57 |
| Кавадарци | 16:53 | 19:43 | 19:49 | 19:55 |
| Дебар | 16:58 | 19:49 | 19:56 | 20:02 |
| Скопје | 16:54 | 19:46 | 19:53 | 20:00 |
| Битола | 16:56 | 19:44 | 19:51 | 19:57 |
| Кичево | 16:57 | 19:47 | 19:54 | 20:00 |
| Лаки | 16:49 | 19:41 | 19:48 | 19:54 |
| Чифлик | 16:52 | 19:42 | 19:48 | 19:54 |
| Штип | 16:51 | 19:43 | 19:49 | 19:56 |
| Тетово | 16:56 | 19:48 | 19:55 | 20:01 |
| Јегуновце | 16:55 | 19:48 | 19:55 | 20:01 |
| Росоман | 16:53 | 19:43 | 19:50 | 19:56 |
| Гевгелија | 16:51 | 19:40 | 19:47 | 19:53 |
| Свети Николе | 16:52 | 19:44 | 19:51 | 19:57 |
| Делчево | 16:48 | 19:41 | 19:48 | 19:54 |
| Валандово | 16:51 | 19:40 | 19:47 | 19:53 |
| Охрид | 16:58 | 19:47 | 19:53 | 19:59 |
| Радовиш | 16:50 | 19:41 | 19:48 | 19:54 |
| Прилеп | 16:55 | 19:44 | 19:51 | 19:57 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ЈУНИ 2021 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **МЕСТО** | **ДАТУМ** | | | |
| | ***4.*** | ***11.*** | ***18.*** | ***25.*** |
| **Виница** | **20:00** | **20:05** | **20:07** | **20:09** |
| **Колешино** | **19:57** | **20:02** | **20:04** | **20:06** |
| **Стар Дојран** | **19:57** | **20:01** | **20:04** | **20:06** |
| **Куманово** | **20:04** | **20:09** | **20:12** | **20:13** |
| **Неготино** | **20:01** | **20:05** | **20:08** | **20:09** |
| **Струмица** | **19:58** | **20:02** | **20:05** | **20:07** |
| **Кочани** | **20:01** | **20:05** | **20:08** | **20:09** |
| **Велес** | **20:03** | **20:07** | **20:10** | **20:11** |
| **Кавадарци** | **20:01** | **20:05** | **20:08** | **20:09** |
| **Дебар** | **20:07** | **20:11** | **20:14** | **20:15** |
| **Скопје** | **20:05** | **20:09** | **20:12** | **20:13** |
| **Битола** | **20:02** | **20:06** | **20:09** | **20:11** |
| **Кичево** | **20:05** | **20:09** | **20:12** | **20:14** |
| **Лаки** | **19:59** | **20:04** | **20:07** | **20:08** |
| **Чифлик** | **20:00** | **20:04** | **20:07** | **20:08** |
| **Штип** | **20:01** | **20:05** | **20:08** | **20:10** |
| **Тетово** | **20:07** | **20:11** | **20:14** | **20:15** |
| **Јегуновце** | **20:06** | **20:11** | **20:14** | **20:15** |
| **Росоман** | **20:01** | **20:06** | **20:08** | **20:10** |
| **Гевгелија** | **19:58** | **20:02** | **20:05** | **20:06** |
| **Свети Николе** | **20:02** | **20:07** | **20:10** | **20:11** |
| **Делчево** | **20:00** | **20:04** | **20:07** | **20:08** |
| **Валандово** | **19:58** | **20:02** | **20:05** | **20:07** |
| **Охрид** | **20:05** | **20:09** | **20:12** | **20:13** |
| **Радовиш** | **20:00** | **20:04** | **20:07** | **20:08** |
| **Прилеп** | **20:02** | **20:07** | **20:09** | **20:11** |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ

























Дописната библиска школа – „Библијата зборува“ е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Сторијата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

## МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).**

# ИНТЕРАМЕРИКАНСКА ДИВИЗИЈА




| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| Дивизиска црква | 1 | 0 | 145 | / |
| Атлантско-карипска мисија | 86 | 4 | 31.577 | 494.000 |
| Белизејска мисија | 95 | 38 | 47.043 | 408.000 |
| Карипска унија | 635 | 114 | 248.979 | 3.864.000 |
| Централна мексиканска мисија | 250 | 151 | 87.829 | 45.609.047 |
| Чиапашка унија | 1.340 | 1.838 | 252.071 | 6.609.679 |
| Кубанска унија | 343 | 146 | 36.973 | 11.212.000 |
| Доминиканска унија | 929 | 444 | 353.763 | 10.400.000 |
| Холандско-карипска мисија | 37 | 6 | 9.798 | 285.000 |
| Источна венецуелска мисија | 593 | 270 | 183.451 | 13.881.589 |
| Ел Салвадор, мисија | 796 | 204 | 195.792 | 6.454.000 |
| Француски Антили-Гвајана, унија | 143 | 24 | 29.438 | 1.093.000 |
| Гватемалска мисија | 1.017 | 273 | 236.216 | 17.581.000 |
| Хаиќанска мисија | 612 | 512 | 480.496 | 11.263.000 |
| Хондурска мисија | 471 | 227 | 102.008 | 9.746.000 |
| Интерокеанска мексиканска унија | 1.760 | 1.392 | 204.506 | 26.188.376 |
| Јамајканска унија | 696 | 35 | 319.066 | 2.811.000 |
| Северна колумбиска унија | 1.002 | 573 | 127.840 | 21.751.493 |
| Северна мексиканска унија | 688 | 411 | 156.197 | 40.995.962 |
| Панамска мисија | 371 | 232 | 91.374 | 4.219.000 |
| Порториканска унија | 312 | 8 | 33.303 | 3.059.000 |
| Југоцентрална американска мисија | 528 | 325 | 116.481 | 11.606.000 |
| Јужна колумбиска унија | 756 | 316 | 158.291 | 28.622.507 |
| Југоисточна мексиканска мисија | 588 | 588 | 77.717 | 7.173.935 |
| Западновенецуелска мисија | 659 | 262 | 173.834 | 14.634.411 |
| **ВКУПНО** | **14.708** | **8.393** | **3.754.188** | **299.962.000** |

**ПРОЕКТИ:**

Отворање центри на влијание „Подобар живот“ во тринаесет места.